**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1149**

**Скопје, 30 јуни 2017 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1149 од 30 јуни 2017 година**


**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Трајче Велковски)**...............................................7-13
2. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Бојан Јовановски)**..........................................................................................14-19

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридси“ во Скопје **(д-р Билјана Маленко)**......................................................................20-29

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Драги Рашковски)**.............................................................................................30

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на ботаниката и физиологијата на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Соња Гаџовска-Симиќ)**............................................................................................31-82
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Ивана Лазеска)**......................................83

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (хармоника), за наставните предмети: Хармоника, Камерна музика и Литература за хармоника на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос **(м-р Зорица Каракутовска)**..........................................................................................84-98
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Рита Поповиќ)**...................................................................99-110
3. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областите теорија на музиката и солфеж, во постојан работен однос, на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Снежана Димчевска)**..111-125

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): средновековна византиска уметност, национална уметност во турскиот период, византиска иконографија и семиотика и ликовна семиотика –

родова перспектива на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Анета Серафимова)**......................................................126-155
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни во наставно-научната област (дисциплина) педагогија и андрагогија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Елена Ризова)**......................................................156-185
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век** од **м-р Сузи Тенева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје......................................................186-190

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-стручно звање по руски јазик (наставно-научни области: славистика и преведување) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Екатерина Терзијоска)**.......191-200
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплицитно проучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активностите за обработка на инпут** од **м-р Весна Коцева,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје......................................................201-207

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Јованка Станчиќ)**......................................................208

## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор во звањето научен советник – редовен професор во Институтот за национална историја во Скопје **(Драгица Поповска)**..........................209-218

## ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски теми за Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Ваљон Садики, Ивана Најдоска)**......................................................219

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр.02-464/2 од 3.4.2017 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент.

На конкурсот за избор во наставно–научни и соработнички звања, објавен од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 28.2.2017 год., во дневните весници ,,Нова Македонија" и ,,Коха", се пријави м-р Трајче Велковски, дипл. маш. инж., вработен како асистент на Институтот за производно инженерство и менаџмент при Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Трајче Велковски е роден на 1.5.1985 год. во Скопје. По завршеното основно образование со одличен успех се запишал во гимназијата ,,Никола Карев" во Скопје. Средното образование го завршил во 2003 година. Истата година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. **Додипломските студиите** ги завршил со постигнат **среден успех 9,74.** По предметите од научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент, има покажано особен интерес и залагање и сите испити ги има положено со оценка 10 (десет).

Дипломирал помеѓу првите од својата генерација и на 28.2.2008 година успешно ја одбранил дипломската работа под наслов „Организација на процесот на барање работа" со оценка 10 (десет). Од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје е прогласен за еден од најдобрите студенти во генерацијата во I (прва), III (трета) и IV (четврта) студиска година, за што му се доделени пофалници за постигнатиот успех. За време на своето факултетско образование бил корисник на стипендија која ја доделува Министерството за образование и наука на Р Македонија.

По завршувањето на додипломските студии го продолжува својот ангажман на Машинскиот факултет преку Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за кариера, каде што уште во првите четири месеци обучил повеќе од 1 200 студенти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на тема: „Како се бара работа?“ и имал активно учество во организацијата на 1. Меѓународна конференција за претприемаштво, иновации и регионален развој (ICEIRD 2008).

Во 2008 година се запишал на **постдипломските студии** на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за производно инженерство и менаџмент, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. Постдипломските студии ги завршил со највисок **среден успех 10 (десет).**

Магистерската работа со наслов „Анализа на професионалните компетенции согласно барањата на стопанството“, изработена под менторство на проф. д-р Радмил Поленаковиќ, ја одбранил на 4.5.2011 на Машинскиот факултет во Скопје.

По одбраната на магистерската работа повторно зема активно учество во во организацијата на 4. Меѓународна конференција за претприемаштво, иновации и регионален развој (ICEIRD 2011) одржана од 5 до 7 мај 2011 година во Охрид, Република Македонија.

Покрај формалното образование, кандидатот има посетувано и повеќе обуки за подобрување на неговите способности и надградување на неговото професионално знаење. Трајче Велковски има одлично познавање и на англискиот јазик.

За време на своето студирање и работење има остварено повеќе студиски престои на странските универзитети. Кандидатот покажал значителен интерес за професионален ангажман, најпрво како практикант во Центарот за развој на нови бизниси на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (2006-2007), потоа преку реализацијата на 3-месечна практика (2006 година) во АД Македонски телеком. По завршувањето на практиката, го продолжил ангажманот во Центарот за развој на нови бизниси, и зема активно учество во проектот за развој на нова производна програма и примена на нова технологија преку оптимизација на протокот на материјали во производниот процес во компанијата TING-INOX во Кочани, под менторство на проф. д-р Делчо Јованоски.

Во текот на студирањето на постдипломските студии има искуство како предавач на Универзитетот во Нови Сад, на специјалистичките студии за човечки ресурси и на UNESCO-катедрата за претприемаштво, студиска програма за постдипломски студии.

Во моментот е активно вклучен во неколку проекти на Машинскиот факултет во Скопје, ангажиран е во Центарот за развој на нови бизниси, Центарот за кариера на Машинскиот факултет, Центарот за поддршка на истражување и развој, како и во Центарот за компетенции. Покрај тоа, во изминатите 3 студиски години постојано е вклучен и во промотивните активности на Факултетот.

Трајче Велковски од декември 2011 год. е вработен на Машинскиот факултет во Скопје, при Институтот за производно инженерство и менаџмент, како помлад асистент на истиот Институт. Во септември 2014 е избран во звањето асистент на Машинскиот факултет во Скопје, при Институтот за производно инженерство и менаџмент. Покрај ангажманот

со вежби на предметите кои ги покрива на Институтот за производно инженерство и менаџмент, Трајче Велковски активно е вклучен во научноистражувачката и апликативната дејност како на Институтот, така и на Факултетот. Тој е директно инволвиран во апликативната дејност на телото за безбедност и здравје при работа на Машинскиот факултет во Скопје и од 25.6.2014, со полагањето на стручниот испит за безбедност при работа, со решение од министерот за труд и социјална политика, назначен е за стручно лице за безбедност при работа.

Трајче Велковски во мај 2013 година земал активно учество во организацијата на меѓународната конференција „Безбедносен инженеринг во функција на подобрување на условите за работа“ како секретар на програмскиот комитет. Исто така, во октомври 2015 година како технички уредник и член на организацискиот одбор бил активно вклучен во организацијата на меѓународната конференција на тема „Бонтон во безбедност и здравје при работа“.

Трајче Велковски има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: Microsoft: Project, Word, Excel, Power Point, Access; како и програмите SolidWorks, AutoCAD и Q Form. Некои од нив ги користи и како активни помагала при одржувањето на вежбите на Машинскиот факултет во Скопје.

Во 2012 година се запишал на Докторската школа на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката за индустриско инженерство и менаџмент, со поле на истражување во областа на безбедност и здравје при работа.

Кандидатот има добиено стипендија преку CEEPUS-програмата со која има остварено два месеца (од 1.12.2016 до 31.1.2017) студиски престој во Универзитетот во Нови Сад, Србија, на Факултетот за технички науки, како и уште една стипендија преку истата програма за два месеца (од 1.6.2017 до 31.07.2017) студиски престој на Универзитетот во Љубљана, Словенија, на Машинскиот факултет.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Трајче Велковски, во досегашниот период на работа на Машинскиот факултет во Скопје, учествувал во спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во досегашниот период успешно ги одржуваше вежбите по следниве предмети:

1. Производни технологии
2. Обработка со деформација
3. Производни и услужни процеси
4. Дизајн на алати и системи за пластични маси
5. Ергономија
6. Медицинско инженерство
7. Сае
8. Неконвенционални методи на обработка
9. Технологија на брзи прототипови, модели и алати
10. 3д-инженерство
11. Алати за пластична деформација
12. Моделирање процеси од пластична обработка
13. Компјутерско моделирање на процеси со обликување
14. Компјутерско моделирање на алати за пластични маси.

Дел од предметите по кои одржувал вежби се застапени во првите години од студиите, поради што бил ангажиран со голем број часови.

Кандидатот м-р Трајче Велковски покажува особена способност за пренесување на знаењата на студентите. Треба да се потенцира завидното познавање на кандидатот на наставната проблематика, коректниот однос кон студентите и одличната комуникација со нив.

## III. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од последниот избор, кандидатот Трајче Велковски продолжи успешно да учествува во научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот, што резултира со 10 научни труда, 2 уредништва, коректури и компјутерски обработка на публикации, 1 соработништво на публикации, 2 монографии и една публикација во наставни материјали, приложени во табелата:

| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
|---|---|
| **Ред. број** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научни собири** |
| 1. | B. Jovanovski, I. Nikoloski, R. Polenakovik, **T. Velkovski**, E. Ivanovic: “Training needs of women entrepreneurs in the Western Balkans, Turkey and Moldova”, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.32, No 1, 2014 |
| 2. | B. Jovanovski, I. Nikoloski, R. Polenakovik, **T. Velkovski**, E. Ivanovic: “Reducing kills mismatch as a key for increasing the regional competitiveness of women entrepreneurship in Southeast Europe”, Proceedings of 7th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, ICERID 2014, 5-6 June 2014, Nicosia, Cyprus |
| 3. | R. Polenakovik, A. Kochov, R. Minovski, V. Gechevska, J. Caloska, B.R. Jovanovski, **T. Velkovski**, B.D. Jovanoski: “Analysis of the experiences with student internships”, in T. Fiti, R. Polenakovik (editors): “How to increase employment of students and graduates? Conference Proceedings”, MANU and NCDIEL print, Skopje, 14 March 2014 (closing event for the project “Building capacities for better employability” funded by the UK Embassy in the Republic of Macedonia, MANU, April 2014 |
| 4. | **Velkovski T.,** Spasov P., Dudeski Lj., Chaloska J., “Analysis of the system of safety at work in opencast mines in “BUCIM”, Radovish, Republic of Macedonia”. 11th National conference with international participants, p. 30 – 36, Prolom, Serbia, 15-18 October 2014. |
| 5. | **Velkovski T.**, Chaloska J., Dudeski Lj.: “Model of Semi-Quantitative Risk Assessment for Safety at Work in Manufacturing Industry”, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.33, No 1, pp. 83-90, April 2015 |
| 6. | Jasmina Chaloska, Ljuben Dudeski, **Trajce Velkovski,**: “Overview of the Macedonian situation in the field of occupational safety and health and future recommendations”; ANNALS of Faculty Engineering Hunedoara – International Journal of Engineering Tome XIII [2015] – Fascicule 3 [August] |

| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Ред. број** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научни собири** |
| 7. | Михајло Иванов, Душко Станоески, **Трајче Велковски**, Јасмина Чалоска, Љубен Дудески, „СИСТЕМИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ЕВИДЕНЦИЈА ОД ОБЛАСТА - БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА“, Меѓународна конференција за регионална соработка-Бонтон во безбедност и здравје при работа, Охрид, Македонија, 29 – 31 октомври 2015. |
| 8. | Билјана Наумовска, Јасмина Чалоска, **Трајче Велковски,** „МОДЕЛ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТЕЊЕ СО ОПАСНИ ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИ“, Меѓународна конференција за регионална соработка-Бонтон во безбедност и здравје при работа, Охрид, Македонија, 29 – 31 октомври 2015. |
| 9. | **Трајче Велковски**, Јасмина Чалоска, Љубен Дудески, „АНАЛИЗА НА СИСТЕМОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ ПРИ РАБОТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА“, Меѓународна конференција за регионална соработка-Бонтон во безбедност и здравје при работа, Охрид, Македонија, 29 – 31 октомври 2015. |
| 10. | Mihajlo Ivanov, Dusko Stanoeski, Jasmina Caloska, **Trajce Velkovski**: “E- records system for occupational safety and health”, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.33, No 3, pp. 247-251, December 2015 |
| **Ред. број** | **Уредништво, коректура и компјутерска обработка на публикации** |
| 1. | Технички уредник, **Велковски Т.**; Меѓународна конференција за регионална соработка-Бонтон во безбедност и здравје при работа, Охрид, Македонија, 29 – 31 октомври 2015. |
| 2. | Технички уредник, **Велковски Т.**; “VII Balkan & Black Sea Conference Days Of Clusters”, Охрид, Македонија “, Охрид, Македонија, 22 – 24 Септември, 2016 |
| **Ред. број** | **Соработништво на публикации** |
| 1. | Polenakovik R., Jovanovski B., **Velkovski T.**, Stankovska I.: ”National Clusters Association of the Republic of Macedonia – Manual”, NCRIPU Print, Skopje, 2015 |
| **Ред. број** | **Монографии** |
| 1. | Polenakovik R., Jovanovski B., Stankovska I., **Velkovski T.**: “Cluster training needs analysis in the Republic of Macedonia – Report”, NCDIEL Print, Skopje, 2014 |
| 2. | Jasmina Caloska, Ljuben Dudeski, **Trajce Velkovski**: “Situational analysis in the field of occupational safety and health an future recommendations”; Chapter 16 from Monograph: “Methods and Techniques for Industrial Development”, Maribor-Slovenia 2015 |

| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Ред. број** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научни собири** |
| **Ред. број** | **Наставни материјали** |
| 1. | "Прирачник за користење на Jack Software 7.0" – водич за софтверска алатка за вежби по предметот Ергономија, Скопје, 2015 |

Трудовите со реден број 1 и 2 се однесуваат на истражувања од областа на потребите за обуки, како и анализа на потребните вештини за развој на женското претприемаштво во Југоисточна Европа и Западен Балкан.

Трудот со реден број 3 се однесува на истражување за искуствата со студентските практики и начинот на кој тие можат да ја зголемат вработливоста на студентите.

Трудот со реден број 4 е посветен на анализа на системите за безбедност при работа во рудници со површински коп. Во овој труд е направена анализа на рудникот БУЧИМ од Радовиш, како рудник со површински коп.

Трудот со реден број 5 се однесува на развојот на модел за семиквантитативна методологија за проценка на ризик во индустријата на производство преку организација на технолошките процеси. Со овој модел, авторот врши квантификација на квалитивните елементи од проценката на ризик преку што се намалува субјективноста на стручното лице при реализација на проценката на ризик. Целокупната методологија е заснована на систематскиот пристап на управување со технолошките процеси со цел за нивна оптимизација и придонес кон безбедното работење.

Трудовите со реден број 6 и 9 се посветени на областа на безбедност и здравје при работа, како и на евиденцијата на повредите при работа и превентивните мерки за зголемување на безбедноста при работа со опфат и на имплементацијата на системот за безбедност и здравје при работа во македонските компании како нивна конкурентска предност.

Трудовите со реден број 7 и 10 се посветени на истражување за зголемување на ефикасноста преку примената на електронски системи за евиденција во областа на безбедност и здравје при работа. Дополнително е направена и анализа на моменталната ситуација и законска регулатива за водење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа во Р Македонија.

Трудот со реден број 8 се однесува на истражување кое придонесува за развој на модел за зголемување на безбедноста при работа, со фокус на индустриите каде што се употребуваат опасни хемиски супстанции.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Трајче Велковски, дипл.маш.инж., од вработувањето на Машинскиот факултет до денес, успешно бил вклучен во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за производно инженерство и менаџмент, како и на Машинскиот факултет.

Анализата на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно- апликативните активности, неговиот сериозен пристап кон извршувањето на обврските, инвентивноста, трудољубивоста, кооперативноста со наставниците и залагањето во работата со студентите, дефинитивно потврдуваат дека кандидатот м-р Трајче Велковски, дипл.маш.инж., е исклучително квалитетен и перспективен научен работник.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, кандидатот м-р Трајче Велковски, дипл.маш.инж., да биде избран во звањето асистент при Институтот за производно инженерство и менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Јасмина Чалоска, Машински факултет – Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет – Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Љубен Дудески, Машински факултет – Скопје, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр.02-463/2 од 3.4.2017 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент.

На конкурсот за избор во наставно – научни и соработнички звања, објавен од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 28.2.2017 год., во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се пријави м-р Бојан Јовановски, дипл. маш. инж., вработен како асистент на Институтот за производно инженерство и менаџмент при Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Роден е на 11.5.1985 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование. Во периодот 1999-2003 година се школувал во природно-математичката гимназија „Никола Карев".

Во 2003 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. За време на своето студирање, за постигнатиот одличен успех во прва (9,75), трета (10,00) и четврта (10,00) година доделени му се пофалници од страна на Машинскиот факултет. По предметите од научната област што ги покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент, има покажано особен интерес и залагање и сите испити ги има положено со оценка 10 (десет).

**Дипломирал на 29.2.2008 година со среден успех 9,84.** Дипломската работа под наслов „Улогата на управување со снабдувачките синџири во деловната логистика", под менторство на вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, ја одбранил со оценка 10 (десет).

Поради своите добри резултати, за време на студиите корисник бил на стипендија за талентирани студенти, доделена од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Во 2008 година се запишал на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за производно инженерство и менаџмент, на насоката Индустриско инженерство и менаџмент. **Сите испити на постдипломските студии ги положил со оценка 10 (десет).**

Магистерската работа со наслов „Анализа на индикаторите кои ја определуваат иновативноста на ниво на држава/регион", изработена под менторство на вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, ја одбранил на 26.4.2011 на Машинскиот факултет во Скопје.

Покрај формалното образование, кандидатот има посетено и повеќе обуки за подобрување на неговите способности, а има и престојувано на неколку студиски престои во странство, и тоа: петмесечен и едномесечен престој на Универзитетот за применети науки „Јоанеум" во Грац, едномесечен престој на Универзитетот во Нови Сад, едномесечен престој на Универзитетот „Лудвиг Максимилиан" во Минхен, едномесечен

престој на Универзитетот во Марибор, два едномесечни престоја на Техничкиот универзитет во Грац, двонеделен престој на Универзитетот во Рим, како и повеќе кратки посети на универзитетите во Оксфорд, Леобен, Љубљана, Сараево, Зеница, Универзитетот во Црна Гора, како и светскиот лидер во претприемачко учење Бабсон - колеџот во Бостон, САД.

За време на студиите станал член на Меѓународното здружение на лица со натпросечен коефициент на интелигенција – MENSA, како и активен член на студентската организација ESTIEM. Сега преку ангажманот на Машинскиот факултет сè уште ги поддржува активностите на оваа студентска организација, но и на организациите: BEST, IASTE, AIESEC и AEGEE, со што придонесува за подобра промоција на Машинскиот факултет во Скопје и неговите активности и тела.

Уште за време на студиите покажал значителен професионален ангажман, најпрво како практикант во Центарот за развој на нови бизниси на Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (2006-2007), потоа преку реализацијата на 5-месечна практика (јуни – ноември 2007) во мултинационалната компанија МАН Фероштал во Есен, Германија, како стипендист на Германската влада. По враќањето, го продолжил ангажманот во Центарот за развој на нови бизниси, и зема активно учество во проектот за развој на нова производна програма и примена на нова технологија преку оптимизација на протокот на материјали во производниот процес во компанијата Тинг-инокс во Кочани, под менторство на проф. д-р Делчо Јованоски.

По завршувањето на додипломските студии го продолжува својот ангажман на Машинскиот факултет како демонстратор, но и преку ангажманот во Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за кариера, каде што уште во првите неколку месеци обучил 1200 студенти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на тема: „Како се бара работа“ и имал активно учество во организацијата на 1. Меѓународна конференција за претприемаштво, иновации и регионален развој, која се одржа во периодот 8-11 мај 2008.

Во периодот 2009 - 2014 година, Бојан Јовановски станува дел од проектите тимови на повеќе од 10 проекта во чија подготовка бил активно вклучен, а од 2014 година бил активно вклучен во следните проекти:

- **„Длабински обуки за автомобилскиот и метало-преработувачкиот кластер“** – проект на Министерството за економија на Република Македонија, јули – ноември 2014;
- **„Мрежа за поддршка на млади претприемачи“**, финансиран од ИПА - фондовите, 2014 – 2015;
- **„Систематски пристапи за обуки за претприемачкиот екосистем“**, проект во рамките на Erasmus+ програмата, септември 2015 – август 2017;
- **„Студија за изводливост за основање на ново бизнис партнерство за производство на полжави во Македонија“** – проект на Австриската развојна агенција, февруари – јули 2017;
- **„Претставување на бизнис идеја пред борд на инвеститори–претприемачи и наставници – ментори од Град Скопје“** – проект на Град Скопје, 2015, 2016, 2017;
- **„Бугарско – македонска прекугранична соработка за градење капацитети за конкурентност и иновации“**, проект во рамки на програмата за прекугранична соработка поддржана од Европската Унија, октомври 2016 - јануари 2018.

Покрај овие проекти, во 2014 година е избран за помлад консултант за меѓународна развојна помош, со истражувачка улога во активностите за поддршка на развојот на Нова стратегија на Светска банка за Република Македонија за периодот 2015 - 2018. Во рамките на ангажманот бил дел од две значајни истражувања: „Постојна помош и научени лекции од меѓународните мултилатерални и билатерални донатори во Република Македонија“ и „Фактори за успешност кои влијаат на растот во приходи, број на вработени, извоз и иновации кај малите и средни претпријатија“. Во 2015 е назначен за национален експерт за имплементацијата на „Европскиот акт за мали бизниси“ со фокус на димензиите за човечкиот капитал, со задача-проценка на Република Македонија и рецензија на

состојбата во Босна и Херцеговина.

Покрај наведениот ангажман, од 2009, Бојан Р. Јовановски е и надворешен соработник во компанијата „Евроинс осигурување" како проценител на машински штети. Активен е и во работата со младински организации, во периодот од 2008 до 2011 година е ангажиран во **Бизнис без граници** (Business without borders), а во периодот од 2010 до 2012 година во **Младински образовен форум,** каде што има можност да обучува млади луѓе низ целата држава на теми поврзани со развој на нивните кариери и започнување и развој на нови бизниси.

Во досегашната кариера, самостојно или како дел од тим учествувал во изработката на неколку стручни и научни труда, монографии и публикации.

Од приложените уверенија може да се констатира дека кандидатот активно го познава англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик.

Има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: Microsoft: Project, Word, Excel, Visio, Power Point, Access, а се служи и со програмите C++, AutoCAD и SolidWorks. Некои од нив ги користи и како активни помагала при одржувањето на вежбите.

Кандидатот е активно ангажиран во Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за кариера на Машинскиот факултет, како и во Центарот за поддршка на истражување и развој и Центарот за компетенции. Дополнително, повеќе од 10 студиски години (од 2005) кандидатот е активен и во промотивните активности на Факултетот, на почетокот како помошник, а по вработувањето на Факултетот и како член на работните групи.

Од 2012 година, кандидатот е запишан на докторски студии на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент. Истражувањето во областа на иновацискиот менаџмент е со фокус на анализа на факторите кои влијаат на иновативноста на микро- и мали претпријатија. Во рамките на докторските студии кандидатот оствари подолги студиски посети на Универзитетот во Марибор, Словенија (јули 2012), Техничкиот универзитет ви Грац, Австрија (јануари 2013 и јули 2013) и Универзитетот за применети науки „Јоанеум" во Грац, Австрија (јули – ноември 2016 и март 2017). Кандидатот, своето истражување успешно го претстави на докторски семинар, и преку два стручни труда, на докторските конференции организирани во рамките на Школата, како и преку трудовите објавени на меѓународни научни собири и меѓународни списанија.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Бојан Р. Јовановски, во досегашниот период на работа на Машинскиот факултет во Скопје, учествувал во спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во досегашниот период успешно ги одржуваше вежбите по следниве предмети:

1. Основи на менаџмент 2
2. Проектен менаџмент
3. Претприемништво и мал бизнис
4. Менаџмент на малиот бизнис
5. Деловна логистика
6. Менаџмент на заштита на животната средина
7. Менаџмент на одржувањето
8. Инженерска економика
9. Основи на менаџмент 1
10. Компјутерско водење проекти
11. Еколошки менаџмент
12. Менаџмент
13. Инженерска анализа на трошоци
14. Производство, производи и услуги
15. Логистика и менаџмент на снабдувачките синџири
16. Организациско однесување.

Во досегашниот ангажман, кандидатот покажува исклучителна оспособеност за наставно-образовна дејност која може да се согледа преку постојаното иновирање на материјалите, пристапот во наставата, како и професионалниот однос кон студентите и наставниот кадар.
Како резултат на тоа, кандидатот добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети за студентите.

## III. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

По вработувањето на Машинскиот факултет, кандидатот Бојан Р. Јовановски продолжи со активното учество во научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот, што во периодот од изборот во звањето асистент резултира со 10 научни труда објавени на меѓународни конференции, 6 труда објавени во меѓународни научни списанија, коавторство во 3 дела од монографии, технички уредник на зборник за меѓународна конференција и соработништво во една публикација.

| Ред. број | Трудови објавени во зборник на трудови од научни собири |
|---|---|
| 1. | Jovanovski B., Nikoloski I., Polenakovik R., Velkovski T., Nikoloska E., “Reducing Skills Mismatch as a Key for Increasing the Regional Competitiveness of Women Entrepreneurs in SEE”, 7-th International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development- ICEIRD 2014, p.447-456, Nicosia, Cyprus, June 2014. |
| 2. | Gecevska V., Polenakovik R., Jovanovski B., Sutevski D.: “Innovativeness as SMEs Success Factor for Growth in Republic of Macedonia”, 6th International Conference on Mass Customization and Personalization n Central Europe (MCP-CE 2014), September 23-26, Novi Sad, Serbia |
| 3. | Polenakovik R., Stankovska I., Jovanovski B.: “Macedonian National Innovation System (NIS) – Main Challenges”, International Conference SMEs Development and Innovation: Building Competitive Future of South-Eastern Europe, 03-04 October 2014, Ohrid, Macedonia |
| 4. | Jovanovski B., Sutevski D., Polenakovik R., V. Gecevska, Stankovska I.: “Business Model as a Determinant for the Success of Macedonian SMEs”, 16th International Conference on Industrial Systems IS'14, October 15-17, 2014, Novi Sad-Andrevlje, Fruška Gora, Serbia |
| 5. | Sutevski D., Polenakovik R., Gecevska V., Jovanovski B., Stankovska I.: “SME’s Ownership, Location, Size, Age and Sector of Operation as Determinants of Suцcess – Case of the Republic of Macedonia”, 3rd International Scientific Conference – Contemporary Management Challenges and the Organizational Sciences, 24-25 October 2014, Bitola, Macedonia |
| 6. | Stankovska I., Jovanovski B. R., Gecevska V., Polenakovik R., Sutevski D.: “Strategic Approach for Assessment of International Donor Programmes for SMEs' Development”, Proceedings of Scientific-Technical Union of Mechanical Engineering Year XXIII, 11/174, Vol. 2, Sozopol, Bulgaria; 06/2015 |
| 7. | Polenakovik R., Jovanovski B.: “Smart Specialisation – Case of the Republic of Macedonia – Challenges and Opportunities”; VI Balkan & Black Sea Conference Days Of Clusters, Brasov, Romania, 22-23 October 2015 |
| 8. | Gecevska V., Caloska J, Polenakovik R., Jovanovski B.: “Relationship Between Lean Manufacturing and Safety Management Systems” – International Conference for Regional Cooperation OSH BON-TON, Ohrid, 29-31 October 2015 pp. 90 - 95 |
| 9. | Gecevska V., Jovanovski B.: “Product Modularization as an Aided Value Tool During New Product Development” – 7th International Conference on Mass Customization and Personalization in Central Europe (MCP-CE 2016), Novi Sad, 21-23 September 2016 |
| 10. | Stankovska I., Jovanovski B., Poleankovik R., Šuh I.: “Influence of the Cooperation with University on Firms' Innovativeness” –1st Regional Conference on Entrepreneurship and Open Innovation in University – Industry Collaboration - iDEAlab Conference 2016, Novi Sad, 21-23 September 2016 pp. 87-90 |

| Ред. Број | Трудови објавени во меѓународни научни списанија |
|---|---|
| 1. | Jovanovski B., Nikoloski I., Polenakovik R., Velkovski T., Ivanovic E.: "Training needs of women entrepreneurs in the Western Balkans, Turkey and Moldova", Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.32, No 1, 2014 |
| 2. | Polenakovik R., Stankovska I., Jovanovski B.: "Macedonian National Innovation System (NIS) – Main Challenges", Economic review: Journal of Economics and Business, November 2014, Vol XII |
| 3. | Jovanovski B. R., Sutevski D., Polenakovik R., Gecevska V., Stankovska I.: "Modelling The Success of Small and Medium Enterprises", Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.32, No 2, 2014 |
| 4. | Jovanovski B. R., Gecevska V., Polenakovik R., Sutevski D., Stankovska I.: "Methodology for Assessing the Donor Programs' Impact", Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.33, No 1, 2015 |
| 5. | Jovanovski B., Gecevska V., Polenakovik R., Sutevski D., Stankovska I.: "Business Model as a Success Factor for the Companies Growth"; ANNALS of Faculty Engineering Hunedoara – International Journal of Engineering Tome XIII [2015] – Fascicule 3 [August] |
| 6. | Gečevska V., Čaloska J., Polenakovik R., Donev V., Jovanovski R. B.: "Integration of Lean Principles and Safety Management System"; Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol.33, No 3, 2015, pp. 221-225 |

| Ред. Број | Делови од монографии |
|---|---|
| 1. | Gecevska V., Polenakovik R., Jovanovski B., Sutevski D.: *"Assessment of Donor Programmes' Impact to the Development of Macedonian SMEs"*; Chapter 18 from Monograph: "Methods and Techniques for Industrial Development", Maribor-Slovenia 2015 |
| 2. | Polenakovik R., Stojkov G., Andreev I., Jovanovski B., Velkovski T.: *"Development Of Program for Support of Entrepreneuership, Family and Small Business at the Municipality Level";* Chapter 18 from Monograph: "Methods and Techniques for Industrial Development", Maribor-Slovenia 2015 |
| 3. | Polenakovik R., Gecevska V., Sutevski D., Jovanovski B.: *"Analysis of the Business Model's Impact to the Success of Macedonian SMEs"*; Chapter 17 from Monograph: "Methods and Techniques for Industrial Development", Maribor-Slovenia 2015 |

| Ред. Број | Уредништво |
|---|---|
| 1. | Технички уредник, Јовановски Б.; "VII Balkan & Black Sea Conference Days Of Clusters", Охрид, Македонија ", Охрид, Македонија, 22 – 24 септември 2016. |

| Ред. број | Соработништво на публикации |
|---|---|
| 1. | Поленаковиќ Р., Јовановски Б., Велковски Т., Станковска И.: „Национална кластерска асоцијација на Република Македонија – Прирачник", НЦРИПУ Принт, Скопје, 2015. |

Трудот објавен во зборници на трудови со реден број 1 и трудот објавен во меѓународни научни списанија со реден број 1 се резултат на истражувањето на регионалните потреби за обуки кај компаниите во сопственост на жени претприемачи, дел од соработката помеѓу Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје и Центарот за претприемачко учење во Југоисточна Европа.

Трудовите објавени во зборници на трудови со реден број 6 и 7, како и трудот објавен во меѓународни научни списанија со реден број 4, претставуваат резултати од

истражувачките активности во насока на конкурентноста на претпријатијата на национално и регионално ниво.

Трудовите објавени во зборници на трудови со реден број 8, како и трудот објавен во меѓународно научно списание со реден број 6, претставуваат интердисциплинарни трудови кои се базираат на анализа на расположливата теорија, но го претставуваат интересот на кандидатот во поширока научна област.

Останатите трудови се од областа на развојот на иновациите и конкурентноста на малите и средните претпријатија, што е дел од главната област од наставно-научната дејност на кандидатот. Овие трудови се главно развиени со анализа на примарни податоци, добиени преку квантитативни и квалитативни анализи на македонски претпријатија.

Своето истражувачко и апликативно искуство кандидатот го преточил и во изработката на три дела од монографии, учествувал како технички уредник на зборник на трудови на меѓународна конференција од областа на развојот на регионалната конкурентност на претпријатијата и се појавува како соработник во публикација од истата област.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот
м-р Бојан Р. Јовановски, дипл. маш. инж., во досегашниот период на Машинскиот факултет успешно се справил со обврските во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за производно инженерство и менаџмент и на Машинскиот факултет. Притоа, покажал голема посветеност, креативност и проактивност, коректен однос и соработка со наставниот кадар на Факултетот, како и добра комуникација со студентите.

Согласно со направената детална анализа на приложениот материјал, а според Законот за високото образование на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Бојан Р. Јовановски, дипл. маш. инж., да биде избран во соработничкото звање асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент.

Рецензентска комисија

| | |
|---|---|
| Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет, УКИМ – Скопје | с.р. |
| Проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет, УКИМ – Скопје | с.р. |
| Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет, УКИМ – Скопје | с.р. |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): МАКЕДОНИСТИКА, ЛЕКСИКОЛОГИЈА, ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА И КОМУНИКОЛОГИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“и „Koha“ од 5 мај 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 294/3, донесена на 15.5.2017 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Благица Петковска, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Мито Спасевски, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, и д-р Снежана Веновска-Антевска, редовен професор во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина): македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија, во предвидениот рок се пријави проф. д-р Билјана Маленко.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Билјана Маленко, професор, доктор на филолошки науки, е родена на 11.8.1957 г., во Штип. Средно образование завршила во Скопје, во гимназијата „Јосип Броз – Тито“ во Скопје, во 1976 г. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во учебната 1979/1980 година. Дипломирала 1980 година, со просечен успех 9,00.

Кандидатката активно се служи со српскиот, полскиот и англискиот јазик.

Во учебната 1980/1981 г. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила во 1981/ 1982 година, со просечен успех 9,50. Во 1991 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Искажување на минатоста во народната проза (врз текстови на Марко Цепенков)*.

Докторска дисертација пријавила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во годината 1996. Дисертацијата на тема: *Штипскиот говор* ја одбранила на Филолошкиот факултет во 2002 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Стојка Бојковска, проф. д-р Живко Цветковски, проф. д-р Максим Каранфиловски, проф. д-р Катерина Велјановска и н. сов. д-р Марија Коробар. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област филолошки науки – дијалектологија.

Во 2003 година е избрана во звањето научен соработник / доцент во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, во областа дијалектологија.

Во моментот е редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1038/14.9.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.: 820/31.1.2003; 929/1.2.2007 г., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, кандидатката проф. д-р Билјана Маленко изведува настава и вежби на првиот циклус студии, на студиската програма за Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство (прв циклус студии). Програмски е вклучена и на вториот циклус студии (на Одделенска настава, Предучилишно воспитание).

Кандидатката била ментор на три дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 108 дипломски и на 3 магистерски труда.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов: „Практикум на македонски јазик со култура на изразувањето 1" и „Практикум на македонски јазик со култура на изразувањето 2".

### Научноистражувачка дејност

Д-р проф. Билјана Маленко има приложено податоци за вкупно 18 труда, вклучувајќи ги во нив објавен проект и усни презентации (на собири и јазични работилници). Таа објавила 12 научни труда (во последните 5 години) од областа на македонистиката, и на кои, како трудови од лингвистиката, им припаѓа епитетот трудови со оригинални научни резултати. 10 труда се објавени во зборници од меѓународни научни собири, а 2 труда се објавени во посебни лингвистички изданија.

Д-р Билјана Маленко била учесник во еден научен национален проект.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Билјана Маленко активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Врши стручна, лекторска активност поврзана со трудови на наставниците и наставата на Педагошкиот факултет. Таа била член на комисии за комисиско полагање на група предмети од студиската програма Одделенска настава, член на комисија за избор во наставно-научно звање, рецензент на учебник за потребите на Педагошкиот факултет при УКИМ (1), рецензент на универзитетски прирачник (1), рецензент на научноистражувачки проекти (3), член на комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2012 / 2013 година на Педагошкиот факултет и други комисии при Факултетот.

Кандидатката д-р Билјана Маленко остварила експертски активности во наставата по предметите: Македонски јазик со култура на изразувањето 1, Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за Одделенска настава), Македонски јазик со култура на изразувањето 1 и Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (Одделенска настава за етничките групи), Комуникација со култура на изразувањето (за Библиотекарство),

Лексикологија со фразеологија (за Предучилишно воспитание), Диференцијална граматика на македонскиот јазик (за Предучилишно воспитание), вежби за приведените наставни предмети, и предметни програми за Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на монографија за св. Климент Охридски, од Виолета Мартиновска. Била член на една рецензентска комисија за избор на лице во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Билјана Маленко, за студиските: 2013/2014; 2014/2015; 2015/2016 и 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Маленко.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Билјана Маленко поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област: македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Билјана Маленко да биде преизбрана во звањето редовен професор во научната област: македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Благица Петковска, претседател**
2. **Проф. д-р Мито Спасевски, член**
3. **Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, член**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**

Билјана Страхил Маленко

**Институција:**

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

**Научна област:**

македонистика, лексикологија, дијалектологија и комуникологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста | Поени |
|---|---|
| Настава прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 1, за Одделенска настава 3+2 (5 семестри 3 часа неделно 15 недели) | 9 |
| Настава прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 2, за Одделенска настава 3+2 (5 семестри 3 часа неделно 15 недели) | 9 |
| Настава прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 1, за Одделенска настава, за етничките групи 1+1 (5 семестри 1 час неделно 15 недели) | 3 |
| Настава прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 2, за Одделенска настава, за етничките групи 1+1 (5 семестри 1 час неделно 15 недели) | 3 |
| Настава прв циклус студии: Комуникација со култура на изразувањето, за Библиотекарство 2+2 (5 семестри 2 часа неделно 15 недели) | 6 |

| | |
|---|---|
| Настава прв циклус студии: Лексикологија со фразеологија, за Предучилишно воспитание 2+1 (3 семестри 2 часа неделно 15 недели) | 3,6 |
| Настава прв циклус студии: Диференцијална граматика на македонскиот јазик, за Предучилишно воспитание 2+1 (3 семестри 2 часа неделно 15 недели) | 3,6 |
| Вежби прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 1, за Одделенска настава 3+2 (5 семестри 2 часа неделно 15 недели) | 4,5 |
| Вежби прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 2, за Одделенска настава 3+2 (5 семестри 2 часа неделно 15 недели) | 4,5 |
| Вежби прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 1, за Одделенска настава, за етничките групи 1+1 (5 семестри 1 час неделно 15 недели) | 2,25 |
| Вежби прв циклус студии: Македонски јазик со култура на изразувањето 2, за Одделнска настава, за етничките групи 1+1 (5 семестри 1 час неделно 15 недели) | 2,25 |
| Вежби прв циклус студии: Лексикологија со фразеологија, за Предучилишно воспитание 2+1 (3 семестри 1 час неделно 15 недели) | 1,35 |
| Вежби прв циклус студии: Диференцијална граматика на македонскиот јазик, за Предучилишно воспитание 2+1 (3 семестри 1 час неделно 15 недели) | 1,35 |
| Консултации со студенти (677 студенти) | 1,354 |
| Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура – 3 | 0,9 |
| Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа–108 | 10,8 |
| Позитивно рецензиран практикум (коавтор): Практикум по македонски јазик со култура на изразувањето 1, 2016 | 3 |
| Позитивно рецензиран практикум (коавтор): Практикум по македонски јазик со култура на изразувањето 2, 2017 | 3 |
| Рецензент на универзитетски учебник од д-р Благица Петковска: Методика на наставата по предметот Македонски јазик (I-V | 1 |

| | |
|---|---|
| одделение) во основното училиште , УКИМ, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје 2012. | |
| Рецензент на универзитетски прирачник од д-р Благица Петковска и м-р Анита Штерјоска-Митреска: Говориме и пишуваме (Прирачник по јазична писменост од I до V одделение за студенти, наставници и обучувачи), Просветно дело, 2015. | 1 |
| Рецензент на научно-истражувачкиот проект на Благица Петковска: „Значењето на зборовите и наставната комуникација нз призмата на предметот Македонски јазик во одделенската настава, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2012. | 1 |
| Рецензент на научно-истражувачкиот проект на д-р Мито Спасевски: „Острученоста на воспитниот кадар и степенот на остварување на воспитно-образовната работа по култура на говорот во градинките“, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2012. | 1 |
| Рецензент на на научно-истражувачкиот проект на Благица Петковска и Анита Штерјоска-Митреска: „Квалитетна функционална писменсот во одделенската настава“, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2014. | 1 |
| **Вкупно** | **77,454** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати: *Асоцијашивен аншройономасшикон (врз йримери од некои македонски женски лични имиња)*, Скопје 14-15.4.2016, ед. Посебни изданија, кн. 24, ИМЈ, Скопје, 2016. | 2 |
| 2. | Учесник во научен национален проект: Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето мајчин јазик и математика, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2013-2014. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Труд со оригинални научни резултати: *Анализа на дискурсот на шегите меѓу учениците од раната училишна возраст*, објавен во списанието Македонистика 15, ИМЈ, Скопје 2016, коавтор. | 3,6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати: *Детерминологизација на лексиката во македонскиот јазик*, објавен во Зборник на трудови од научниот собир „Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците", (Прилеп-Битола, 28.2. – 2.3. 2014), ИМЈ „Крсте Мисирков", 2016. | 2 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати: *Убавите зборови во македонскиот јазик*, објавен во Зборник на трудови од научниот собир „Значењето низ времето и просторот" (Скопје, 22-23.5.2013), ИМЈ „Крсте Мисирков", 2015. | 2 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати: *The Characteristics of the Lexis in the Public Addresses of Some Prominent Figures in the Republic of Macedonia*, објавен во Зборник на трудови од научниот собир „Macedonia in 20th and 21st century", Politeja 30, Krakow, 2014. | 3 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научнопопуларно списание (со меѓународен уредувачки одбор): *Асоцијативните врски кај лексиката со емотивна оцена во македонскиот јазик*, VIII македонско-северноамериканска конференција за македонистика (Охрид, 7-8 јули 2012), УКИМ, 2015, коавтор. | 2,7 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати: *The Lexis in the Literature for Children*, објавен во Зборник на трудови (со меѓународен уредувачки одбор) од 9-th International Balkan Education and Science Congress, Trakya University (16-18 October 2014), Trakya University, Edirne, 2014. | 3 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати: *Карактеристиките на објектот во писмените работи на децата од училишна возраст*, Научни скуп „Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста", одржан на 23.11.2012, Врање. | 3 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати: *Лексичкото значење и општиот јазичен тип при градбата на концептуалната слика на светот*, 10 Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата", Охрид, 17-19 септември 2015, коавтор. | 2,7 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати: *Употребата на словенските јазици на интернет и на социјалните мрежи*, објавен во КОНТЕКСТ 10, 2012, коавтор. | 3,6 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати: *Лингвокултурните аспекти преку асоцијативниот метод кај јужните словенски јазици*, објавен во КОНТЕКСТ 10, 2012, коавтор. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Трут со оригинални научни резултати: *Асоцијативниот метод како можност за согледување на различностите (македонско-полски асоцијативи)*, Меѓународна конференција „Македонија и полска во модернизациските процеси во XIX – XX век: историја – политика – јазик – култура – литература“, одржан на 26 -27 мај 2015, Зборник, ИНИ, 2016, коавтор. | 3,6 |
| 14. | Учество на јазичната работилница „Лексиката со субјективна оценка во македонскиот јазик“ со реферат со орална презентација: *Употребата на деминутивните форми во раната училишна возраст* , одржана во Скопје, 3 април 2012. | 1 |
| 15. | Учество на научен собир со реферат со орална презентација: *Critical Diskurse Analysis (CDA) of jokes among students of early school age*, Пореч, 12-14.10.2016, коавтор. | 0,9 |
| 16. | Учество на научен собир со реферат со орална презентација: *Употребата на интерпункциските знаци кај децата од раната училишна возраст*, „Меѓународна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката“, Струмица, 2-3.11.2016. | 1 |
| 17. | Учество на научен собир со реферат со орална презентација: *The Application of the Associative Metod in the Lexis with Emotinal Mark in the Macedonian Landuage*, Međunarodnakonferencija „Education in the Modern European Environment“, Opatija, Hrvatska, 17-18 September 2012, коавтор. | 0,9 |
| 18. | Апстракт објавен во зборник на конференција: *The Lexis in the Literature for Children*, 9th International Balkan Education and Science Congress, 16-18 October 2014, Trakya University, Edirne. | 1 |
| **Вкупно** | | **38** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Лектура на книга од Елисавета Сарџовска: *Психологија на менаџментот*, УКИМ, Филозофски факултет: Скопје 2014. | 1 |
| 2. | Лектура на книга од Сузана Банчотовска: *Компетенциите на наставниците како основа на наставничката професија*, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2015. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Лектура на книга од Розалина Попова-Коскарова: *Улогата на наставникот во остварувањето на воспитната функција на училиштето во современи услови на живеење*, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2014. | 1 |
| 4. | Лектура на книга од Ѓулумсер Касапи: *Македонско и албанско семејство, воспитно-образовна компонента, сличности и разлики*, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2015. | 1 |
| 5. | Лектура на книга: *Информатор за одделенска настава*, УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“: Скопје 2015. | 1 |
| **Вкупно** | | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на Комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2012/2013 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. | 0,5 |
| 2. | Член на Комисија за спроведување на постапката за утврдување на предлог-кандидат за раководител на Институтот за библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2012. | 0,5 |
| 3. | Член на Комисија за комисиско полагање на група предмети од студиската програма Одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2017. | 0,5 |
| 4. | Член на Комисија за избор во звање – 2016. | 0,2 |
| **Вкупно** | | **6,7** |

| | |
|---|---|
| | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАДЕЈНОСТ** | **77,454** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6,7** |
| **Вкупно** | **122,154** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Благица Петковска, претседател
   _____________________________ с.р.
2. Д-р Мито Спасевски, член
   ___________________________ с.р.
3. Д-р Снежана Веновска-Антевска, член
   _____________________________ с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 1.06.2017

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| д-р Драги Рашковски, | Дигитализација и автоматизација на комуникацијата на граѓаните со јавната администрација | Digitalization and automation of citizens' communication with the public administration | 1)проф.д-р Томе Груевски (ментор), 2)проф.д- Борче Давитковски, и 3)доц.д-р Гоце Наумовски | 1.06.2017 | 02-578/159 |

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА БОТАНИКАТА И ФИЗИОЛОГИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.5.2017 година донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на **ботаниката** и **физиологијата** на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во јавното гласило „Нова Македонија” на 6-7.5.2017 година, во определениот рок се пријави само кандидатката д-р Соња Гаџовска Симиќ, вонреден професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: д-р Мирко Спасеноски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија), д-р Ленка Цветановска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Митко Костадиновски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци**

Кандидатката д-р Соња Гаџовска Симиќ е родена на 21.8.1973 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование (УСО “Никола Карев”-Скопје, биотехнолошка насока). Во академската 1991/1992 година се запишала на студии по биологија, биохемиско-физиолошка насока, при Природно-математичкиот факултет во Скопје. За време на студиите била корисник на стипендија за талентирани студенти што ја доделува Министерството за образование и наука при Владата на Република Македонија, а дипломирала на 30. 12. 1996 година со среден успех 9,17.

По дипломирањето, во академската 1996/97 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за биологија (биохемиско-физиолошка насока) при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На 8. 10. 2002 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: **Содржина на хиперицин кај *in vitro* култури и регенерирани растенија од *Hypericum perforatum* L.,**

со што се стекнала со научен степен - магистер на биолошки науки, биохемиско-физиолошка насока.

На 1. 12. 1997 година била назначена за демонстратор на Одделението за физиологија на растенијата и физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво при Ботаничкиот завод со ботаничка градина на Институтот за биологија, а на 1. 9. 1998 година била избрана за стручен соработник на истото Одделение. Во звањето помлад асистент била избрана на 5.3.2001 година, додека на 19.2.2003 година била повторно избрана за помлад асистент на Ботаничкиот завод со ботаничка градина на Институтот за биологија при Факултетот. На 9. 10. 2003 година била избрана за асистент, а на 6. 10. 2006 година била повторно избрана за асистент на Ботаничкиот завод со ботаничка градина на Институтот за биологија при Факултетот. Во звањето доцент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје била избрана на 24. 1. 2008 година. Во звањето вонреден професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, била избрана на 1. 10. 2012 година.

Во периодот 2001-2005 година била запишана и успешно ги завршила докторските студии по клеточна и молекуларна биологија на Универзитетот во Орлеан, Република Франција. Во овој период, во рамките на соработката помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Орлеан, Република Франција, по 6 месеци годишно престојувала во Лабораторијата за биологија на дрвенести и виши култури во Орлеан, Франција. Во текот на докторските студии ја изработила докторската дисертација под наслов: **"Production de metabolites secondaires par les cultures de cellules et de tissus d'*Hypericum perforatum* L. Effets de divers facteurs exogénes"** ("Продукција на секундарни метаболити кај култури на клетки и ткива од *Hypericum perforatum* L. Влијание на различни егзогени фактори") и ја одбранила на 24. 3. 2005 година на Универзитетот во Орлеан, Република Франција. Министерството за образование и наука на Република Македонија, на 12. 7. 2006 година (Одлука бр. 09-7120/2), ја призна високообразовната квалификација стекната во странство за завршени докторски студии и стекнат научен степен-доктор по клеточна и молекуларна биологија - физиологија на растенијата.

**Наставно-образовна дејност**

Од 1997/98 година до 2006/2007 година, кандидатката д-р Соња Гаџовска Симиќ успешно ја изведувала практичната настава по предметите: Физиологија на растенијата и Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво при Институтот за биологија. Во истиот период, д-р Соња Гаџовска Симиќ активно учествувала во подготовка на практикум (за интерна употреба) по предметот Физиологија на растенијата за студентите од сите насоки на Институтот за биологија. Воедно, учествувала и во усовршување и воведување на нови практични вежби по предметот Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (за студентите од биохемиско-физиолошката насока) при Институтот за биологија.

Од учебната 2007/2008 година, проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ ја изведува теоретската настава на првиот циклус студии по биологија по следниве предмети:

- Растителна физиологија (студии по биохемија и физиологија и студии по екологија);
- Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (студии по биохемија и физиологија);
- Молекуларна биологија на растенијата (студии по молекуларна биологија).
- Култура на анимални и растителни ткива (студии по молекуларна биологија).

Од учебната 2009/2010 година, д-р Соња Гаџовска Симиќ е вклучена во реализација на наставните програми на вториот циклус студии по биологија по следниве предмети:

- Одбрани поглавја од физиологија на растенијата;
- Култура на растителни ткива;
- Секундарни метаболити кај растенијата;
- Одбрани поглавја од молекуларна биологија на растенијата;
- Метаболички инженеринг на растенија.

Рецензентската комисија истакнува дека во изминатиот период, наставно-образовната активност на д-р Соња Гаџовска Симиќ била насочена во подготовка на два позитивно рецензирани универзитетски учебника и тоа како коавтор на учебникот "Физиологија на растенијата" (Билтен на УКИМ бр. 943 од 2.6.2008) и автор на учебникот "Микропропагација на растенијата: култивирање на растителни клетки и ткива во *in vitro* услови" (Билтен на УКИМ бр. 1016 од 3. 10. 2011). Овие универзитетски учебници се наменети за студентите на првиот и вториот циклус студии по биологија на Природно-математичкиот факултет, но секако дека студентите од други факултети кои слушаат други слични научни дисциплини ќе најдат многу корисни податоци во овие учебници. Во учебникот „Физиологија на растенијата", авторите обработуваат обемно и комплексно градиво во кое темелно се прикажани современите научни достигнувања од областа на физиологијата на растенијата врз кои се базира овој учебник. Научните достигнувања од областа на микропропагацијата на растенијата за авторите на универзитетскиот учебник „Микропропагација на растенијата: култивирање на растителни клетки и ткива во *in vitro* услови" биле вистински предизвик да се ангажираат во подготвувањето на материјалот за овој прв учебник на македонски јазик од областа на физиологијата на развиток на растенијата во *in vitro* услови. Рецензентската комисија посебно сака да истакне дека овие два универзитетски учебника се значајни стручни дела, методолошки конципирани низ оригинални решенија на понудените содржини и задачи кои се целосно во согласност со дефинираните цели на наставата по предметите: растителна физиологија и физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво. Овие универзитетски учебници содржат стандардни елементи кои се подготвени и приспособени согласно со методолошките и педагошките принципи на современиот наставен процес поврзан со Болоњската декларација.

Во изминатиот петгодишен период, проф. д-р Гаџовска Симиќ учествувала во подготовка на интерни скрипти: „Растителни антиоксиданти" и „Метаболички инженеринг на растенија" за изборните предмети на првиот циклус студии на Институтот за билогија.

Во изминатиот период, под менторство на д-р Гаџовска Симиќ биле изработени и одбранети 47 дипломски работи, а била член и во комисиите за одбрана на други 11 дипломски работи.

Во извештајниот период, д-р Соња Гаџовска Симиќ била ментор на 3 магистерски труда и член на комисии за оценка и одбрана на уште 2 магистерски работи.

Проф. д-р Гаџовска Симиќ била коментор и член на комисија за оцена и одбрана на 2 докторски дисертации.

Врз основа на добиените резултати од анкетата на студентите, поткомисијата за самоевалуација на Институтот за биологија, заклучи дека д-р Соња Гаџовска Симиќ, вонреден професор на Институтот за биологија, има позитивна оценка од самоевалуацијата (средна оценка – 9.83).

**Научноистражувачка дејност**

Во изминатиот петгодишен изборен период, д-р Соња Гаџовска Симиќ покрај успешното ангажирање во реализација на теоретската настава, активно и успешно ја раководи научноистражувачката работа во Лабораторијата за *in vitro* култури на растителни ткива на Институтот за биологија при Факултетот.

Главното подрачје на научен интерес на д-р Гаџовска Симиќ се истражувањата од областа на физиологијата на развитокот на растенијата во *in vitro* услови, односно испитувањата за секундарниот метаболизам на растенијата, а особено продукцијата на секундарни метаболити кај *in vitro* култури на растителни клетки и ткива. Нејзините научни истражувања се фокусирани на влијанието на биотичките и абиотичките елицитори врз продукцијата на секундарни метаболити кај различни растителни *in vitro* култури; фитохемиска анализа на секундарните метаболити со примена на високоефикасна течна хроматографија (HPLC) и електроспреј јонизација со масена спектрометрија (ESI-MS); активност на клучните ензими во секундарниот метаболизам на растителната клетка; редокс потенцијал на растителната клетка; антиоксидантен капацитет на растителни екстракти; генетска трансформација на растителни клетки со *Agrobacterium rhizogenes* A4; продукција на секундарни метаболити кај трансгени *in vitro* култури и метаболички инженеринг.

Проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ учествувала во реализација на **11** научноистражувачки проекти (**3** проекти по изборот за вонреден професор). Во овој период, резултатите од научноистражувачката работа ги има објавено во **45** оригинални научни трудови (**18** научни трудови по изборот за вонреден професор од кои **12** со фактор на влијание), како и презентирано во **52** соопштенија (**11** соопштенија по изборот за вонреден професор) на научни собири од државен и меѓународен карактер.

Научните трудови на проф. д-р Гаџовска Симиќ до изборот за вонреден професор се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"

во Скопје (бр. 722 од 30.1.2001, бр. 820 од 30.1.2003, бр. 833 од 15.7.2003, бр. 930 од 15.11.2007 година и бр. 1039 од 1.10.2012).

Рецензентската комисија посебно истакнува дека д-р Соња Гаџовска Симиќ својата целокупна научноистражувачка дејност ја има презентирано во монографијата “Secondary metabolite production in cultures *in vitro* of *Hypericum perforatum* L. Effects of different exogenous factors”, издадена во 2010 година од LAP Lambert Academic Publishing, Saarbrücken, Germany.

Во изминатиот петгодишен период, д-р Соња Гаџовска Симиќ учествувала во реализација на **3** научноистражувачки проекти (**2** меѓународни и **1** домашен), а на еден од нив била раководител.

Од посебно значење за Институтот за биологија и Природно-математичкиот факултет во Скопје е реализацијата на проектот „Опремување на научноистражувачки лаборатории“, во рамките на Програмата на Владата на Република Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавните научни установи (2011-2013). Посебно треба да се истакне дека во рамките на овој проект под раководство на д-р Соња Гаџовска Симиќ беше опремена Лабораторија за *in vitro* култури на растителни ткива (Министерство за образование и наука на Република Македонија, договор бр. 427/2011 од 12.05.2011). Како резултат на успешната реализација на овој проект, Лабораторијата за *in vitro* култури на растителни ткива е опремена со ултраефикасен течен хроматограф со масен спектрометар (UPLC-MS) односно ACQUITY UPLC H-Class систем комбиниран со Acquity SQD масен детектор, Microplate reader SpectraMax 190, ламинарна комора, автоклав, фрижидер на -80°C, ротоевапоратор, лиофилизатор, систем за пурификација на вода, систем за пурификација на екстракти, ротациона тресалка, аналитичка вага и pH-метар.

Во рамките на проектот “Towards Entrepreneurial Higher Education Institutions in South East Europe and Turkey. South East European Center for Entrepreneurial Learning SEECEL: Pilot Project Framework for Entrepreneurial Learning in Non-Business Studies. Co-founded by the European Union's IPA Multi-beneficiary Program” (2014-2016), проф. Гаџовска Симиќ учествувала во формирањето и работата на Центарот за кариера при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во периодот 2016-2018, проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ учествува во реализација билатералниот проект “Antimicrobial and Antioxidant activity of Selected Medicinal Macromycetes from Macedonia and Montenegro”, финансиран од Министерството за образование при Владата на Република Македонија и Министерството за образование и спорт при Владата на Република Црна Гора. Во рамките на овој проект, проф. д-р Гаџовска Симиќ учествува во испитување на антиоксидантниот капацитет на селектирани макромицети колектирани на територијата на Република Македонија и Црна Гора.

Од изборот за вонреден професор до денес (2012-2017), проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ има објавено **18** оригинални научни трудови (прилог Образец за избор на наставник во сите наставно-научни звања), од кои **12** со фактор на

влијание (**бр. 9.4-9.15**), **4** во научни/стручни списанија (**бр. 8.10-8.13**) и **2** во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор (**бр. 11.4 и 11.5**).

Објавените трудови со фактор на влијание (**бр. 9.4-9.15)** се однесуваат на истражувањата за продукцијата на секундарни метаболити кај растителни *in vitro* култури од *Hypericum perforatum* L. (кантарион) со примена на различни биотички елицитори. Од посебно значење се истражувањата за генетска трансформација на растителни клетки од кантарион со *Agrobacterium rhizogenes* A4 и селекција на трансгени *in vitro* култури со висока продукција на антиоксидантни секундарни метаболити.

Научните истражувања на д-р Соња Гаџовска Симиќ (**трудови бр. 9.4, 9.10, 9.11, 9.12 и 9.13**) се однесуваат на проучување на продукцијата на секундарни метаболити кај *in vitro* култури од жолтиот кантарион (*H. perforatum* L.) кој главно содржи биолошки активни соединенија од групата на тип III поликетиди, вклучувајќи флавоноиди, ксантони, нафтодиантрони и ацилфлороглуциноли. Во овие трудови, авторите потенцираат дека продукцијата на секундарни метаболити кај различни *in vitro* култури од *H. perforatum* L. (култури на изданоци, калуси и клеточни суспензии) може да биде зголемена со примена на методот на елицитација.

Во трудот **бр. 9.4** била испитана продукцијата на фенилпропаноиди и нафтодиантрони кај култури на изданоци, калуси и клеточни суспензии од *H. perforatum* L. под дејство на различни концентрации на салицилна киселина, како биотички елицитор. Според добиените резултати, салицилната киселина ја индуцира продукцијата на нафтодиантрони и фенилпропаноиди кај сите испитувани *in vitro* култури од *H. perforatum* L. зависно од концентрацијата на елицитоthe и периодот на постелицитација Исто така, акумулацијата на секундарни метаболити била во корелација со активноста на два клучни ензими фенилаланин амониум лијаза (PAL) и халкон изомераза (CHI) во фенилпропаноидниот и флавоноидниот метаболизам, како и со неензимскиот и ензимскиот антиоксидантен капацитет.

Во трудот бр. **бр. 9.10** се прикажани резултати за продукцијата на фенолни соединенија, антиоксидантна активност и HPLC/DAD/ESI-MS$^n$ анализа на ксантони кај клеточни суспензии од *H. perforatum* L. елицитирани со *Agrobacterium rhizogenes* и *Agrobacterium tumefaciens*. Според добиените резултати, кај елицитираните клетки била забележана 17-пати зголемена продукција на ксантони во споредба со контролните клетки. Исто така, антиоксидантната активност на третираните клетки била во позитивна корелација со продукцијата на феноли, флавоноиди и флаван-3-оли. Авторите констатирале дека клеточните суспензии од *H. perforatum* L. третирани со бактериски елицитори претставуваат ефикасен експериментален модел за продукција на ксантони.

Истражувањата во трудот **бр. 9.12** опфаќаат испитувања за ефектот на габни мицелиумски екстракти од *Fusarium oxysporum*, *Phoma exigua* и *Botrytis cinerea* врз продукцијата на феноли и нафтодиантрони, како и врз неензимскиот и ензимскиот антиоксидантен систем кај клеточни суспензии од *H. perforatum* L. Во оваа студија, продукцијата на фенилпропаноиди и флавоноиди била во

позитивна корелација со активноста на фенилаланин амониум лијаза (PAL) и халкон изомераза (CHI). Акумулацијата на нафтодиантрони (хиперицин и псевдохиперицин) го потврдува активирањето на одбранбениот одговор кај елицитираните клетки под дејство на мицелиумските екстракти.

Во трудовите **бр. 9.11** и **9.13** била проучена продукцијата на секундарни метаболити (феноли, флавоноиди, флаваноли, антоцијани, хиперицин и псевдохиперицин) кај изданоци и клеточни суспензии од *H. perforatum* L. под дејство на егзогена апликација на полисахариди (пектин, хитин и декстран). Исто така, во рамките на овие истражувања бил следен неензимскиот и ензимскиот антиоксидантен капацитет на растителните екстракти. Авторите на овие два труда констатирале дека полисахаридите индуцираат акумулација на хиперицин и псевдохиперицин кај елицитираните изданоци и клетки во почетните стадиуми од постелицитацијата.

Во трудовите **бр. 9.5, 9.6, 9.7** и **9.8** презентирани се резултати за примена на методот на *A. rhizogenes* A4- посредувана генетска трансформација на *H. perforatum* L. во добивање на култури на трансгени корени (HR) и трансгени изданоци (TS). Во овие студии била испитувана продукцијата на фенолни киселини, флаван-3-оли, флавонолни гликозиди и агликони, нафтодиантрони, ацил-флороглуциноли и ксантони кај трансгени култури од *H. perforatum* L. Идентификацијата и квантификацијата на фенолни соединенија во екстракти од HR и TS била извршена со примена на HPLC/DAD/ESI-MS$^{n}$. Според добиените резултати, културите на трансгени корени претставуваат успешен експериментален модел за продукција на ксантони, додека пак, трансгените изданоци можат да се користат како биотехнолошки систем за добивање на екстракти со стандардизирана концентрација на хиперицин и псевдохиперицин.

Истражувањата во трудот **бр. 9.15** биле насочени кон испитување на продукцијата на фенолни соединенија, антиоксидантната и антимикробната активност кај селектирани трансгени корени и изданоци од *H. perforatum* L. трансформирани со *A. rhizogenes* A4M70GUS. Трансгените изданоци покажале способност за висока продукција на фенолни киселини (хлорогена и 3-p-кумароилхинска киселина), флавоноиди (лутеолин хексозид, деривати на кверцетин), како и ацил-флороглуциноли (хиперфорин и адхиперфорин). Трансгените корени поседувале висок капацитет за акумулација на катехин и процијанидин деривати. Мангиферинот бил доминантен ксантон кај трансгените изданоци, додека пак, трихидрокси-1-метокси *C*-пренил ксантон кај трансгените корени. Антиксидантната и антибактериската активност на трансгените култури се базирала на присуството на специфични групи фенолни соединенија.

Во трудот **бр. 9.14** презентирани се резултати за идентификација и квантификација на фенолни киселини, флавоноидни глукозиди и агликони, флаван-3-оли и нафтодиантрони кај култури на калуси и диворастечки растенија од *H. perforatum* L. Фитохемиските анализи покажале присуство на флороглуциноли кај диворастечките растенија, додека пак, ксантоните биле детектирани само кај калусните култури. Според добиените резултати културите на калуси од *H. perforatum* L. претставувале ефикасен биотехнолошки систем за

продукција на кверцетин 6-*C*-глукозид, хиперозид, кемферол 3-*O*-глукозид и епикатехин, како и на ксантони (мангиферин, мангиферин *C*-пренил хексозид и 1,3,6,7-тетрахидроксиксантон).

Истражувањата во трудот **бр. 8.10** опфаќаат испитување на продукцијата на феноли и флавоноиди, како и на антиоксидантната активност во плодни тела на 3 видови на габи од родот *Boletus* (*B. appendiculatus*, *B. satanas* и *B. lupinus*) колектирани на планината Галичица. Во оваа студија било констатирано дека антиоксидантната активност на испитуваните екстракти се базира на присуството на фенолни соединенија, при што екстрактите од видот *B. appendiculatus* биле селектирани како перспективен извор на природни антиоксиданти.

Во трудот **бр. 8.11** се прикажани резултати за присуство и застапеност на вкупните фенолни соединенија во одредени фази од зреењето на биеното сирење, како и во крајниот производ. Истражувањата покажале намалена содржина на вкупни феноли во текот на зреењето на сирењето, како и во фазите по суво солење и саламурење, поради појава на специфични ензимски реакции во испитуваните примероци.

Во трудот **бр. 8.12** била испитана динамиката на фенолни соединенија во текот на деградацијата на мртвата органска материја (листови, гранчиња и буклинки) во буковиот екосистем Calamintho grandiflorae-Fagetum во Националниот парк "Маврово" во период од 7 години. Продукцијата на феноли, флавоноиди и антоцијани во сите три испитувани фракции била континуирано намалена и претставена со прости експоненцијални или логаритамски модели. Според добиените резултати, секундарните метаболити го индуцираат процесот на деградација на мртвата органска материја.

Истражувањата во трудот **бр. 8.13** се насочени кон испитување на морфолошките карактеристики на растенија од *Nicotiana tabacum* тип Прилеп сорта П 12-2/1 ко-култивирани со *Agrobacterium rhizogenes* A4. Добиените резултати во ова истражување покажале дека третираните растенија се карактеризираат со зголемени вредности за бројот на листови и латерални корени, како и зголемена лисна површина, должина на изданоци и корени во споредба со контролни растенија.

Во трудот **бр. 11.4** прикажани се резултати за продукцијата на нафтодиантрони кај трансгени изданоци од *H. perforatum* L. добиени со *Agrobacterium rhizogenes* A4-посредувана трансформација. Хроматографските анализи во оваа студија покажале дека трансгените и контролните изданоци имаат капацитет за акумулација на хиперицин, псевдохиперицин и протопсевдохиперицин. Притоа, содржината на хиперицин и псевдохиперицин кај трансгените изданоци била 12-пати зголемена во споредба со контролните изданоци. Според добиените резултати културите на трансгени изданоци претставуваат ефикасен експериментален систем за добивање на екстракти со стандардизирана концентрација на нафтодиантрони.

Трудот **бр. 11.5** опфаќа истражувања за продукцијата на вкупни феноли и флавоноиди, како и антиоксидантна активност кај 3 диворастечки видови на

габи од фамилијата Tricholomataceae (*Collybia peronata*, *Tricholoma aurantium* и *T. stans*). Добиените резултати покажале дека видовите од родот *Tricholoma* имаат висок капацитет за акумулација на фенолни и флавоноидни соединенија, како и зголемена антиоксидантна активност во споредба со видот *C. peronata*.

**Стручно-апликативна дејност**

Во изминатиот петгодишен период, проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ била вклучена во повеќе активности од поширок интерес. Имено, проф. д-р Гаџовска Симиќ е член на повеќе асоцијации и друштва, како Асоцијацијата на докторанди од Орлеан, Република Франција (Association des Doctorants Scientifiques Orléanais - ADSO), Асоцијацијата за истражувања на лековити и ароматични растенија во југоисточните европски земји (Association for Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries - AMAPSEEC), Асоцијацијата за биотехнолошки истражувања на Централниот регион на Република Франција (Association Biotechnocentre de la Région Centre, France), Друштвото за физиологија на растенијата на Србија (DFBS), Хрватското друштво за растителна биологија (HDBB) и Друштвото на биолози на Република Македонија (ДБМ).

Во периодот 2014-2017 е член на оценувачката комисија за државните натпревари по биологија, чиј организатор е Друштвото на биолози на Македонија.

Проф. д-р Гаџовска Симиќ е член на Уредувачкиот одбор на научното списание Scientifica: Special Issue on Recent Advances in Secondary Metabolite Production via Plant Biotechnology (Hindawi, ISSN: 2090-908X, DOI: 10.1155/6168).

Од учебната 2016/2017 година до денес, проф. д-р Гаџовска Симиќ е координатор на Природно-математичкиот факултет за Еразмус + програмата за мобилност на студенти и наставен кадар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од учебната 2013/2014 година до денес, проф. д-р Гаџовска Симиќ е Раководител на вториот циклус студии на Институтот за биологија, Природно-математички факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, целокупната наставна и научна активност на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна на мислењето дека д-р Соња Гаџовска Симиќ во својата досегашна работа покажала забележителни резултати, како на полето на наставно-образовната, така и на полето на научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во изминатиот период, сериозно и совесно ги извршувала поставените задачи и постојано стручно и научно се усовршувала. Особено би сакале да ги

истакнеме нејзините педагошки квалитети и ангажирањето во подготовката на универзитетски учебници и скрипти, методолошки конципирани низ оригинални решенија на понудените содржини кои се во согласност со дефинираните цели на наставата по предметите: Растителна физиологија, Молекуларна биологија на растенија и Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво. Посебно сакаме да истакнеме дека проф. д-р Соња Гаџовска Симиќ со својата научноистражувачка и стручно-апликативна дејност има голем придонес во меѓународната афирмација на Институтот за биологија и Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Сето ова укажува дека д-р Соња Гаџовска Симиќ ги има исполнето интерните критериуми за избор во звањето редовен професор според Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Соња Гаџовска Симиќ, досегашен вонреден професор, да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор по група предмети од областа на ботаниката и физиологијата.

Рецензентска комисија,

Д-р Мирко Спасеноски

редовен професор на Институтот за биологија,
ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Ленка Цветановска,

редовен професор на Институтот за
биологија, ПМФ во Скопје, ср.

Д-р Митко Костадиновски

редовен професор на Институтот за
биологија, ПМФ во Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Соња Владо Гаџовска Симиќ**

**Институција:** **Природно-математички факултет, Институт за биологија**

**Научна област: ботаника и физиологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава** | |
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1.1 | 1998/1999 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |
| 1.2 | 1999/2000 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |
| 1.3 | 2000/2001 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.4 | 2001/2002 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |
| 1.5 | 2002/2003 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |
| 1.6 | 2003/2004 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7 |
| 1.7 | 2004/2005 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7<br><br>2,7 |
| 1.8 | 2005/2006 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7<br><br>2,7 |
| 1.9 | 2006/2007 (практична настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 1,8<br><br>2,7<br><br>2,7 |
| 1.10 | 2007/2008 (теоретска настава) | |

| | | |
|---|---|---|
| | Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 3,6<br>3,6 |
| 1.11 | 2008/2009 (теоретска настава)<br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 2,4<br>3,6<br>3,6 |
| 1.12 | 2009/2010 (теоретска настава)<br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) | 2,4<br>3,6<br>3,6 |
| 1.13 | 2010/2011 (теоретска настава)<br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 6+6) Физиологија на растенијата (еколошка насока, VI семестар, 6+6) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3) | 2,4<br>3,6<br>3,6<br>1,8 |
| 1.14 | 2011/2012 (теоретска настава)<br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (биохемиско-физиолошка насока, VII семестар, 4+4)<br>Растителна физиологија (биохемиско-физиолошка насока, VI семестар, 4+4)<br>Физиологија на растенијата (еколошка насока, IV семестар, 4+4) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3)<br>Култура на растителни и анимални ткива (насока молекуларна биологија, VII семестар, 1+1) | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>1,8<br>0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.15 | 2012/2013 (теоретска настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (насока биохемија и физиологија, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (насока биохемија и физиологија, VI семестар, 4+4)<br><br>Физиологија на растенијата (насока екологија, IV семестар, 4+4) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3)<br><br>Метаболички инженеринг на растенија (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VII семестар, 2+2)<br><br>Растителни антиоксиданти (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VI семестар, 2+2) | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>1,8<br>1,2<br>1,2 |
| 1.16 | 2013/2014 (теоретска настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (насока биохемија и физиологија, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (насока биохемија и физиологија, VI семестар, 4+4)<br><br>Физиологија на растенијата (насока екологија, IV семестар, 4+4) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3)<br><br>Метаболички инженеринг на растенија (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VII семестар, 2+2)<br><br>Растителни антиоксиданти (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VI семестар, 2+2) | 2,4<br>2,4<br>2,4<br>1,8<br>1,2<br>1,2 |
| 1.17 | 2014/2015 (теоретска настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (насока биохемија и физиологија, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (насока биохемија и физиологија, VI семестар, 4+4)<br><br>Физиологија на растенијата (насока екологија, IV семестар, 4+4) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3) | 2,4<br>2,4<br>2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Метаболички инженеринг на растенија (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VII семестар, 2+2)<br><br>Растителни антиоксиданти (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VI семестар, 2+2) | 1,8<br><br>1,2<br><br>1,2 |
| 1.18 | 2015/2016 (теоретска настава)<br><br>Физиологија на развиток на растенијата со култура на ткиво (насока биохемија и физиологија, VII семестар, 4+4)<br><br>Растителна физиологија (насока биохемија и физиологија, VI семестар, 4+4)<br><br>Физиологија на растенијата (насока екологија, IV семестар, 4+4) Молекуларна физиологија на растенијата (насока молекуларна биологија, VI семестар, 3+3)<br><br>Метаболички инженеринг на растенија (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VII семестар, 2+2)<br><br>Растителни антиоксиданти (насоки биохемија и физиологија, молекуларна биологија VI семестар, 2+2) | 2,4<br><br>2,4<br><br>2,4<br><br>1,8<br><br>1,2<br><br>1,2 |
| 1 | Член на меѓународна жири-комисија:<br>2012, Трет фестивал „Акордеон Арт“, Сараево, БиХ<br>2013, Четврти фестивал „Акордеон Арт“, Сараево, БиХ<br>2013, Петти фестивал „Денови на хармониката“, Бијељина, БиХ<br>2014, Втор фестивал „Мехфест“, Белград, Србија<br>2014, Петти фестивал „Акордеон Арт“, Сараево, БиХ<br>2014, Шести фестивал „Денови на хармониката“, Бијељина, БиХ<br>2014, 8-ми „ Акордеон Арт фестивал“, Розето, Италија<br>2014, 67-ми „Светски куп за хармоника“, Салзбург, Австрија<br>2014, Петти меѓународен натпревар за камерна музика во Кавадарци, Македонија<br>2015, Шести фестивал „Акордеон Арт“, Сараево, БиХ<br>2015, 40-ти фестивал „Кастелфидаро“, Кастелфидардо, Италија<br>2015, 68-ми „Светски куп за хармоника“, Турку, Финска<br>2016, Деветти фестивал „Петар Илиќ“, Аранѓеловац, Србија<br>2016, Осми фестивал „Денови на хармониката“, Бијељина, БиХ<br>2016, 69-ти „Светски куп за хармоника“, Ростов на Дон, Русија<br>2016, Седми меѓународен натпревар за камерна музика во Кавадарци, Македонија | 32 |
| 2 | Член на национална жири-комисија:<br>2012, 50-ти Државен натпревар, дисциплина: хармоника<br>2012, Трет државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2013, Четврти државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: камерна музика<br>2013, Четврти државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2014, Општински натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2014, Регионален натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2014, Петти државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2014, Општински натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: камерна музика | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2014, Регионален натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: камерна музика<br>2014, Петти државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: камерна музика<br>2015, Општински натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2015, Регионален натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2015, Шести државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2016, Општински натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2016. Регионален натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника<br>2016. Седми државен натпревар „Хармонија МБ“, дисциплина: хармоника | |
| 3 | 2012, член на стручни тимови на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на РМ, за изработка на наставни програми за:<br>- хармоника за V одделение за шестгодишно основно музичко образование<br>2013, член на стручни тимови на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на РМ, за изработка на наставни програми за:<br>- хармоника за VI одделение за шестгодишно основно музичко образование | 2 |
| 4 | Учество во промотивни активности на Факултетот:<br>2012, свечена академија по повод доделување на титула почесен доктор при УКИМ<br>2012, млади уметници студенти на ФМУ на „Златна лира 2012“<br>2013, концерт со студентите на вокално- инструменталниот оддел на ФМУ во Скопје на „Златна лира 2013“<br>2013, концерт на француска музика за Француски институт во Скопје<br>2013, божиќен концерт на студенти од ФМУ за Амбасада на Република Полска во Скопје<br>2014, уметнички настап на студентите на ФМУ при УКИМ во Скопје по повод „24 мај“<br>2014, завршен концерт на летна музичка работилница МАНУ во Охрид<br>2015, завршен концерт на летна музичка работилница МАНУ во Охрид<br>2015, промоција на монографија во МАНУ<br>2015, свечено одбележување на 90 години од раѓањето на академик В. Николовски „Есенски музички свечености“<br>2015, свечено одбележување на 90 години од раѓањето на академик В. Николовски во МАНУ<br>2016, 67-ма годишнина од основањето на УКИМ | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2016, завршен концерт на летна музичка работилница МАНУ во Охрид<br>2016, концерт на музика од В. Семјонов, Крагуевац | |
| 5 | 2012-2017, член на рецензентска комисија за избор на наставници (3 кандидати) | 0,6 |
| 6 | 2011-2015, член на Управниот одбор на Националниот ансамбл „Танец“ | 1 |
| 7 | 2015 – 2017, член на Управниот одбор на СМУМ | 1 |
| 8 | 2016- 2017, претседател на здружението „Љубители на класичната музика“ | 1 |
| 9 | 2013, награда „Денови на хармониката“ за најуспешен наставник (пехар) | 3 |
| 10 | 2014, награда „Денови на хармониката“ за најуспешен наставник (пехар) | 3 |
| 11 | 2017. Награда „CIA Merit Award“ од Светската унија на хармоникашите Confederation Internationale Des Accordeonistes - *Member of the* INTERNATIONAL MUSIC COUNCIL (IMC - UNESCO) | 3 |
| | **Вкупно** | **69,6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 155,4 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 44 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 58 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 69,6 |
| **Вкупно** | **327** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Јован Каровски, с.р.

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ПИЈАНО), ЗА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ: ПИЈАНО И КАМЕРНА МУЗИКА ЗА КЛАВИШНИ ИНСТРУМЕНТИ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 14.3.2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, арх. бр. 02-332/1 од 23.3.2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Тодор Светиев, проф. м-р Зоран Пехчевски и проф. м-р Катерина Костадиновска Гелебешева.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти, во предвидениот рок се пријави единствено кандидатката м-р Рита Поповиќ.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Рита Поповиќ е родена во Прилеп, каде што започнал нејзиниот прв контакт со музиката и со пијаното. Образованието го продолжила во средното музичко училиште „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, во класата на проф. Милица Шперовиќ – Рибарски. Со нејзините интерпретации, Рита Поповиќ оставила впечаток врз аудиториумот уште во училишниот период. Таа во 1974 година била добитник на прва награда на Републичкиот натпревар по пијано, а во истата година на Сојузниот натпревар во Љубљана освоила втора награда.

Во класата на проф. Милица Шперовиќ – Рибарски го продолжила и високото образование, на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во текот на студиите била учесник на многубројни јавни настапи. Како претставник на Факултетот за музичка уметност - Скопје, настапила на: „Средби на музичките академии и факултети од Југославија“ во Скопје и во Белград, како и на „Интернационалните музички средби“ во Ровињ.

Во правец на натамошниот уметнички развој, Рита Поповиќ ги завршила постдипломските студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, под менторство на проф. Јокут Михајловиќ и проф. Борис Романов.

Во 1981 година се вработила во ДМБУЦ „Илија Николовски –Луј“ во Скопје како наставник по пијано. По шеснаесетгодишното успешно дејствување во овој Центар, во 1997 година Рита Поповиќ се вработила на Факултетот за музичка уметност во Скопје, како уметнички соработник. Од 2004 година ја продолжила

педагошката дејност, најпрво како доцент по предметот Пијано (2004 - 2007), потоа како вонреден професор по предметите: Пијано, Камерна музика и Корепетиција (2007 - 2012), а од 2012 година како редовен професор по пијано и камерна музика.

Паралелно со залагањата во областа на клавирската педагогија, Поповиќ активно продолжила да настапува на концертните подиуми, како солист и камерен музичар. Настапувала низ Македонија, сите поголеми центри на поранешна Југославија, како и во Италија, Бугарија, Франција, Албанија, Русија, Малезија, Сингапур и други земји.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во моментот е наставник по наставните предмети: Пијано и Камерна музика во звањето редовен професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1034 од 2.7.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во билтените бр.926 од 15.9.2017 и бр.1034 од 2.7.2012 година, како и вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Својата наставно–образовна дејност, Рита Поповиќ ја започнала во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје. Нејзините залагања во оваа сфера од пијанистичката уметност резултирале со продуцирање на млади пијанисти, кои постигнуваат успеси не само кај нас, туку и во други културни средини.

Голем број од нејзините ученици се носители на многубројни награди (11 први награди, 4 втори награди на републичко ниво, по една прва, втора и трета на сојузно ниво, како и 9 меѓународни награди, од кои 4 се први награди).

Од учениците носители на награди ќе ги спомeнеме: Ана Јосимовска, Огненка Герасимовска, Јана Павловска, Весна Димчевска, Елена Гавровска, Катерина Ќетковиќ, Марша Тодоровска, Кристина Симитчиева и др.

Од 2004 година, Поповиќ се вклучила во наставно–образовниот процес на Факултетот за музичка уметност – Скопје, како доцент по наставниот предмет Пијано, во 2007 година се стекнала со звањето вонреден професор по наставните предмети: Пијано, Камерна музика и Корепетиција, а од 2012 година е редовен професор по наставните предмети пијано и камерна музика.

Посветеноста кон педагошката работа ги давала своите резултати и во текот на педагошката дејност на Факултетот за музичка уметност – Скопје. Многу студенти од нејзината класа постигнале забележливи успеси на концертните претставувања, како и на натпреварите по пијано и камерна музика.

Како позначајни настапи на нејзини студенти овде би ги издвоиле:

2010

- Концерт „Во чест на Роберт Шуман“,
  настап на дуо пијано: Ана Ѓоргиоска и Анастасија Волчевска;
- Концерт „Во чест на Фредерик Шопен“ во Гевгелија,
  настап на: Анастасија Волчевска и Зоран Станишиќ;
- Есенски музички свечености– финалисти на Конкурс „Зографски“,
  настап на дуо пијано: Бојан Вачков и Зоран Станишиќ;
- Рецитал на Зоран Станишиќ (Американска резиденција);
- „200 години од раѓањето на Фредерик Шопен“,
  наастап на: Анастасија Волчевска и Зоран Станишиќ.

<u>2011</u>

- „Музика вива“ – Свечен прием на новата генерација запишани студенти,
  настап на: Зоран Станишиќ;
- Рецитал на Анастасија Волчевска (Музеј на град Скопје);
- Есенски музички свечености – „Кон јубилеите на Властимир Николовски, Тома Прошев и Стојан Стојков“,
  настап на: Денис Најдовски
- „200 години од раѓањето на Франц Лист“,
  настап на дуо пијано: Анастасија Волчевска и Зоран Станишиќ

<u>2012</u>

- „Музика вива“,
  настап на дуо пијано: Анастасија Волчевска и Зоран Станишиќ;
- Солист на Македонска Филхармонија – Зоран Станишиќ.

<u>2013</u>

- „Музика вива“ – циклус концерти
  настапи на: ТамараГлигоровска, Денис Најдовски, Јордан Петрушевски, Ема Ананиевска
- Есенски музички свечености – „Кон јубилеите на Драгослав Ортаков, Александар Лековски, Драган Шуплевски и Ристо Аврамовски“,
  настап на: Антонио Тимчевски;
- „Есенски музички свечености“ – „Музиката продолжува“,
  настап на: Денис Најдовски.

<u>2014</u>

- „Музика вива“ – циклус концерти,
  настапи на: Денис Најдовски, Јордан Петрушевски и Ема Ананиевска;
- Италија – Бари – настап на Ана Велиновска

<u>2015</u>

- „Музика вива“ – циклус концерти,
  настапи на: дуо Глигоровска – Најдовски, Ана Велиновска, Јордан Петрушевски и Ема Ананиевска;
- Италија – настап на Ана Велиновска.

<u>2016</u>

- „Музика вива“ – циклус концерти,
  настапи на: Марио Богдановски, Ана Велиновска, Јордан Петрушевски, Ема Ананиевска и Едона Имери;

- Концерт на симфонискиот оркестар на ФМУ – Скопје со солисти на ФМУ,
  настап на: Ана Велиновска;
- Австрија – Виена - настап на Ана Велиновска;
- ФМУ – Скопје - Концерт на студентите од класата на Рита Поповиќ.

Од големиот број на награди кои ги освоиле студентите од класата на проф. м-р Рита Поповиќ овде ги наведуваме:

<u>2008</u>

- Натпревар за полифонија при ФМУ – Скопје: Трајче Роглев (III награда);

<u>2010</u>

- Државен натпревар: Анастасија Волчевска (I награда);
- „Интерфест“ – Битола, Меѓународен натпревар по пијано:
  Зоран Станишиќ (I награда) и Анастасија Волчевска (II награда);
- Конкурс „Зографски“,
  дуо пијано: Бојан Вачков и Зоран Станишиќ (финалисти);

<u>2011</u>

- Државен натпревар за камерна музика:
  дуо пијано – Анастасија Волчевска и Зоран Станишиќ (I награда);
  дуо пијано - Ана Ѓоргиоска и Бојан Вачков (II награда);
- Натпревар за полифонија при ФМУ – Скопје: Зоран Станишиќ (I награда);

<u>2012</u>

- Натпревар за полифонија при ФМУ – Скопје: Клара Ристова (III награда);
- „Струшки бисери“: Зоран Станишиќ (I награда);
- „Интерфест“, Битола: Зоран Станишиќ (лауреат);

<u>2014</u>

- Натпревар за полифонија при ФМУ – Скопје:
  Тамара Глигоровска (III награда), Ана Велиновска (III награда), Денис Најдовски (II награда) и Јордан Петрушевски (II награда);

<u>2016</u>

- Државен натпревар за камерна музика,
  дуо пијано: Т. Глигоровска и Ј. Петрушевски (I награда).

М-р Рита Поповиќ била член на комисиите за оцена или одбрана на магистерската програма на следниве кандидати:

- 2010, Огненка Герасимовска;
- 2010, Весна Бумбаровска;
- 2010, Гордана Тренчевска;
- 2011, Снежана Димчевска;
- 2011, Кабо Замир;
- 2011, Самира Мустафовска;
- 2011, Магдица Димитрова;
- 2012, Ваљдете Морина;

- 2012, Сања Здравковиќ;
- 2012, Ули Бехлули;
- 2012, Трајче Роглев;
- 2012, Њомза Џафери;
- 2012, Мартина Дуковска;
- 2013, Александра Трајкова;
- 2013, Благојче Ристов;
- 2013, Ана Ѓорѓиоска;
- 2014, Бојан Вачков;
- 2014, Верица Дивитарова;
- 2014, Милан Јанкуловски;
- 2015, Маја Стојановиќ.

М-р Рита Поповиќ била ментор на 13 студенти на втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност - Скопје, од кои 11 на пијано и 2 на корепетиција. Десет од овие студенти веќе ги завршиле своите студии и се стекнале со звањето магистер, а останатите се запишани во 2016 година:

- Гордана Тренчева, одбранета магистерска програма по корепетиција, 2010;
- Самира Мустафовска, одбранета магистерска програма по пијано, 2011;
- Ули Бехлули, одбранета магистерска програма по пијано, февруари 2012;
- Трајче Роглев, одбранета магистерска програма по пијано, март 2012;
- Њомза Кастрати, одбранета магистерска програма по пијано, октомври 2012;
- Ана Ѓоргиоска, одбранета магистерска програма по пијано, август 2013;
- Александра Трајковска, одбранета магистерска програма по пијано, јуни 2013;
- Благојче Ристов, одбранета магистерска програма по корепетиција, 2013;
- Бојан Вачков, одбранета магистерска програма по пијано, август 2014;
- Маја Стојановиќ, одбранета магистерска програма по пијано, 2015;
- Анастасија Волчевска, пијано;
- Тоше Поп Лазаров – пијано (запишан во учебната 2016/2017);
- Зоран Станишиќ – пијано (запишан во учебната 2016/2017).

**Стручно-уметничка дејност**

Рита Поповиќ припаѓа во групата уметници кои се истакнуваат подеднакво во областа на педагогијата и уметничката дејност.

Уште од нејзиниот прв солистички настап во Салонот „19:19“, Трпчева на публиката ѝ се открива како „...несомнен пијанистички талент...“, изборот на „...мошне тешката програма...“, според музичката критика „...разоткрива една несекојдневна естрадност, пијанистичка нарација и буен темперамент, кој за чудо навира од наизглед кревката појава на младата пијанистка...“ („Нова Македонија“). Нејзината уметничка кариера како пијанист ја одбележуваат голем број на соло настапи, коцерти, солист на Македонската филхармонија, проследени

со извонреден прием од публиката и музичката критика: Скопје - 1980 (2), 1981 (МФ), 1991, 1994 (МФ), 1994, 2005 (дуо пијано), Прилеп - 1986, 1990, Куманово - 1986, Охрид - 1981, 2000 (дуо пијано), Белград - 1981, Херцег Нови - 1990, Битола - 1997...

Издвојуваме неколку рецензии за нејзини настапи како солист:

„... од интерпретацијата на Трпчева јасно се почувствува дека умее да го доживее она што го исполнува и со голема емоција и концентрација да го пренесе на пијаното...“ *(„Нова Македонија“)*

„... таа мошне музикално и доживеано ни предаде еден Дебиси. Цикличната творба за пијано на овој импресионист протече во еден здив, без да сме свесни за сложеноста на музичкиот јазик на овој волшебник на прозрачниот и рафиниран хармонско – мелодиски склоп...музицираше прецизно со суптилни динамички нијансирања...“ *(„Нова Македонија“)*

„...рециталот доби своја кулминација во мошне тешката Листова композиција „Мефисто валс“, во која покрај цврстината на тешките пасажи имаше и романтичарска имагинативност...“ *(„Нова Македонија“)*

Покрај солистичките настапи, Трпчева негува исклучителен афинитет и спрема камерното музицирање. Меѓу првите уметници со кои соработувала е виолинското дуо Гаврилска – Братоев (1982, 1983), а подоцна и со уметниците Марија Муратовска (сопран), Е. Имеров (виолина), Н. Јосифова (виолина), Р. Димитровска (виолина), М. Трендафиловски (виолина), Е. Рибарска (флејта) и многу други.

Во 1992 година се формира дуото Димов – Трпчева (кларинет – пијано), кое набргу ги освојува концертните подиуми на државава и надвор од неа. Покрај многубројните концерти во Скопје (1992, 1993, 1995, 1997, 1998, 1999, 2000, 2001, 2002) и Охрид (1993, 1995, 1997, 2003), дуото остварило настапи и во други културни средини меѓу кои Рим (1992, 1993), Белград (1993, 1998), Софија (1993, 2001), Будва (1995), Нови Сад (2001), Тирана (1998), Париз (1997), Куала Лумпур (1995), Ипох (1995), Санкт Петербург (2001) итн.

Во прилог на успешното делување на ова дуо наведуваме неколку рецензии за нивните концертни настапи :

„...но, фактот за очигледен творечки и изведувачки квалитет и постојан личен растеж на С. Димов и Р. Трпчева Поповиќ и не треба многу да не зачудува, ако се знае дека тие им припаѓаат на малубројните воспитаници на ФМУ во Скопје, кои „стартираа“ во македонскиот концертен живот со сите највисоки признанија и награди од натпревари и фестивали, можни за младите инструменталисти од Р. Македонија во поранешна Југославија. Овие несомнени докази за несекојдневен креативен потенцијал како и понатамошната докрај сеодајна професионалност кон реткиот род на музичар – солист инструменталист, достапно го објаснуваат фактот за нивната извонредна поредица од специфични и содржински богати концертни проекти...“ *(„Утрински весник“).*

„...во звучното платно овие двајца уметници направија една висока квалитетна дискрипција – животворна музичка слика. Продолжуваше големиот музички исказ на двајцата уметници со несмалена амбиција и во следните дела...“ *(„Утрински весник“).*

Дуото досега има реализирано снимки за МРТВ и за Радио Белград, има издадено ЦД (Дуо Димов-Трпчева) и е добитник на наградата „Златна лира“, доделена од страна на Сојузот на музички уметници на Македонија.

Како пијано – придружник, Поповиќ во текот на последнава деценија соработувала со голем број истакнати домашни и странски уметници. Во рамките на фестивалот „Интерфест“ - Битола во 2007 година настапила со двајца реномирани уметници: Фабио Фурија, кларинетист од Италија и Леонардо Силва, тенор од Бразил. Во 2008 година имала исклучителна можност да настапи со еден од најактивните германски саксофонисти (истовремено диригент и виолончелист), Детлиф Бенсман, при неговото гостување во Скопје. Во рамките на „Есенски музички свечености“ во Скопје, во 2009 година, Рита Поповиќ настапила со младиот, извонреден саксофонист Нинослав Димов (со кого соработува подолг период) на концертното остварување насловено како „Саксо рапсодија“.

Во периодот од 2007 до 2016 година забележала повеќе успешни настапи:

- Битола, 2007, „Интерфест“, настап со Фабио Фурија (кларинет, Италија) и Леондардо Силва (тенор, Бразил);
- Скопје, 2008, Музеј на град Скопје, Детлеф Бенсман (саксофон, Германија), Нинослав Димов (саксофон) и Фросина Богдановска (виолина);
- Скопје, 2009, Музеј на град Скопје, концерт со Н. Димов (саксофон);
- Куманово, 2009, Центар за култура, „Трајко Прокопиев“, концерт со Нинослав Димов;
- Скопје, 2010, Фестивал „Златна лира“, настап со Стојан Димов (кларинет);
- Гевгелија, 2011, „Гевгелиска пролет“, концерт со Нинослав Димов;
- Скопје, 2011, Салон 19,19, концерт со Алберт Асланај (кларинет);
- Приштина, 2011, Интернационален фестивал на камерна музика, концерт со Астрит Мустафа;
- Урошевац, 2011, Концерт со Астрит Мустафа (кларинет);
- Скопје, 2011, Фестивал „Златна лира“, концерт со Н. Димов (саксофон);
- Скопје, 2012, Сала на ФМУ – Скопје, концерт со С. Димов;
- Гевгелија, 2013, Гевгелиска музичка есен, концерт со С. Димов;
- Скопје, 2013, КИЦ, концерт со С. Димов;
- Приштина,2013, Сала на филхармонија, концерт со Раиф Коха (кларинет);
- Скопје, 2015, Музеј на Град Скопје, концерт со дуо саксофони;
- Кавадарци, 2016, Дом на култура, концерт со дуо саксофони;
- Скопје, 2016, Сала на ФМУ – Скопје, Свечен концерт по повод врачување на награди на истакнати музички педагози, настап со Љ. Чедомирски (кларинет).

## **Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Рита Поповиќ била член на жири - комисии на повеќе државни и меѓународни натпревари:

- 2010, Скопје, 48. Државен натпревар (дисциплина: пијано);
- 2010, Скопје, Натпревар на ученици од музички училишта „Во чест на Шопен и Шуман“;
- 2010, Битола, „Интерфест“ – 6. Меѓународен натпревар (дисциплина пијано);
- 2011, Скопје, 49. Државен натпревар (дисциплина: камерна музика);
- 2011, Скопје, Конкурс за полифонија при ФМУ – Скопје (Катедра за пијано);
- 2012, Скопје, Конкурс за полифонија при ФМУ – Скопје (Катедра за пијано);
- 2013, Скопје, Конкурс за полифонија при ФМУ – Скопје (Катедра за пијано);
- 2013, Скопје, 51. Државен натпревар (дисциплина пијано);
- 2013, Скопје, 4. Државен натпревар на млади музичари (дисциплина: камерна музика за средни и основни училишта);
- 2014, Скопје, Конкурс за полифонија при ФМУ – Скопје (Катедра за пијано);
- 2015, Скопје, Државен натпревар (дисциплина: пијано);
- 2016, Скопје, Државен натпревар (дисциплина: камерна музика);
- 2016, Скопје, Државен натпревар на млади музичари за основно и средно музичко образование.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката м-р Рита Поповиќ на сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност - Скопје има добиено позитивни оценки. За зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година има просечна оценка 10, за летниот семестар во учебната 2013/2014 година има просечна оценка 9,96, за зимскиот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,50, за летниот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,83, за зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година има просечна оценка 9,45 и за летниот семестар во учебната 2015/2016 има просечна оценка 10.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува уметничката, наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Рита Поповиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Рита Поповиќ поседува уметнички,

научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, м-р Рита Поповиќ да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти, на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Тодор Светиев, с.р.

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.

Проф. м-р Катерина Костадиновска Гелебешева, с.р.

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

**м-р Рита Поповиќ**

Институција:

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје**

Научна област:

**видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика за клавишни инструменти.**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии (2012-2013) – 14x30x0,04=16,8 | 16,8 |
| 2. | Настава од прв циклус студии (2013-2014) – 14x30x0,04=16,8 | 16,8 |
| 3. | Настава од прв циклус студии (2014-2015) – 16x30x0,04=19,2 | 19,2 |
| 4. | Настава од прв циклус студии (2015-2016) – 17 x30x0,04=20,4 | 20,4 |
| 5. | Настава од прв циклус студии (2016-2017) – 16x30x0,04=19,2 | 19,2 |
| 6. | Настава од втор циклус студии (2012-2013) – 4x60x0,05=12 | 12 |
| 7. | Настава од втор циклус студии (2013-2014) – 2x60x0,05=6 | 6 |
| 8. | Настава од втор циклус студии (2015-2016) – 1x60x0,05=3 | 3 |
| 9. | Настава од втор циклус студии (2016-2017) – 2x30x0,05=3 | 3 |
| 10. | Консултации со студенти (2012- 2016) | 0,7 |
| 11. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2012-2016) – 1 | 0,5 |
| 12. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска програма (2012-2016) – 13 x 0,3 = 3,9 | 3,9 |
| | **Вкупно** | **121,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа (2012-2016) – 8 x 1 = 8 | 8 |
| | **Вкупно** | **8** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Скопје, 2012, Сала на ФМУ Скопје – концерт со С. Димов | 8 |
| 2. | Гевгелија, 2013 – Гевгелиска музичка есен – концерт со С. Димов | 8 |
| 3. | Скопје, 2013, КИЦ – концерт со С. Димов | 8 |
| 4. | Приштина, 2013, Сала на филхармонија – концерт со Раиф Коха (кларинет) | 8 |
| 5. | Скопје, 2015, Музеј на Град Скопје – концерт со дуо саксофони | 8 |
| 6. | Кавадарци, 2016, Дом на култура – концерт со дуо саксофони | 8 |
| 7. | Скопје, 2016, Сала на ФМУ - Скопје – Свечен концерт по повод врачување на награди на истакнати музички педагози, настап со Љупчо Чедомирски (кларинет) | 2 |
| | **Вкупно** | **50** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Скопје, април 2012 – Конкурс за полифонија при ФМУ | 1 |
| 2. | Скопје, април 2013 – Конкурс за полифонија при ФМУ | 1 |
| 3. | Скопје, април 2013 – 51-ви Државен натпревар за ученици и студенти по музика, дисциплина пијано | 1 |
| 4. | Скопје, мај 2013 – Четврти државен натпревар на млади музичари, дисциплина камерна музика | 1 |
| 5. | Скопје, април 2014 – Конкурс за полифонија при ФМУ | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 6. | Скопје, 2015 – Државен натпревар (дисциплина: пијано) | 1 |
| 7. | Скопје, 2016 – Државен натпревар (дисциплина: камерна музика) | 1 |
| 8. | Скопје, мај 2016 – Државен натпревар на млади музичари од основните и средните музички училишта во Македонија, дисциплина пијано | 1 |
| | **Вкупно** | **8** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 121,5 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 8 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 50 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 8 |
| **Вкупно** | **187,5** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. м-р Тодор Светиев, с.р.

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.

Проф. м-р Катерина Костадиновска Гелебешева, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ ТЕОРИЈАТА НА МУЗИКАТА И СОЛФЕЖ, ВО ПОСТОЈАН РАБОТЕН ОДНОС, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на својата седница одржана на 23. 3. 2017 година, донесе решение (Одлука бр. 02-332/1) за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, проф. д-р Димитрије Бужаровски и проф. Живоин Глишиќ. На конкурсот, објавен во весниците „Нова Македонија" и "Koha" на 14. 3. 2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по областите теорија на музиката и солфеж по група наставни предмети од областите теорија на музиката и солфеж на Факултетот за музичка уметност од Скопје се пријави кандидатката проф. м-р Снежана Димчевска.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Снежана Димчевска е родена 1956 година во Скопје, каде што го завршила основното образование и средното музичко образование на инструментот виолончело. Нејзин професор бил светски реномираниот виолончелист и педагог Андре Навара, кој во тоа време е визитинг-професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Снежана Димчевска била ученичка во првата година во Средното музичко училиште, и како особен талент, била избрана за најмлад студент во неговата класа.

Паралелно со наставата по виолончело, таа истовремено покажува силен интерес и знаења од областа на солфежот, теоријата на музиката и останатите стручно-теориски предмети.

Додипломските студии ги завршила на Факултетот за музичка уметност во Скопје на наставно-теорискиот оддел, каде што уште повеќе доаѓаат до израз нејзиниот интерес и способност за стручно-теориските предмети. Студиите ги завршува на истиот Факултет, со веќе изграден однос кон определбата за понатамошно делување во сферата на образованието, и тоа особено во областа на педагогијата.

Во 2010 година го одбранила магистерскиот труд „Наставната програма по солфеж за основно музичко училиште со насока за популарни жанрови и

пијаното во нејзината реализација“ на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. м-р Тодор Светиев.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од ваквиот изграден став кон музичката педагогија произлегува и првото вработување на Снежана Димчевска, во 1981 година во МБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, каде што работи како професор по предметите: Солфеж и Теорија на музиката во основниот и средниот оддел. За самото вработување добива препорака од универзитетскиот професор Надежда Мишченко-Водеб, која се осврнува на нејзините стручни квалитети: „... Димчевска Снежана поседува особен афинитет и интерес за предметот солфеж. Димчевска Снежана, продолжи да контактира со оваа дисциплина преку подготвување на ученици и идни студенти, а за постигнатите резултати можев да се уверам на приемните испити по предметот солфеж ... Димчевска поседува изострен слух, што е битна компонента за секој наставник кој се занимава со солфеж ...”

Уште на самиот почеток во изведувањето на наставата по овие предмети, таа внесува многу новини и сопствени креации во неа, притоа водејќи сметка за природниот потенцијал на учениците. Резултатите од нејзината педагошка работа се евидентни преку генерациите ученици кои се примени на ФМУ, а кои со успех го положиле приемниот испит. Ваквата добра подготвеност им овозможила на некои од нив да бидат издвоени како најдобри студенти на годината. М-р Снежана Димчевска, исто така, подготвувала ученици кои успешно се претставиле на приемните испити на музичките факултети надвор од нашата држава.

Воопшто, проф. м-р Снежана Димчевска секогаш значајно помага со своите стручни совети, како и со демонстрирање на настава. Од нејзиното прво вработување, па сè до денес на ФМУ од Скопје, колегите од основните и средните музички училишта, наставниците и професорите по музика во основните и средните училишта, како и колегите од факултети за музичка уметност во државата и пошироко, постојано го бараат нејзиното стручно мислење за напредокот на идните млади музичари, без разлика дали се работи за определба на професија или за напредување во неа. Несомнено, ова остава впечаток на човек со високо изграден став, но и професионалец кој има визија и може да го предвиди напредокот на преслушаните кандидати.

Покрај ова, во текот на педагошката дејност, м-р Снежана Димчевска учествувала на повеќе семинари од областа на солфежот во Скопје, Шибеник, Херцег Нови и Белград, кај еминентни професори меѓу кои: проф. д-р Зорислава Васиљевиќ (која ја издвои Снежана Димчевска како учесник со најголеми потенцијали, а нејзината работа позитивно ја оцени преку подготвеноста на учениците), проф. Надежда Мишченко (во текот на кој била и демонстратор),

проф. Благој Цанев, професори од ЦМШ од Москва, како и кај многу други. М-р Снежана Димчевска во 2010 година била учесник на семинарот за РЕА-методот на Оливер Оливер одржан на УКИМ, ФМУ-Скопје.

Од 1997 година, Снежана Димчевска работи на Факултетот за музичка уметност во Скопје (во постојан работен однос), како соработник во звањето асистент по група предмети од областа на теорија на музиката, односно по предметите: Музички форми и Хармонија. Од 2002 година, таа изведува вежби по предметот Солфеж, во кој е најмногу докажана, а со оглед на нејзиното над 30-годишно искуство, бележи бројни резултати во наставата со студентите. Во 2002/2003 година, ас. Снежана Димчевска изведува вежби по предметот Солфеж кај доц. м-р Викторија Коларовска-Гмирја, во 2003/2004 година, Снежана Димчевска преминува во звањето доцент, во 2007/2008 година преминува во звањето вонреден професор, а во 2012 година е избрана за редовен професор.

М-р Снежана Димчевска изведува настава по предметот Солфеж 1 и 2 како задолжителен предмет на вокално-инструменталниот оддел, одделот за музичка теорија и педагогија и одделот за музикологија на прв циклус студии.

Исто така, таа изведува настава по предметот Солфеж 3 и 4 како задолжителен предмет на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање и за студентите по соло пеење и како изборен предмет за останатите студенти од иструменталниот оддел.

Исто така, м-р Снежана Димчевска од учебната 2012/2013 година изведува настава по предметот Теорија на музиката со солфеж 1 и 2 на студиската програма за популарни жанрови, за кој ја изготвува предметната програма.

М-р Снежана Димчевска беше ментор на студенти на втор циклус студии на студиската програма за музички науки. Под нејзиното менторство се одбранети три магистерски труда на Димитар Поп Алексов (2014), Моника Ѓока (2015) и Фланза Адеми (2016).

Во академските 2007/2008 и 2008/2009 година, м-р Димчевска одржува предавања за запознавање на матурантите од средните музички училишта во Тетово, Битола, Штип и Скопје со студиските програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Таа била член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на 2 кандидата: Дојрана Прокопиева – музикологија (2007) и Дамјан Темков – композиција (2008); како член на комисија за одбрана на магистерски труд на следниве кандидати: Александра Јанковска – пијано (2007), Оливер Оливер (2011), Ферат Исеини (2011), Горан Диниќ (2012), Розета Ѓеоргиевска (2012) – методика на музичка настава, Лејла Алими – музикологија (2011), Фотини Георгиадис (2012), Магдалена Божиновска-Стојанова (2013), Жанета Дивјакоска-Донева (2013), Бурхан Азизи – методика на музичка настава (2016).

М-р Димчевска ја изготвува наставната програма по солфеж 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање (3 и 4 за студентите по соло пеење), како и наставната програма по солфеж 1 и 2 на вокално-инструментален оддел. Бидејќи е во директна врска со

програмите и литературата која се користи на ФМУ, проф. м-р Снежана Димчевска постојано ги согледува проблемите со кои се судруваат студентите по овој предмет. Користејќи го своето долгогодишно искуство, таа, во изминатиов период, создава пакет материјали за наставата по предметот Солфеж 1, 2, 3 и 4, преку кои се отвора можност да се расчистат проблемите на студентите поврзани со одредена проблематика, а воедно да се зголеми спектарот на нивните познавања од оваа област. Овој пакет материјали претставува рекапитулација на претходното знаење, но и отворање нови хоризонти во размислувањето околу оваа дисциплина. Пакетот материјали содржи познати примери од литературата, како и сопствени творечки креации, од областа на ритмиката, мелодиката и диктати. Исто така, м-р Димчевска создава и пакет материјали за изведување настава по предметот Теорија на музиката со солфеж на студиската програма за популарни жанрови.

Во текот на својата наставно-образовна дејност во периодот 2012-2017 година, м-р Снежана Димчевска одржува консултации со над 100 студенти во семестарот, со цел подобрување на нивните постигнувања по предметот Солфеж.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачкита дејност на м-р Снежана Димчевска во изминатиов период е поврзана со воведувањето на популарните жанрови во музичкото образование во Република Македонија. Така, таа во својот магистерски труд се занимава со поставување основи на наставата по солфеж во популарните жанрови во основно музичко училиште, што претставува прв труд од оваа област во нашата средина. Во него се разгледани творечките форми на работа, писмените форми на работа, усните форми на работа, свирењето на пијано, вокално-интонационите вежби, вежбите по слух, музичкиот диктат, планирањето на часот, домашните задачи и проверката на домашните задачи и контролни часови. Трудот дава многу информации и насоки за организирање на настава за изучување на популарните жанрови во нашите музички училишта и како таков претставува патоказ за педагозите кои ќе ја водат наставата со ваков профил. Во 2012 година го објавува трудот *Солфеж во популарните жанрови во основно музичко училиште*.

Во 2009 година, м-р Димчевска работи и на класификацијата на документацијата на детскиот хор „Пиколо“ заедно со м-р Мирјана Павловска-Шулајковска и Весна Димчевска. Нивната работа е презентирана во трудот „Хорот *Пиколо* - транспозиција на професионалниот вокален солистички репертоар“ на Мирјана Павловска-Шулајковска, кој е претставен на ИРАМ-овата конференција *Истражувања во музикологијата и етномузикологија* во 2010 година и е објавен на http://mmc.edu.mk/IRAMbooks/papers/Pavlovska2010.pdf. Анализата на овој материјал е направена врз партитури, фотографии, концертни програми, искажувања на учесници, аудио- и видеоматеријали.

На 17.10.2016 година, м-р Димчевска одржува предавање на ФМУ - Скопје „Тоше Проески како промотор на македонското музичко творештво“.

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Со оглед на тоа дека дека врз музичките способности во најголема мера може да се влијае на детска возраст, а посебно преку основното и средното музичко образование, м-р Димчевска во изминатиов период создава 11 збирки со оригинални творечки креации, насловени „Солфеж и диктати“, секоја за соодветно ниво на основно, односно средно образование, согласно со актуелните планови и програми за настава по солфеж. Во овие збирки е вткаено долгогодишното искуство и знаење на педагогот м-р Снежана Димчевска.

Во својата досегашна работа на ФМУ - Скопје, м-р Димчевска повеќепати е активна во работата со хорот на ФМУ, како и со пејачките делници во операта „Деспина и Мистер Докс“ од Димитрије Бужаровски поставена со студентите во 2001 година. Оваа нејзина активност продолжува и во следниот период.

Така, во август 2009 година, м-р Димчевска подготвува камерен хор составен од студентите по соло пеење и од останатите оддели на ФМУ - Скопје, и како негов диригент остварува 4 настапи на различни локации во Крушево по повод постхумното доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација на Тоше Проески од Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Во 2017 година, м-р Димчевска објавува два труда кои се однесуваат на проблематиката на предметот Солфеж кој го предава:

- Историја на солфежот за време на раниот музички развој (збирка стручно-практични материјали со нотни примери)
- Едногласни и двогласни диктати.

Двата труда претставуваат важен придонес во музичката педагогија во Република Македонија.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

М-р Снежана Димчевска е долгогодишен соработник на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија. Во 2008 година, таа се јавува како член на Комисијата за изработка на наставна програма по изборниот предмет Творештво за IV и V одделение на деветгодишното основно образование.

Покрај ова, во 2011 година, таа е и претседател на Рецензентската комисија на учебникот по музичко образование за VI одделение деветгодишно основно образование.

М-р Снежана Димчевска во текот на досегашниот работен стаж на ФМУ - Скопје е постојано активна во организацијата на проектите на Факултетот за музичка уметност во Скопје. На 1.10.2005 година, со изборот на проф. м-р Евушка Трпкова-Елезовиќ за декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје, Снежана Димчевска е избрана за продекан за настава во период од 4 години. Во рамките на оваа нејзина активност, во периодот 2007-2009 година таа се јавува како организатор на концертите на ансамблите на ФМУ - Скопје, меѓу кои спаѓаат концертите на Симфонискиот оркестар, Хорот „Драган Шуплевски", Оркестарот на народни инструменти, Биг-бендот и Камерниот оркестар „Солисти на ФМУ"; потоа, на многу бројните камерни концерти во Концертната сала на ФМУ, како и на низа други активности кои се одржуваат во текот на целата академска година.

Од посебно значење е и нејзиниот удел во спроведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, потпишан со Болоњската декларација, не само во својот предмет, туку и во другите предметни програми.

Исто така, забележано е и нејзиното учество во промотивните активности на ФМУ - Скопје на Деновите на образование и наука во 2007, 2008 и 2009 година, каде што се јавува како главен организатор на презентацијата и концертите на ансамблите на ФМУ – Скопје. Нејзиното учество во промотивните активности на ФМУ - Скопје, како и работата во комисиите на државните натпревари продолжува и во целиот понатамошен период.

Покрај тоа, во 2007, 2008 и 2009 била претседател на конкурсна комисија и член на комисија за приемни испити на ФМУ - Скопје, а во 2007 и 2008 година била член на Комисија за нострификација на дипломи, член на факултетска Комисија за самоевалуација и член на факултетска Комисија за набавки на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Во 2008, м-р Димчевска се јавува како главен организатор на соработката помеѓу Факултетот за музичка уметност во Скопје и Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Србија, преку која е остварен концерт на класите по соло пеење при ФМУ - Скопје во Концертната сала на Факултетот за уметности во Ниш.

Посебно се истакнува и активноста на м-р Димчевска како главен организатор на проектот: Постхумно доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација од Факултет за музичка уметност во Скопје на Тоше Проески, кој се остварува во 2009 година.

Од останатите дејности од поширок интерес, се издвојува и нејзината работа како член на комисија за дисциплина солфеж V, VI категорија на 47. (2009), IVa, IVб и IVц категорија на 49. (2011) и IIIa и IIIб категорија на 51. (2013), 52. (2014) и 54. (2016) Државен натпревар за ученици и студенти по музика на Република Македонија, во организација на Здружението на музичките и

балетски педагози на Република Македонија, со кое м-р Димчевска има долгогодишна соработка.

Исто така, во 2010 година била член на организационен одбор на двата семинара за РЕА-методот на Оливер Оливер одржани на УКИМ, ФМУ - Скопје и МБУЦ „Илија Николовски-Луј” – Скопје.

Со оглед на нејзиното искуство по предметот Солфеж и максималното вложување при работата со студентите, м-р Димчевска има постигнато многубројни резултати како професор. Најдобар доказ за ова се наградите на нејзините студенти на државните натпревари за ученици и студенти по музика на Република Македонија, во организација на Здружението на музичките и балетски педагози на Република Македонија.

Така, на 47. Државен натпревар одржан во 2009 година, нејзините студенти ги освојуваат следниве награди:

1. Вангел Мажевски (специјална награда)

2. Душко Ичев (прва награда)

3. Дијана Илкоска (прва награда)

4. Дино Имери (прва награда)

5. Петре Штерјов (прва награда)

6. Анастасија Волчевска (прва награда)

7. Димитар Поп-Алексов (прва награда)

8. Зоран Станишиќ (втора награда)

9. Борче Ѓорѓиев (втора награда)

10. Маја Михајловска (втора награда)

11. Лејла Беќири (втора награда)

12. Милан Јанкуловски (втора награда)

13. Ирена Јовановска (втора награда)

На 49. Државен натпревар, одржан во 2011 година, распоредот на наградите е следен:

1. Бојан Матоски (специјална награда)

2. Симон Поповски (специјална награда)

3. Ристе Довлев (прва награда)

4. Наташа Михајлова (прва награда)

5. Никола Стојмановиќ (прва награда)

6. Бојан Илкоски (прва награда)

7. Томе Спасовски (прва награда)

8. Пеце Нешковски (прва награда)

9. Емил Чичоновски (прва награда)

10. Петар Тасевски (втора награда)

11. Александра Ивановска (втора награда)

На 51. Државен натпревар, одржан во 2013 година, распоредот на наградите е следен:

III-а категорија:

1. Стефан Волчевски (специјална награда)

2. Марко Гапо (прва награда)

3. Филип Иванов (прва награда)

4. Наташа Гулеска (прва награда)

5. Магдалена Попоска (прва награда)

III-б категорија:

1. Маја Божиновска (специјална награда)

2. Бојан Илиоски (прва награда)

3. Маријана Јаневска (прва награда)

4. Мимоза Кека (прва награда)

5. Ана Марија Михајловска (прва награда)

6. Сања Смилевска (прва награда)

7. Ана Тимосиеска (прва награда)

На 52. Државен натпревар, одржан во 2014 година, распоредот на наградите е следен:

III-а категорија:

1. Цветанчо Николоски (специјална награда)

2. Николче Витковски (прва награда)

3. Стефан Миладинов (прва награда)

4. Иван Трајковски (прва награда)

5. Тамара Глигоровска (прва награда)

6. Константин Хаџи Коцев (прва награда)

7. Илија Ивановски (прва награда)

8. Динко Стипаничев (прва награда)

9. Илија Јанчулески (втора награда)

III-б категорија:

1. Горан Илиевски (специјална награда)

2. Тоше Поп Лазаров (прва награда)

3. Христина Вељановска (прва награда)

4. Магдалена Попоска (прва награда)

5. Даниел Маневски (прва награда)

6. Ангелина Божиновска (втора награда)

7. Никола Николовски (втора награда)

На 54. Државен натпревар, одржан во 2016 година, распоредот на наградите е следен:

III-а категорија:

1. Дино Хрициќ (специјална награда)

2. Ванчо Белчовски (прва награда)

3. Диана Мирчевска (прва награда)

4. Ана Марија Кузмановска (прва награда)

III-б категорија:

1. Давид Миладинов (специјална награда)

2. Антонио Спировски (прва награда)

3. Ива Дамјановски (прва награда)

4. Тамара Коминовска (прва награда)

5. Душко Дембовски (прва награда)

6. Колос Цури (прва награда)

Со оглед на постигнатите резултати во севкупната дејност на м-р Снежана Димчевска на полето на музичкото образование и наука, во 2016 година таа сосема заслужено станува добитник на наградата за повеќегодишната успешна работа во областа на музичката педагогија која ја доделува Здружението на музички и балетски педагози на Република Македонија.

Кандидатката проф. м-р Снежана Димчевска на сите анонимно спроведени анкети на студентите на ФМУ – Скопје има добиено позитивни оценки. За зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година, просечната оценка изнесува 9,53. За летниот семестар во учебната 2013/2014 година, просечната оценка изнесува 9,61. За зимскиот семестар во учебната 2014/2015 година, просечната оценка изнесува 9,42. За летниот семестар во учебната 2014/2015 година, просечната оценка изнесува 9,80. За зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година, просечната оценка изнесува 9,45. За летниот семестар во учебната 2015/2016 година, просечната оценка изнесува 9,70.

**ЗАКЛУЧОК**

Од прегледот на биографските податоци, наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката, стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на кандидатката м-р Снежана Димчевска можеме да констатираме дека таа во целост ги исполнува условите на распишаниот конкурс за наставник во сите наставно-научни звања по областите теорија на музиката и солфеж по група наставни предмети од областите теорија на музиката и солфеж на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Имајќи ги предвид:

- нејзиното континуирано образовно усовршување кое резултираше со стекнувањето на степен магистер на музички науки на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2010 година,

- исклучително богатото педагошко искуство во реализирањето на наставата по предметот Солфеж во сите образовни нивоа и постигнатите одлични резултати со студентите од додипломските студии, односно студиите од првиот циклус,

- успешната менторска работа со студентите на магистерски студии од областа на музичките науки,

- придонесот во научната и стручната литература од областите теорија на музиката и солфеж,

- посветеноста, трудољубивоста, одговорноста во извршувањето на наставата и консултациите,

- стручноста во подготовката и реализацијата на часовите,

- придонесот во изготвувањето на наставната програма по солфеж во популарните жанрови за основно музичко образование – прва од ваков вид во Македонија,

- придонесот во изготвувањето на наставната програма по теорија на музиката и солфеж во популарните жанрови за високо музичко образование,

- придонесот за изготвување на наставниот материјал по солфеж за сите образовни нивоа (од основното музичко образование до универзитетските студии), кој претставува значаен влог во квалитетното реализирање на наставниот процес по овој предмет,

- придонесот во изготвувањето наставни програми по предмети од обласа на музичката култура и музичкото образование во основните и средните училишта и студиските и предметни програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје,

- нејзиниот удел во раководните функции на Факултетот за музичка уметност во Скопје, и

- залагањата и дејноста насочена на афирмацијата на Факултетот за музичка уметност во Скопје преку организирањето на стручно-педагошките, концертните и други афирмативни активности,

предлагаме таа да биде реизбрана во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја с. р.

2. Проф. д-р Димитрије Бужаровски с. р.

3. Проф. Живоин Глишиќ с.р.

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: СНЕЖАНА ЦВЕТКО ДИМЧЕВСКА**
**Институција: ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**
**Научна област: ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА, СОЛФЕЖ**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус студии | 84 |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус студии | 27 |
| 3. | Консултации со студенти | 0.6 |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 4.2 |
| 5. | Пакет материјали за одреден предмет | 8 |
| | **Вкупно** | 123.8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа | 3 |
| 2. | Предавање по покана на универзитет: „Тоше Проески како промотор на македонското музичко творештво“ | 1 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Историја на солфежот за време на раниот музички развој (збирка стручно-практични материјали со нотни примери) | 8 |
| 2. | Едногласни и двогласни диктати | 8 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 16 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во работата на комисии за државни натпревари | 3 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот | 2 |
| | **Вкупно** | 5 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста (дејности од поширок интерес): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен) | 3 |
| | **Вкупно** | 3 |

**ЗАБЕЛЕШКА: НАГРАДЕНИ СТУДЕНТИ НА ДРЖАВНИТЕ НАТПРЕВАРИ ПО ПРЕДМЕТОТ СОЛФЕЖ**

СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА: 6

ПРВА НАГРАДА: 29

ВТОРА НАГРАДА: 3

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 123,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 16 |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 3 |
| **Вкупно** | 151,8 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја с. р.**

2. **Проф. д-р Димитрије Бужаровски с. р.**

3. **Проф. Живојин Глишиќ с. р.**

# ***Р Е Ф Е Р А Т***
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СРЕДНОВЕКОВНА ВИЗАНТИСКА УМЕТНОСТ, НАЦИОНАЛНА УМЕТНОСТ ВО ТУРСКИОТ ПЕРИОД, ВИЗАНТИСКА ИКОНОГРАФИЈА И СЕМИОТИКА И ЛИКОВНА СЕМИОТИКА- РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот ,,Нова Македонија“ на ден 24 март 2017 година, за избор на еден наставник во сите звања за научните области (дисциплини): *средновековна византиска уметност*, *национална уметност во турскиот период*, *византиска иконографија и семиотика* и *ликовна семиотика – родова перспектива*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје (бр.04-437/8), донесена на XXXIV редовна седница одржана на 19.4.2017 година, е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Никос Чаусидис, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Иванка Гергова, редовен професор на Институтот за истражување на уметностите (Институт за изследване на изкуствата) при Бугарската акедемија на науките во Софија и д-р Иван Џепароски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација на единствениот пријавен апликант, д-р Анета Серафимова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Анета Серафимова е родена во Скопје, каде што завршила основно училиште и гимназија. Во 1986 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на ННСГ за историја на уметноста со археологија со просечен успех 9,63. Постдипломските студии ги запишала во 1987 година на Филозофскиот факултет во Белград, на Одделението за историја на уметноста, насочувајќи се кон областа поствизантиска уметност на Балканот од XV до XVIII век. Испитите ги завршила во 1991 година со просечен успех 10, а магистрирала во 1994 година на Филозофскиот факултет во Белград. Докторирала во 2002 година на Филозофскиот факултет во Скопје.

Таа работи на Филозофскиот факулет во Скопје од 1987 година како приправник на ННСГ за историја на уметноста со археологија. Избрана е за помлад асистент на Институтот за историја на уметноста со археологија во 1988 година, а за асистент во 1994 година. Во 2003 година е избрана во звањето доцент, а во јануари 2008 година во звањето вонреден професор. Во ноември 2012 година е избрана во звањето редовен професор во научните области, дефинирани според Фраскатиевата класификација: средновековна византиска уметност, поствизантиска уметност - општ курс, национална уметност во турскиот период и средновековна ликовна семиотика. Во 2016 година е вклучена во додипломската настава за меѓународни и културни студии на Катедрата на УНЕСКО за интеркултурни студии и истражувања.

Од 2004 година ја менторира наставната програма за поствизантиска и преродбенска уметност во Р Македонија на вториот студиски циклус на Институтот за историја на уметноста и археологија (насока: историја на уметноста). Од 2012 година е вклучена во студиската програма на интеркултурните постдипломски студии. Таа е реакредитиран ментор на втор студиски циклус од 2016/2017 година.

Во периодот 2011-2014 година е вклучена во студиската програма на третиот студиски циклус - докторски студии на Институтот за историја на уметноста и археологија како сореализатор на четири предметни програми, а од 2015 година е само член на Советот на трет

циклус - докторски студии како акредитиран ментор со тековни менторски ангажмани.

Анета Серафимова реализирала повеќе стипендии за стручен престој во странство, меѓу кои треба да се издвојат годишната стипендија (1988-1989) на Владата на Република Грција за студиски престој на Политехничкиот факултет во Атина, стипендијата за студиски престој во Istituto Elenico di Studi Bisantini e Postbisantini (San Georgio dei Greci) во Венеција (1997), стипендијата за студиски престој во British School of Archaeology (BSA) во Атина (1998), како и стипендијата за студиски престој на Институтот за уметност (Институт за изкуствознание) при Бугарската академија на науките во Софија (1998). Добитник е на грант за реализација на индивидуален проект на Фондацијата Research Support Scheme (RSS) на Централниот европски универзитет (CEU) во Прага, во траење од две години (1995-1996).

Во текот на својата наставно-научна кариера, д-р Анета Серафимова објавила педесетина научноистражувачки студии и стручни трудови во домашни и странски списанија. Таа е самостоен автор на шест монографии и едно мултимедијално ДВД-издание и коавтор на десетина тематски и монографски публикации. Учествувала на повеќе домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и конференции, а како поканет предавач одржала предавања во Британската школа во Атина (1997), на Универзитетот Сорбона 1 во Париз (1999), во Прешерновата дворана на САЗУ во Љубљана (2005) и на Филозофскиот факултет во Љубљана (2010), како и во Културниот центар на РМ во Њујорк (2006).

Носител или учесник е во неколку домашни и меѓународни проекти, меѓу кои треба да се издвои меѓународниот макропроект *The Gesture in the Cultural Heritage of Europe* (Partnership in-btwn: Fabbrica Europa - Florence & Museum - Ljubljana & Scientific Research Centre SAZU - Ljubljana & Oxymoron - Athens), во кој е вклучена како научен соработник во периодот меѓу 2004 и 2006 година. Од 2008 до 2012 година, д-р Анета Серафимова реализирала повеќе проекти со

Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција (Regional Bureau for Science and Culture in Europe // UNESCO - BRESCE) и со Cooperazione Italiana.

Д-р Анета Серафимова била советник и член на Комисијата за издаваштво во Министерството за култура (2002-2004), член на Советот на министерот за култура (2003-2006) и национален претставник при Советот на УНЕСКО за IPDC (Intergovernmental Programme for the Development of Communication). Од 2010 година е член на Одборот на УНЕСКО при Филозофскиот факултет (UNESCO Chair in Education and Human Development), а од 2013 година – член на престижното Здружение SPBS при OUBS (Oxford University Byzantine Society).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

По последниот избор, наставниот ангажман на д-р Анета Серафимова на додипломските студии се одвива во следниве научни области: *средновековна византиска уметност*, *национална уметност во турскиот период*, *византиска иконографија и семиотика* и *ликовна семиотика – родова перспектива*. Во летниот семестар во учебната 2012/2013 година, тој вклучува два задолжителни предмета на Институтот за историја на уметноста во рамки на старата студиска КТС-програма (в. Анекс 2/НО: 1). По 2013 година се реализира низ пет задолжителни предмети на СП за историја на уметноста и тоа: Византиска иконографија и семиотика, Византиска уметност, Поствизантиска уметност, Поствизантиска уметност во Македонија и Преродбенска уметност во Македонија. Од изборните предмети тука спаѓаат следниве: ликовна семиотика – родови перспективи (сореализатор Н. Чаусидис) за СП по родови студии и СП по психологија; византиска иконографија и семиотика за СП по археологија; византиска уметност за СП по класична филологија и византологија; словенско-византиска култура и

уметност и икона, иконостас и резба за листата на УКИМ (в. Анекс 2/НО: 2-5).

Во периодот 2013-2017 година, д-р Анета Серафимова учествувала во реализација на пет предмети во рамките на три постдипломски студиски програми на Институтот за историја на уметноста и археологија (уметноста на Балканот од 15 до 18 век и во 19 век, ликовна и визуелна семиотика и средновековна уметност во Европа) и еден предмет на студиската програма за втор студиски циклус по интеркултурни студии при Филозофскиот факултет (в. Анекс 2/НО: 6-12). Во овој период подготвила седум нови предмети за додипломски студии (в. Анекс 2/НО: 13-19), како и пакет материјали за задолжителните наставни предмети од СП за прв циклус по историја на уметноста кои се поставени и на глобалната едукативна интернет-мрежа (www.academia.edu) (в. Анекс 2/НО: 21). Била ментор на 10 дипломски трудови и член на комисија за оцена и одбрана на други дипломски трудови (в. Анекс 2/НО: 22-25).

Од наведените факти може да се согледа исклучителната широчина на наставните содржини реализирани од д-р Анета Серафимова во смисла на нивниот хронолошки распон којшто ја опфаќа уметноста во словенско-византискиот културен ареал од 9 до 19 век. Широкиот опсег се однесува и на нејзиниот научен пристап (историски, иконографски, теолошки, семиотички, културолошки), застапеноста на наставните предмети во повеќето семестри од матичната студиска програма, насоченоста кон уште четири конкретни студиски програми на Филозофскиот факултет, а потенцијално и кон програмите на други факултети при УКИМ.

Од приложеното е видлива нејзината особена посветеност кон наставно-образовната сфера и работата со студентите што, меѓу другото, се огледа и во високите оценки добиени на анонимно спроведената анкета на студентите за самоевалуација (види подолу, под ставката „оценка од самоевалуација"). Следствено, ова резултира и со високо бодирање на оваа дејност *(141,72 поени)*, особено земајќи предвид дека од овој збир е одбиен

ангажманот на нејзината соработничка, ангажирана во согласност со законските одредници како експерт од праксата.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во согласност со член 3 од Критериумите за избор во звања и податоците приложени во Анекс 2, согледуваме дека д-р Анета Серафимова во периодот од 2013 до 2017 година била ментор на две докторски дисертации (6 *поени*) и на четири магистерски тези (4 *поени*) (в. Анекс 2/НИ: 1-6). Учествувала во пет национални научни проекти кои се однесуваат на истражувањето, промовирањето и заштитата на културното наследство во Р Македонија од средновековниот и преродбенскиот период. Нагласуваме дека учеството во овие проекти, најнепосредно поврзани со научните области вклучени во овој реизбор, е верификувано со потврди приложени до комисијата. За овие активности во рамките на научноистражувачката дејност, таа се стекнала со *15 поени* (в. Анекс 2/НИ: 7-11).

Апликантката приложи два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручни списанија (8 *поени*) (в. Анекс 2/НИ: 12, 13):

- „Прилог кон проучувањата на ликовноста на светите Седмочисленици“, *Зборник на Седмата научна средба „Свети Климент Охридски - инспирација во ликовното творештво“,* НУБ „Свети Климент Охридски“, Скопје 2013, 19-44.
- ‘Кон темата „Свети Климент Охридски - легат и фасцинација“,’ *Зборник на Осмата научна средба по повод патрониот празник на НУБ „Свети Климент Охридски“,* Скопје 2015, 3-7 (воведно излагање и печатена верзија).

Приложени се и седум трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор (40,*2 поени*) (в. Анекс 2/НИ: 14-20):

- „Нова власт – друга вера. Прилог проучавању исламских утицаја на поствизантијску уметност", *Саопштења* XLV (2013), 165-178 (коавтор: Ј. Спахиу)
- "Image and Imagery: Revisiting the Depictions of the Seven Slavic Saints," *Patrimonium.MK,* VII/12 (2014), 345-362.
- "Notes on the Depictions of Saint Dionysios the Righteous of Olympos", *Heroes, Cults, Saints*, eds. I. Gergova & E. Moutafov, Institute of Art Studies & Bulgarian Academy of Sciences, Sofia 2015, 133-145.
- "Contribution to Studying Islamic Influences on the post-Byzantine Painting in Ottoman Macedonia", *Islamic Civilization in the Balkans,* ed. Dr. Halit Eren, IRCICA, İstanbul 2015, 21-43 (co-authored by J. Spahiu).
- „Свети Никола во Шишевскиот манастир: кадрирање на животописот", *Патримониум. МК,* 14 (2016), 186-202.
- "On the Painterly Script of Nikola Mihailov in the Church of Saint Nicholas in Kumanovo", *Balcanoslavica. International Peer Reviewed Journal*, Vol. 45/2 (2017)(co-authored by M. Simonovska), forthcoming.
- "On the Conceptual Codes of the Entity: Paintings of the Upper Compartments of the Narthex and Porch of Saint Sophia in Ohrid", *Sergiy Radonezhskiy and the Russian Art of the 14th – first half of the 15th centuries in the Context of Byzantine Culture*, eds. G. Gerov et M. Orlova (special edition), State Institute for Art Studies & Ministry of Culture of Russian Federation, Moscow (forthcoming).

Во периодот по нејзиниот последен избор, д-р Анета Серафимова учествувала со свои секциски предавања на повеќе домашни и меѓународни научни, т.е. стручни собири. Комисијата имаше можност да се запознае со нејзините реферати и апстракти објавени во зборниците на реферати и зборниците на апстракти од овие собири (в. Анекс 2/НИ: 21-30).

Научните трудови на д-р Анета Серафимова приложени за овој реизбор се одликуваат со сеопфатност и темелност, што е евидентно и од нивниот научен апарат, како и од форматот кој надминува еден авторски табак. Иако во основа фокусирани на источното христијанство, тие се извонредно комплексни и разнородни, како од тематски аспект, така и во поглед на нивниот хронолошки (14-19 век) и територијален опсег (Македонија, Балкан, Медитеран). Во оваа прилика може да се посочат неколку глобални теми кон кои се тие упатени. Една од нив се словенските просветители, со посебен акцент на св. Климент Охридски и на седмочислениците. Следната тема се однесува на влијанијата на исламската култура во уметноста од поствизанискиот период. Нагласуваме дека се работи за тематска преокупација којашто е исклучително ретка меѓу македонските медиевисти. Неколку од трудовите се посветени на истражувањата на одделни сликарски ансамбли во црковните споменици во Република Македонија каде што базичниот фактографски и дескриптивен пристап премунува во иновативно толкување на иконографските циклуси (црквата Св. Никола на Шишевскиот манастир) и историскиот контекст на настанување и функционирање на некои објекти (катни простории на катедралната црква Св. Софија во Охрид). Една од темите може да се определи како истражување на „европеизацијата“ на потвизантиското сликарство во Македонија во втората половина на 19 век. Повод за воведување на оваа тема е ѕидното сликарство во црквата Свети Никола во Куманово, што воедно претставува првична научна обработка на овој сликарски ансамбл.

Научниот приод на д-р Анета Серафимова се одликува со исклучителна прецизност, особено во поглед на за неа препознатливата методологија и лексика, сугестивните поднаслови и задолжителните завршни согледувања. Овој концепт придонесува кон јасноста и прегледноста на нејзините трудови, коишто не се само показател на тежнеењето кон егзактност туку и кон концизна, недвосмислена и децидно аргументирана теза. Треба да се нагласи дека посочените компоненти обезбедуваат, меѓу другото, и успешна

примена на овие трудови во наставата. За научната заснованост на истражувањата на апликантката говори богатата интернационална литератураползувана во нејзините трудови, а, секако, и застапеноста на нејзините статии и монографии меѓу референците на водечките светски истражувачи од дадените области.

Неопходно е да се истакне воведувањето од страна на д-р Анета Серафимова на семиотичкиот метод во истражувањето на византиската и пошироко на христијанската уметност и тоа како дополнување на историскиот и теолошкиот пристап кои сѐ уште преовладуваат во домашната историографија. Преку овој метод, вклопен во еден поширок интеркултурен и интердисциплинарен дискурс, таа партиципира во еден светски тренд на „отворање“ на византологијата и проучување на византиската култура во интеракција со други култури со кои таа стапувала во директна или посредна комуникација. Во значителен дел од нејзините трудови е применет интеркултурниот пристап на проучување на византиската и поствизантиската уметност, кој е секогаш втемелен врз строга емпириска основа составена од добро документирани факти и аргументирани заклучоци.

Врз основа на увидот во приложените трудови, Комисијата смета дека во нив се содржани оригинални научни резултати кои од една страна произлегуваат, но од друга и партиципираат во соодветните области на светската наука. Сумирајќи ги согледувањата за научната работа на д-р Анета Серафимова, констатираме дека станува збор за византолог со широк истражувачки капацитет кој во рамките на својата научноистражувачка дејност во овој изборен период остварила вкупно 90,2 поена.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во текот на изминатите пет години, стручно-апликативната дејност на д-р Анета Серафимова се одвивала на неколку нивоа. Првото се состои во нејзино ангажирање во популаризацијата на културното наследство и промовирањето на неговата заштита, и тоа преку подготовка, евалуација или стручна ревизија на научно-популарни изданија наменети за поширока културна јавност (Анекс 2/НА: 1, 2). Второто ниво вклучува ангажирање како гостин-предавач и супервизор на наставни програми во средни училишта (Анекс 2/НА: 9, 10, 18-22). Третото го сочинуваат учества како претстедател на комисии за ревизија на елаборати за ревалоризација на движното и недвижното културно наследство (збирки на икони, црковни и манастриски комплекси) на територијата на Р Македонија (Анекс 2/НА: 5-8, 11-12, 14). Четвртото ниво се однесува на партиципирањето во научни проекти како евалуатор, модератор или воведничар на научни средби, како учесник на форуми и како стручен консултант - соработник во изготвувањето на научни проекти (Анекс 2/ НА: 3, 13, 15-17).

Во рамките на дејностите од поширок интерес треба да се посочи учеството на д-р Анета Серафимова како уредник или член во уредувачки одбори на научни/стручни списанија (Анекс 2/НА: 23, 24) и учеството, главно, како прв член, во рецензентски комисии за избор во соработнички и професорски звања, како и во рецензентски комисии за оцена на магистерски трудови и научни монографии. Тука треба посебно да се истакне нејзиното членување во Одборот на УНЕСКО при Филозофскиот факултет (UNESCO Chair in Education and Human Development) (Анекс 2/НА: 25-33).

Комисијата заклучи дека врз основа на приложената документација од доменот на стручно-апликативните дејности и дејностите од поширок интерес, д-р Анета Серафимова се стекнала со вкупно 28,1 бод.

ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Во академската 2014/2015 година, проф. д-р Анета Серафимова доби завидна просечна оцена 9,56 (9,71 по предметот Византиска иконографија и семиотика, 9,24 по предметот Поствизантиска уметност (општ курс) и 9,72 по предметот Преродбенска уметност во Македонија) на анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата констатира дека во изминатиот петгодишен период, д-р Анета Серафимова постигнала завидни резултати во сите домени предвидени за избор во редовен професор, покажувајќи големи залагања во наставно-образовната дејност и високи резултати во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во согласност со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, апликантката остварила вкупно 260,02 поени, со што неколкукратно го надминала минимумот според Правилникот за избор во звањето редовен професор.

Во завршниот дел на овој извештај би сакале уште еднаш да го истакнеме големиот удел на д-р Анета Серафимова во развојот на византологијата и на другите науки што ја истражуваат христијанската уметност во Македонија и во поширокиот балкански и медитерански ареал. Заслужуваат особено признание нејзините залагања за подигање на квалитетот и критериумите во наставно-образовниот процес како на матичниот Институт за историја на уметноста и археологија, така и во рамките на Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основа на наведените факти и согледувања, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му препорача на Наставно-

научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Анета Серафимова да биде реизбрана во звањето редовен професор по научните области (дисциплини): *средновековна византиска уметност*, *национална уметност во турскиот период*, *византиска иконографија* и *семиотика* и *ликовна семиотика – родова перспектива*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Никос Чаусидис, редовен професор с.р

Д-р Иванка Гергова, редовен професор с.р

Д-р Иван Цепароски, редовен професор с.р

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Анета Кочо Серафимова

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Институт за историја на уметноста и археологија,

Филозофски факултет (УКИМ)

(назив на факултетот/институтот)

**Научни области:** средновековна византиска уметност, национална уметност во турскиот период, византиска иконографија и семиотика и ликовна семиотика – родова перспектива

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии (додипломски студии)** | |
| 1 | 2013 (летен сем.)<br><br>Византиска иконографија и семиотика (историја на уметноста) (4+2/II сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Преродбенска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VIII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 | 7,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | 2013-2014<br><br>Византиска иконографија и семиотика (историја<br><br>на уметноста) (4+2/II сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска иконографија и семиотика (археологија)<br><br>на уметноста (3+2/VII сем.): 5 x 15 x 0,04 = 3<br><br>Византиска уметност (историја на уметноста) (4+2/III сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска уметност (класична филол. и византологија) (2+2, V сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Поствизантиска уметност (историја на уметноста) (4+2/IV сем.) : 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Поствизантиска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Преродбенска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VIII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Ликовна семиотика - родови перспективи (родови студии) (2+2/VII сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Ликовна семиотика - родови перспективи (психологија) (2+2/ III сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4 | 26,28 |
| 3 | 2014-2015 | |

| | | |
|---|---|---|
| | Византиска иконографија и семиотика (историја<br><br>на уметноста) (4+2/II сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска иконографија и семиотика (археологија)<br><br>(3+2/VII сем.): 5 x 15 x 0,04 = 3<br><br>Византиска уметност (историја на уметноста) (4+2/III сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска уметност (класична филол. и византологија) (2+2, V сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Поствизантиска уметност  (историја на уметноста) (4+2/IV сем.) : 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Поствизантиска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Преродбенска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VIII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Ликовна семиотика - родови перспективи (родови студии) (2+2/VII сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Ликовна семиотика - родови перспективи (психологија) (2+2/ III сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Словенско-византиска култура и уметност (УКИМ) (2+2/ VIII сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Икона, иконостас и резба (УКИМ) (2+2/ VIII сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4 | 31,08 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | 2015-2016<br><br>зимски сем.<br><br>Византиска иконографија и семиотика (археологија)<br><br>(3+2/VII сем.): 5 x 15 x 0,04 = 3<br><br>Византиска уметност (класична филол. и византологија) (2+2, V сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Византиска уметност (историја на уметноста) (4+2/III сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Поствизантиска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Ликовна семиотика - родови перспективи (психологија) (2+2/ III сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>летен сем.<br><br>Византиска иконографија и семиотика (историја<br><br>на уметноста) (4+2/II сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Поствизантиска уметност (историја на уметноста) (4+2/IV сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Поствизантиска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VI сем.)/нова програма/: 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Преродбенска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VIII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Словенско-византиска култура и уметност (УКИМ) (2+2/ VIII сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4 | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 29,88 |
| 5 | 2016-2017<br><br>Византиска иконографија и семиотика (историја<br><br>на уметноста) (4+2/II сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска уметност (историја на уметноста) (4+2/III сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6<br><br>Византиска уметност (класична филол. и византологија) (2+2, V сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4<br><br>Поствизантиска уметност (историја на уметноста) (4+2/IV сем.) : 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Поствизантиска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VI сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Преродбенска уметност во Македонија (историја на уметноста) (4+2/VII сем.): 6 x 15 x 0,04 = 3,6 (- 0,64 за ангажиран демонстратор) = 2,96<br><br>Икона, иконостас и резба (2+2/ IV сем.): 4 x 15 x 0,04 = 2,4 | 20,88 |
| | *Вкупно поени од одржани часови 2013-2017 на прв студиски циклус:* ***115,32*** | |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***115,32*** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии (постдипломски студии)** | |
| | ***Студиска програма по историја на уметноста*** | |
| 6 | Методологија на научните истражувања<br><br>5 часа x 0,05 x 5 год. = 1,25 | 1,25 |
| 7 | Историја на уметноста<br><br>5 часа x 0,05 x 5 год. = 1,25 | 1,25 |
| 8 | Византиска семиотика<br><br>5 часа x 0,05 x 5 год. = 1,25 | 1,25 |
| 9 | Поствизантиска уметност на Балканот<br><br>5 часа x 0,05 x 5 год. = 1,25 | 1,25 |
| 10 | Уметноста на Балканот во 19 век<br><br>5 часа x 0,05 x 5 год. = 1,25 | 1,25 |
| | ***Студиска програма по интеркултурни студии*** | |
| 11 | Интеркултурна семиотика и музеологија (со проф. д-р Н. Чаусидис)<br><br>5 часа x 0,05 x 4 год. = 1 | 1 |
| 12 | *Вкупно поени од одржани часови 2013-2017 на втор студиски циклус:* ***7,25*** | **7,25** |
| | **Подготовка на нов предмет (додипломски студии)** | |
| 13 | Византиска иконографија и семиотика за насоката Историја на уметноста | 1,5 |
| 14 | Средновековна византиска уметност за насоката Историја на уметноста | 1,5 |
| 15 | Национална уметност во турскиот период за насоката Историја на уметноста | 1,5 |
| 16 | Византиски културно-уметнички комонвелт за насоката Историја на уметноста | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Византиска уметност за Институтот за класична филологија и византологија | 1,5 |
| 18 | Ликовна семиотика - родови перспективи (со проф. д-р Н. Чаусидис) за Институтот за родови студии | 1,5 |
| 19 | Културно наследство и културна разноликост за Катедрата на УНЕСКО за интеркултурни студии и истражување | 1,5 |
| | *Вкупно за подготовка на нов предмет:* ***10,5*** | **10,5** |
| | **Консултации со додипл. и постдипл. студенти:** | |
| 20 | - додипл.: 20 студенти x 0,002 = 0,04 (по сем.) x 5 год. = 0,2 x 5 задол. пред. = 1<br>- постдипл.: 5 студенти x 0,002 = 0,01 (по сем.) x 5 год. = 0,05 x 5 предмети = 0,25 | **1,25** |
| | **Пакет материјали за наставен предмет** | |
| 21 | Текстуален и илустртативен материјал (CD Power Point) за предметите: (1) Византиска иконографија и семиотика,<br>(2) Византиска уметност, (3) Поствизантиска уметност,<br>(4) Поствизантиска уметност во Македонија и<br>(5) Преродбенска уметност во Македонија | |
| | *Вкупно за пакет материјали за наставен предмет: 5 x 1* | **5** |
| | **Ментор на дипломски труд** | |
| 22 | 2012-2013 год.: (1) Јовановска Сања, (2) Ленче Миљковиќ, (3) Делфина Трајчевска, (4) Сања Смоковска, (5) Игор Марковски, (6) Димеска Викторија; | |
| 23 | 2014-2015 год.: (7) Бежановска Христина, (8) Димовска Ангела; | |
| 24 | 2016 год. (9)Ристова Билјана, (10) Наве Сашка; | |
| | *Вкупно ментор на дипломски трудови: 10 x 0,2* | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на комисија за оценка и одбрана на дипломски труд** | |
| 25 | 2013 год.: Минов Марјан, Пејковска Елена; | **0,4** |
| | **Вкупно** | **141,72** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторска дисертација** | |
| 1 | Ј. Спахиу, *Творештвото на зографот Јован од Грамоста и неговата работилница*, Филозофски факултет, Скопје (во изработка). | 3 |
| 2 | А. Василески, *Сликарството во сакралните споменици во културниот комплекс Зрзе*, Филозофски факултет, Скопје (трет циклус студии-докторски студии). | 3 |
| | *Вкупно: 2 x 3 = 6* | **6** |
| | **Ментор на магистерка работа** | |
| 3 | М. Симоновска, *Ѕидното сликарство во црквата Свети Никола во Куманово*, Филозофски факултет, Скопје 2013. | 1 |
| 4 | А. Јаќовска, *Житијниот циклус на св. Никола во поствизантиската уметност на територијата на Република Македонија*, Филозофски факултет, Скопје (во изработка). | 1 |
| 5 | А. Василески, *Поствизантиските претстави на Страшниот суд на територијата на Република Македонија,* Филозофски факултет, Скопје 2015. | 1 |
| 6 | Д. Трајчевска, *Иконите на иконостасот во црквата Свети Пророк Илија во Блатец (Виничко)*, Филозофски факултет, Скопје (во изработка). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вкупно:4 x 1 =4* | **4** |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 7 | 2011-2018 - Национален проект на Влада на РМ „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“ | 3 |
| 8 | 2013 - надворешен соработник (стручен консултант) во Проектот „Исламските влијанија врз орнаментиката на поствизантиските споменици во Република Македонија“ (раководител: д-р Атанас Атанасоски ; установа: ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп) | 3 |
| 9 | 2013 - надворешен соработник (стручен консултант) во Проектот „Декоративната пластика во христијанските сакрални споменици од византискиот период (XI - XIV век)“ (раководители: Татјана Канческа Смичковска и Борче Топуковски; установа: НУ Музејот на Македонија) | 3 |
| 10 | 2014 - надворешен соработник на Проектот „Реконструкција на сликаната програма на пештерната црква и параклисот во монашката населба на културниот комплекс Зрзе“ (раководител: м-р Александар Василески; установа: ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп) | 3 |
| 11 | 2017 - надворешен соработник (стручен консултант) во Проектот „Декоративната пластика во христијанските сакрални споменици од поствизантискиот и од преродбенскиот период во РМ (XV - XIX век)“ (раководители: Татјана Канческа Смичковска и Борче Топуковски; установа: НУ Музеј на Македонија) | 3 |
| | *Вкупно: 5 x 3 =15* | **15** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 12 | „Прилог кон проучувањата на ликовноста на светите Седмочисленици“, *Зборник на Седмата научна средба „Свети Климент Охридски - инспирација во ликовното творештво“,* НУБ „Свети Климент Охридски“, Скопје 2013, 19-44. | 4 |
| 13 | ‘Кон темата „Свети Климент Охридски - легат и фасцинација“,’ *Зборник на Осмата научна средба по повод* | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *патрониот празник на НУБ „Свети Климент Охридски“*, Скопје 2015, 3-7 (воведно излагање и печатена верзија). | |
| | *Вкупно: 2 x 4 = 8* | **8** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 14 | „Нова власт – друга вера. Прилог проучавању исламских утицаја на поствизантијску уметност“, *Саопштења* XLV (2013), 165-178 (коавтор: Ј. Спахиу) | 5,4 |
| 15 | “Image and Imagery: Revisiting the Depictions of the Seven Slavic Saints,” *Patrimonium.MK,* VII/12 (2014), 345-362. | 6 |
| 16 | “Notes on the Depictions of Saint Dionysios the Righteous of Olympos “, *Heroes, Cults, Saints*, eds. I. Gergova & E. Moutafov, Institute of Art Studies & Bulgarian Academy of Sciences, Sofia 2015, 133-145. | 6 |
| 17 | “Contribution to Studying Islamic Influences on the post-Byzantine Painting in Ottoman Macedonia”, *Islamic Civilization in the Balkans,* ed. Dr. Halit Eren, IRCICA, İstanbul 2015, 21-43 (co-authored by J. Spahiu). | 5,4 |
| 18 | „Свети Никола во Шишевскиот манастир: кадрирање на животописот“, *Патримониум. МК,* 14 (2016), 186-202. | 6 |
| 19 | **“On the Painterly Script of Nikola Mihailov in the Church of Saint Nicholas in Kumanovo”, *Balcanoslavica. International Peer Reviewed Journal*, Vol. 45/2 (2017)(co-authored by M. Simonovska), forthcoming.** | 5,4 |
| 20 | “On the Conceptual Codes of the Entity: Paintings of the Upper Compartments of the Narthex and Porch of Saint Sophia in Ohrid”, *Sergiy Radonezhskiy and the Russian Art of the 14th – first half of the 15th centuries in the Context of Byzantine Culture*, eds. G. Gerov et M. Orlova (special edition), State Institute for Art Studies & Ministry of Culture of Russian Federation, Moscow (forthcoming).<br><br>https://www.academia.edu/9332118/On_the_Conceptual_Codes_of_the_Entity_Paintings_of_the_Upper_Compartments_of_the_Narthex_and_Porch_of_Saint_Sophia_in_Ohrid) | 6 |
| | *Вкупно: 5 x 6= 30 +[ 2 (коавторски) x 5,6] =* | **40,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир** | |
| 21 | „Прилог кон проучувањата на ликовноста на светите Седмочисленици“. // Седма научна средба „Свети Климент Охридски - инспирација во ликовното творештво“, НУБ “Свети Климент Охридски“, Скопје 2013. | 1 |
| 22 | „Свети Климент Охридски - легат и фасцинација“. // *Осма научна средба по повод патрониот празник на НУБ „Свети Климент Охридски“*, Скопје 2015 | 1 |
| | *Вкупно:2 x 1 = 2* | ***2*** |
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 23 | “On the Conceptual Codes of the Entity: Paintings of the Upper Compartments of the Narthex and Porch of Saint Sophia in Ohrid”, *International Symposium “Sergiy Radonezhskiy and the Russian Art of the 14th – first half of the 15th centuries in the Context of Byzantine Culture”*, Moscow (10-13 November) 2014 (cf. http://archi.ru/events/11332/sergii-radonezhskii-i-russkoe-iskusstvo-vtoroi-poloviny-xiv-pervoi-poloviny-xv-veka-v-kontekste-vizantiiskoi-kultury | 2 |
| 24 | “Notes on the Depictions of Saint Dionysios the Righteous of Olympos “, *International Symposium on the 500th Anniversary since the Martyrdom of St George The New Martyr of Sofia”*, Sofia (8-10 May) 2015. | 2 |
| 25 | “The Painterly Script of Nikola Mihailov in the Saint Nicholas Church in Kumanovo”, *International Conference “Celebrating the 35th Anniversary of the Institute of Old Slavic Culture in Prilep (UKLO)”*, Co-organized by PSI Institute of Old Slavic Culture in Prilep (Macedonia) & Institute of Slavic Philology at Adam Mickiewicz University in Poznań (Poland), Kratovo (9-11 September) 2015. | 2 |
| | *Вкупно: 3 x 2 = 6* | **6** |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 26 | - усна презентација: 5 x 1 (cf. 21-25)<br><br>- постер: / | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| 27 | - Proceedings of the International Symposium “Sergiy Radonezhskiy and the Russian Art of the 14th – first half of the 15th centuries in the Context of Byzantine Culture”, Moscow (10-13 November) 2014<br><br>cf. http://sias.ru/upload/iblock/5aa/2014_radonejs_54.pdf | 1 |
| 28 | - International Symposium on the 500th Anniversary since the Martyrdom of St George The New Martyr of Sofia”, Abstracts, Sofia (8-10 May) 2015. | 1 |
| 29 | - International Conference “Celebrating the 35th Anniversary of the Institute of Old Slavic Culture in Prilep (UKLO)”, Abstracts, Kratovo (9-11 September) 2015. | 1 |
| 30 | “The Kosmas Cosmos and Representations of Psalm 148, 149 and 150: A case study of the ‘Praise the Lord’ icon from the Museum of Macedonia (Skopje)”, *Proceedings of the 23rd International Congress of Byzantine Studies*, Thematic Sessions of Free Communications, eds. D. Dželebdžić et S. Bojanin, Belgrade 2016, 791.<br><br>(cf. http://www.byzinst-sasa.rs/srp/uploaded/PDF%20izdanja/Thematic%20Sessions%20of%20Free%20%20Communications.pdf) | 1 |
| | *Вкупно: 4 x 1* | **4** |
| | **Вкупно** | **90,2** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Поглавје во популарна книга** | |
| 1 | Serafimova A., “Byzantine Art”, “Skopje: Churches and Monasteries”, “Ohrid: Seven Churches, Ten Centuries, a Single | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | Mile”, in ed. G. Drtkovski, *Macedonia: Discover the Hidden Gem*, guide book , Ljubovta e pettiot element, Skopje 2016, 30-34, 118-130, 153-170. | |
| | **Експертски активности, евалуација, стручна ревизија...** | |
| 2 | 2013-2015 - Contributor in the Project “Macedonia: Discover the Hidden Gem”, guide book (Implementers: G. Drtkovski & Ljubovta e pettiot element) | 1 |
| 3 | Евалуација на научната студија “The Axis Mundi as a Mythological Base of Acrobatics performed on a pole (Diachronic Analyses)”, за тематската конференција/публикација “*Public and Private Games from Prehistory to the Early Middle Ages*“ (Пула, 2013) | 1 |
| 4 | Промотивен материјал на евалуацијата на проектот „Реставрација на Стариот конак на Кучевишкиот манастир“ (реализатор НКЦ - Скопје): *Стариот конак - конзерваторско-реставраторска доблест* (текст), Скопје 2013, 2-6. | 1 |
| 5 | - 2013 - Претседател на Комисијата за втора ревизија на елаборатот за ревалоризација на *Збирката на икони на Галеријата на икони - Охрид* (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |
| 6 | - 2013 - Претседател на Комисијата за ревизија на елаборатот за ревалоризација на недвижното културно наследство, *црквата „Свети Никола Чудотворец“ во Охрид* (Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство) | 1 |
| 7 | - 2013 - Претседател на Комисијата за ревизија на елаборатот за ревалоризација на недвижното културно - споменична целина, *Манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ - Крива Паланка* (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |
| 8 | - 2013 - Претседател на Комисијата за втора ревизија на елаборатот за ревалоризација на недвижната културно - споменична целина, *Манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ - Крива Паланка* (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | - 2014 - Супервизор на наставната програма за предметот *ликовна уметност - вовед* за прва година - задолжителен (реализатор: Д. Томиќ Радевска) во ПСУ Интернационално средно училиште - Скопје | 1 |
| 10 | - 2014 - Супервизор на наставната програма за предметот *ликовна уметност - уметноста во средниот век* за втора година - задолжителен (реализатор: Д. Томиќ Радевска) во ПСУ Интернационално средно училиште - Скопје | 1 |
| 11 | - 2014 (01.12) - Претседател на Комисијата за трета ревизија на елаборатот за ревалоризација на *Збирката на икони на Галеријата на икони - Охрид* и донестување на решение за прогласување на Збирката за културно наследство од особено значење - поткатегорија исклучително значење (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |
| 12 | - 2014 - Претседател на Комисијата за ревизија на елаборатот за ревалоризација на движното културно наследство „Збирка икони во црквата Свети Илија во Виница“ (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |
| 13 | - 2015 (7 декем.) - модератор и воведничар на тематската Научна средба „Свети Климент Охридски - легат и фасцинација“, НУБ „Свети Климент Охридски“ - Скопје. | 1 |
| 14 | - 2017 - Претседател на Комисијата за ревизија на елаборатот за валоризација на „*Елабораtот за валоризација на збирката икони од црквата Св. Ѓорѓи во Струга*“ (Министерство за култура - Управа за заштита на на културното наследство) | 1 |
| | *Вкупно: 13 x 1 = 13* | **13** |
| | **Изготвување и пријавување на научен национален проект** | |
| 15 | - соработник - 4 x 1 (cf. НИ: 8-11) | **4** |
| | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри, едукативни установи...** | |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | - 2012 (октомври), Форум на тема „Заштитата на културното наследство во музеите во Македонија - состојби и искуства“ (организатори: МНК Син штит и ПМФ - Институт за етнологија и антропологија) | 0,5 |
| 17 | - 2013 (5 јуни), ЕУ Инфо центар во Скопје: „Културното наследтсво во зелената агенда“, авторски текст и презентација во рамките на *Светскиот ден на заштитата на животната средина* | 0,5 |
| 18 | - 2013 (окт.), Презентација во ПСУ Интернационално средно училиште - Скопје на учебното помагало за средно образование *„Светското наследство во рацете на младите“*, изд. Министерство за култура на РМ и Национална комисија за УНЕСКО, Скопје 2012 (уредник//дополнувања, адаптација и вовед: А. Серафимова) | 0,5 |
| 19 | - 2013 (ноем.), Презентација во ПСУ „НОВА интернационални школи“ - Скопје на учебното помагало за средно образование *„Светското наследство во рацете на младите“*, изд. Министерство за култура на РМ и Национална комисија за УНЕСКО, Скопје 2012 (уредник//дополнувања, адаптација и вовед: А. Серафимова) | 0,5 |
| 20 | - 2013 (ноем.), Презентација во ПСУ „Јахја Кемал“ - Скопје на учебното помагало за средно образование *„Светското наследство во рацете на младите“*, изд. Министерство за култура на РМ и Национална комисија за УНЕСКО, Скопје 2012 (уредник//дополнувања, адаптација и вовед: А. Серафимова | 0,5 |
| 21 | - 2014 (мај) - поканет предавач во ПСУ Интернационално средно училиште - Скопје за теренска настава на локалитетот Свети Никита во Скопска Црна Гора | 0,5 |
| 22 | - 2015 (мај) - поканет предавач во ПСУ Интернационално средно училиште - Скопје за теренска настава на локалитетот Марков манастир, Скопско | 0,5 |
| | *Вкупно 7 x 1 = 7* | **3,5** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Уредник на научно/стручно списание** | |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Редактор на Зборникот „Свети Климент Охридски - легат и фасцинација“, изд. НУБ „Свети Климент Охридски“ - Скопје 2015. | **2** |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| 24 | Од 2014 - Уредник на Списанието за култура, уметност и наука „Портал“ (самоиздат) | **0,5** |
| | **Член на рецензентска комисија** | |
| 25 | - 2013 - прв член на Рецензентската комисија за избор во соработничко звање помлад асистент-истражувач во ЈНУ „Институт за старословенска култура“ во Прилеп (Александар Василески). | |
| 26 | - 2013 - прв член на Рецензентската комисија за избор на виш научен соработник на ЈНУ „Институт за старословенска култура“ во Прилеп (д-р Атанас Атанасоски). | |
| 27 | - 2013 - рецензент на монографијата „Делата во Македонија на сликарското семејство на Михаил од Самарина“ (автор: Ј. Тричковска), изд. Каламус (во печат); | |
| 28 | - 2014 - рецензент на магистерскиот труд на Р. Емин, *Документарното и фантастичното во делата на Сијах Калем (турски сликар од XV век)*, Филозофски факултет, Скопје (ментори: проф. д-р Д. Ѓоргиев /ИНИ/). | |
| 29 | - 2014 - прв член на Рецензентската комисија за избор во звањето *виш научен соработник* на Институтот за национална историја (УКИМ) (д-р Викторија Поповска-Коробар); | |
| 30 | - 2015 - прв член на Рецензентската комисија за избор во соработничко звање асистент-истражувач во ЈНУ „Институт за старословенска култура“ во Прилеп (м-р Александар Василески); - 2015 - рецензент на монографијата “Mehmed Siyah Kalem Eşsiz Bir Sanatçı” / „Единствениот уметник Мехмед Сијах Калем“ (автор: Р. Емин), Beyoğlu: Yapı Kredi Kültür Yapı Kredi Kültür Merkezi. | |

| | | |
|---|---|---|
| 31<br><br>32 | - 2017 - прв член на Рецензентската комисија за реизбор во сите звања на ФзФ (д-р Никос Чаусидис).<br><br>*Вкупно 8 х 0,2 = 1,6* | **1,6** |
| | **Член на факултетско тело, комисија...** | |
| 33 | - од 2010 - член на Одборот на УНЕСКО при Филозофскиот факултет (UNESCO Chair in Education and Human Development) | **0,5** |
| | **Вкупно** | **28,1** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **141,72** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **90,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **28,1** |
| **Вкупно** | **260,02** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Никос Чаусидис, редовен професор с.р,

   претседател

2. Д-р Иванка Гергова, редовен професор с.р, член

3. Д-р Иван Џепароски, редовен професор с.р., член

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПЕДАГОГИЈА И АНДРАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Филозофски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија„ и „Коха" од 1.VI 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) ***андрагогија и педагогија***, и врз основа на Одлуката бр.04-954/7 од 27.6.2017 година донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XXXVII редовна седница одржана на 23. VI 2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Велковски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Анета Баракоска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Вера Стојановска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) педагогија и андрагогија, во предвидениот рок се пријави д-р Елена Ризова.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Елена Ризова, доктор по педагошки науки, е родена на 20.10.1982 година во Скопје. Средно образование завршила во 2001 година во гимназијата „Јосип Броз-Тито" во Скопје. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет, на Институтот за педагогија, каде што дипломирала во 2005 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот и македонскиот јазик. Има солидни познавања од францускиот и шпанскиот јазик.

Во академската 2005/2006 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, андрагошка насока. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 13.3.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Оспособеност на студентите за самоучење*.

Докторска дисертација пријавила во јуни 2008 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Описменување на возрасните во Република Македонија* ја одбранила на 3.11.2012 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Зоран Велковски (ментор), проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, проф. д-р Снежана Адамчевска и проф. д-р Сузана Миовска-Спасева. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на педагошки науки.

На 19.12.2012 година е избрана во звањето *доцент* на Филозофскиот факултет во – Скопје, во областите андрагогија и педагогија.

Во моментот работи како доцент на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1043/398 од 30.11.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.1043/398 од 30.11.2012 година и бр. 1008/104 од 16.05.2011 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет - Скопје, кандидатката доц. д-р Елена Ризова изведува настава и вежби на прв циклус студии на

студиската програма по педагогија, како и на студиските програми по историја, дефектологија и семејни студии на Филозофскиот факултет во Скопје. Доц. д-р Елена Ризова изведува настава и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во – Скопје, на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности, како и на Медицинскиот факултет во – Скопје, на Високата медицинска школа. Со воведувањето на новиот концепт на Студиска програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции, кандидатката учествува и во реализацијата на наставата на оваа акредитирана студиска програма за ППМ доквалификација на Филозофскиот Факултет во Скопје.

Во рамките на втор циклус студии, кандидатката д-р Елена Ризова учествува во реализација на наставата во две студиски програми на Институтот за педагогија: студиска програма по педагошки науки и студиска програма по менаџмент во образованието. Д-р Елена Ризова учествува и во реализацијата на наставата на трет циклус студии на студиската програма по педагогија во рамките на андрагошкиот модул.

Кандидатката била ментор на 5 (пет) дипломски трудови, а учествувала и како член во комисија за оцена/или одбрана на 36 (триесет и шест) дипломски, 7 (седум) магистерски трудови и на 8 (осум) докторски дисертации.

Кандидатката е автор/коавтор на два позитивно рецензирани учебника под наслов: „Возрасните и писменоста“ (автор) и „Промоција на здравје и здравствено воспитување“ (коавтор).

### Научноистражувачка дејност

Д-р Елена Ризова има објавено мноштво научни трудови од андрагошката и педагошката област, од кои 3 (три) научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 (шест) труда во меѓународни научни списанија, 1 (еден) труд во меѓународна научна публикација и 5 (пет) труда во зборници од научни собири.

Во јадрото на нејзиниот истражувачки фокус се наоѓаат образованието на возрасните, доживотното учење, како и стручното образование и обука, што може да се види од подолу прикажаната анализа на неколку објавени научноистражувачки трудови:

- Velkovski, Z., **Rizova, E.** (2015), *Social dialogue and partnership in vocational education and training,* International journal of cognitive research in science, engineering and education, Volume 3, Issue 1, June 2015. ISSN 2334-847X (printed), ISSN 2334-8496 (online).

  Во научниот труд со назив „Social dialogue and partnership in vocational education and training", д-р Елена Ризова задно со проф. д-р Зоран Велковски го анализира системот на стручно образование и обука во Република Македонија и неговата компатибилност со европските и светските тенденции од аспект на развивање на социјалниот дијалог меѓу сите засегнати страни во системот.

  Според авторите, значителни се напорите на земјата за систематска инволвираност на клучните чинители во стручното образование и обука како локалните заедници и државните институции во процесот на креирање политики, нивна имплементација и следење. Во периодот кој што доаѓа, според д-р Елена Ризова многу е важно да се интензивира социјалниот дијалог во земјата во поглед на раководењето со стручното образование и обука. Имено, улогата на засегнатите страни доминантно позиционирана во имплементацијата или користење на услугите од стручното образование и обука, мора да биде унапредена во нивна активна партиција во креирањето политики и менаџирање со стручното образование и обука. Тоа би ја зајакнало нивната активна партиципација и би го подигнало степенот на нивната надлежност, односно одговорност за интервенции во оваа област. Улогата на бизнис секторот, пак, во носењето одлуки, обезбедувањето квалитет и менаџирањето со стручното образование и обука во Република Македонија може да се унапреди преку усвојување на легислативни мерки и аплицирање на нови модели и механизми за соработка, со што би еволуирал и статусот на бизнис секторот во партнер во системот на стручно образование и обука.

- Rizov, T., **Rizova, E.** (2015), *Augmented reality as a teaching tool in higher education,* International journal of cognitive research in science, engineering and education, Volume 3, Issue 1, June 2015. ISSN 2334-847X (printed), ISSN 2334-8496 (online).

  Научно-истражувачкиот труд *Augmented reality s a teaching tool in higher education* има задача да прикаже како аугментната реалност може да биде применета во образовниот процес како дидактичка алатка за реализацијата на наставата и вежбите во високото образование. Со помош на аугментната реалност, смета кандидатката д-р Елена Ризова, наставниот кадар од високото образование може да го стимулира вниманието и интересот кај студентите, но и да ја олесни реализацијата на наставниот процес. Резултатите од спроведеното истражување со пилотирање на специјално изработен софтвер на техничките факултети во Р Македонија се исклучително позитивни. Оваа образовна алатка му помага на универзитетскиот наставен кадар да ги презентира објектите во простор со адекватна визуализација. Од друга страна, идејата и потребата за користење на нови технологии во образованието е во согласност со интересот и начинот на живеење на „новите генерации" студенти. Можноста за физичка интеракција со апликацијата им овозможува на корисниците дополнителна помош во истражувањето на геометријата на телата во простор.

Примената на оваа образовна алатка (апликација) не само што дава одлични резултати во реализацијата на наставата по техничките науки, таа исто така лесно може да ја најде својата примена и во други научни области и дисциплини како медицината, дизајнот итн. Со користењето на аугментната реалност во образованието се скратува потребното време за разбирање и интериоризација на материјалот за учење од страна на студентите, додека кај наставниот кадар обезбедува полесен трансфер на содржините за учење, што додава дополнителна вредност на оваа образовна технологија.

- Barakoska, A., Stojanovska, V., **Rizova, E.,** *Contemporary management and the benefits of it's implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia*, National school for Leadership, Vodenje v vzgoji in izobrazevanju, Special Issue /2014, Volumen 12, ISSN 1581-8225.

  Во трудот „Contemporary management and the benefits of it's implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia", д-р Елена Ризова, заедно со проф. д-р Анета Баракоска и проф. д-р Вера Стојановска, ги истражува придобивките од воведувањето на современиот концепт на менаџментот во основното образование во Република Македонија. За таа цел, авторките ги испитуваат мислењата и ставовите на наставниците и директорите од основните училишта на територијата на град Скопје. Заклучоците од истражувањето упатуваат на тоа дека менаџментот иако не се остварува во доволна мера сепак има свое влијание и значење и е во функција на подобрување на работата во училиштето. Сознанијата добиени од истражувањето индицираат дека современото општество наметнува реформирање на целокупниот воспитно-образовен систем, а со тоа и на училиштата, кои треба да бидат раководени од директори со современи менаџерски компетенции.

Д-р Елена Ризова била национален координатор на еден меѓународен научен проект со назив „Regional registry of providers for adult educational services" финансиран и поддржан од Центар за доживотно учење – Скопје и канцеларијата на DVV International од Bonn.

Кандидатката д-р Елена Ризова во својата научна кариера учествувала во значајни меѓународни и национални проекти (8 меѓународни и 5 национални) кои се од исклучително значење за развој на образованието на возрасните, доживотното учење, како и стручното образование и обука на национално и европско ниво, и тоа:

- ѕчесник во национален научен проект со наслов *Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции*, Институт за педагогија/Филозофски факултет , УКИМ, Скопје, 2015/2016;
- учесник во национален научен проект за изработка на базична студија во рамките на проектот *Roma Empowerment and Awareness for Democracy through Education,* во координација на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" – Скопје;
- учесник во национален научен проект со наслов *Изработка и операционализација на концепција за основно образование на возрасни* во координација на UNDP- канцеларија во Скопје;

- учесник во национален научен проект со наслов *Изработка на концепција за унапредување на наставничката професија во Република Македонија,* во координација на NANSEN Дијалог центарот во Скопје;
- учесник во национален научен проект со наслов *Стратегија за развој и концепт за финансирање на Отворените граѓански универзитети/Работничките универзитети (2014-2018)* во координација на DVV International и Центарот за доживотно учење-Скопје;
- учесник во реализација на меѓународен научен проект: *Дизајнирање и имплементација на Курикулум Глобале концептот за стекнување и унапредување на андрагошките компетенции кај професионалците во областа на образованието на возрасните*, во координација на Центарот за доживотно учење-Скопје и DVV International, Bonn;
- учесник во реализација на меѓународен научен проект: *Подобрување на педагошките компетенции на наставниците и менаџерските вештини на директорите од средните стручни училишта во Р.Македонија и Косово* во координација на Јаваскула колеџ за образование на наставници (ЈАМК - Јаваскула универзитетот за применети науки од Финска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет - Институт за педагогија;
- учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA -компонента IV:„Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK), со назив: *Изработка на методологија за посебни програми за образование на возрасни во согласност со потребите на пазарот на трудот,* во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење-Скопје;
- учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA- компонента IV: „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK), со назив *Зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни во областа на доживотното учење,* во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење-Скопје;
- учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA-компонента IV: „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK), со назив *Изготвување на Стратегија за доживотното учење 2017-2020,* во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење-Скопје;
- учесник во меѓународен научен проект со наслов*„Стратегија за стручно образование и обука во Република Македонија во контекст на доживотно учење 2013-2020* во координација на Европската фондација за обука (ЕТФ), Министерството за образование и наука на Република Македонија и Центарот за стручно образование и обука;
- учесник во меѓународен научен проект со наслов *Реформирање на техничкото образование во Република Македонија,* во координација на Светска банка и Министерство за образование и наука на Република Македонија;

- учесник во меѓународен научен проект со наслов *Strengthening Europeans' capabilities by establishing the European literacy network,* во координација на Европска комисија *COST Action IS1401*.

Д-р Елена Ризова во изминатиот петгодишен научноистражувачи опус е автор/коавтор на два универзитетски учебника.

Универзитетскиот учебник „Возрасните и писменоста“, во издание на Филозофскиот факултет во Скопје, дава јасен и прецизен преглед на проблемот со (не)писменоста на возрасната популација во светот и Република Македонија. Главниот мотив за научно истражување на овој образовен проблем на кандидатката д-р Елена Ризова произлегува од свесното или несвесното општествено неглектирање на оваа погубна појава, како и повеќедеценискиот петрифициран став кој се негува кон образованието на возрасните воопшто. Неможноста за општествена и социјална инклузија, како и економската немоќ, ја прават неписмената возрасна популација една од ранливите категории на граѓани која треба да се искачи на приоритетните општествени скалила за образовни интервенции. Бројните парцијални обиди за изнаоѓање „иновативни“ пристапи кон образованието во сите негови манифестации претставуваат само несоодветна супституција за образовниот недостаток на возрасната неписмена популација која секојдневно се соочува со предизвиците предизвикани од својот „образовен хендикеп“.

Иако навидум се чини дека проблемот со неписменоста е иманентен само за неразвиените земји и земјите во развој, сепак тој е проблем од глобални размери со кој се соочуваат и најразвиените светски економии, смета кандидатката д-р Елена Ризова. Далекусежните последици што може да ги предизвика игнорирањето на овој проблем, кој има негативни импликации не само за персоналниот развој на индивидуата, туку и за општествениот развој – го прави овој проблем научно актуелен и вреден за проучување. Приказот на бројните актуелни мерки и активности кои се случуваат на глобално ниво за нивелирање на неписменоста и вклучувањето на возрасните во различните форми на доживотно учење, како и приказот на статистичката слика на неписменоста во светот, укажуваат на сериозноста и итноста за делување на сите засегнати страни во овој процес.

Во денешното општество кое е базирано на знаење, не е доволно да се поседуваат елементарни вештини за читање, пишување и сметање. Писменоста еволуира во разни форми кои се согледуваат низ функционалната писменост, емоционалната, критичката, компјутерската, еколошката, здравствената, статистичката и други видови на писменост што се објаснуваат во овој труд, а се потребни за успешна интеграција на човекот во современото општество. Оттука, проблемот со неписменоста на возрасните смета, кандидатката д-р Елена Ризова, не може и не треба да биде сегментарно третиран, без да се земат предвид останатите образовни потсистеми кои имаат огромен удел во настанувањето и отстранувањето на оваа појава. Исто така, неминовна е инклудираноста на невладиниот сектор во креирањето и имплементацијата на соодветен образовен модел за описменување кој би ги надминал бариерите на формална образовна манифестација. Во овој учебник особено значајно е тоа што се презентираат и позитивните практики, искуства и модели за описменување на возрасните кои излегуваат надвор од рамките на конвенционалните пристапи за описменување, базирајќи се, пред сé, на интересите и мотивите за вклучување на возрасните во каква било образовна активност.

Во универзитетскиот учебник „Промоција на здравје и здравствено воспитување“ издаден од страна на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Елена Ризова е коавтор на дел во кој се опфатени андрагогијата и доживотното учење.

Имено, кандидатката смета дека доживотното учење претставува едно од најактуелните образовни, но и општествени прашања кои ги засегаат современите општества на кое му се придава енормно значење поради неговата ремедитативна и компензаторска функција, но и развојна функција која во голема мера влијае како на индивидуалниот, така и на целокупниот општествен прогрес. Како такво, треба да биде интегрирано во целокупниот воспитно-образовен систем како основен водечки принцип според кој треба да се креира целокупната образовна политика на една земја. Единствен начин за оживотворување на овој концепт е интеграцијата на клучните компетенции во системите на образование и обука, како и негувањето на љубовта кон учењето воопшто од најрана возраст.

Кандидатката д-р Елена Ризова е ментор на 5 (пет) магистерски труда.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Елена Ризова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, но и на пошироко, национално и европско ниво.

Врши стручна педагошка рецензија на три учебници за основно образование по предметот *Природни науки* за второ, трето и четврто одделение.

Кандидатката д-р Елена Ризова остварила експертски активности во рамките на изработка на две методологии:

- експерт за изработка на *Методологија за посебни образовни програми за образование на возрасни* во рамките на IPA компонента IV проектот „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems", 2016 година;
- експерт за изработка на *Методологија за признавање на неформално и информално учење* во рамките на проектот координиран од страна на UNDP за изработка на Концепција за основно образование на возрасни, 2015 година.

Д-р Елена Ризова е ангажирана како експерт за вршење на стручна евалуација на два проекта:

- евалуатор на проектот „Подобро родителство за подобар успех на ромските деца" во координација на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", 2015 година;
- евалуатор на проектот „Андрагошката регионална академија" за периодот од 2010-2015 година, во координација на Центарот за доживотно учење – Скопје, 2015 година.

Стручно усовршување кандидатката доц. д-р Елена Ризова остварила со два студиски престој во странство:

- студиски престој во рамките на Leonardo da Vinchi проектот за мобилност IPSOVTIM – Improving pedagogical skills of VET teachers in Macedonia. (Number: MKLLP-LDV-A.2.4.-2013-0012). Ноември 2013 во Jyvaskyla,

Finland, организирано од Teacher Education College of JAMK University of Applied Sciences;

- студиски престој на Sapienza University of Rome, декември 2012 на Department of Dynamic and Clinical Psychology, Faculty of Medicine and Psychology, Rome, Italy;

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни тела, комисии и работни групи при Филозофскиот факултет во Скопје и пошироко:

- член на Комисија за изработка на елаборат за Центар за кариера на Филозофскиот факултет во Скопје;
- член во Проектно тело на Филозофскиот факултет во Скопје;
- член на факултетска Поткомисија за евалуација на студиската програма по Педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје;
- член на Комисијата за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје;
- член на факултетска Комисија за промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Филозофскиот факултет во Скопје, „Отворен ден на УКИМ“;
- член на програмски одбор на Меѓународниот стручен симпозиум со наслов *„Key competences and adult learning“* во организација на Агенцијата за стручно образование и обука и образование на возрасни на Хрватска, Биоград на Мору, Хрватска, 2013 година;
- член на организационен или програмски одбор на меѓународната конференција International Scientific Conference *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE.* Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia, (2016).
- член во организациски одбор на манифестацијата „Денови на педагогијата“ при Институтот за педагогија, Филозофски факултет – Скопје.

Во изборниот период, д-р Елена Ризова учествувала во изготвување и пријавување на научен проект со наслов *Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции,* Институт за педагогија/Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, академска 2015/2016 година.

Кандидатката д-р Елена Ризова учествувала во изработка на релевантни национални документи како стратегии, закони, концепции и слично:

- учесник во изработка на *„Концепција за унапредување на наставничката професија во Република Македонија“* во координација на NANSEN Дијалог Центарот во Скопје (2015);
- учесник во изработка на *„Стратегија за развој и концепт за финансирање на Отворените граѓански*

*универзитети/Работничките универзитети (2014-2018)"* во координација на DVV International и Центарот за доживотно учење Скопје (2013);

- учесник во изработка на *„Стратегија за стручно образование и обука во Република Македонија 2013-2020"* во координација на ЕТФ (Европска фондација за обука), Министерство за образование и наука на Р Македонија, Центар за стручно образование и обука (2013);
- учесник во изработка на *„Концепција за реформирање на техничкото образование во Република Македонија"* во координација на Светска банка и Министерство за образование и наука на Република Македонија (2016);
- учесник во изработка на *„Стратегија за доживотно учење 2017-2020"*, во рамките на IPA проектот, компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems".

Д-р Елена Ризова својата научна и експертска вредност ја докажува преку членство во национални и меѓународни организации, тела и органи, како:

- член на Управен одбор (МС) од Република Македонија во Европската мрежа за писменост European literacy network, во рамките на COST-меѓународната организација;
- претседател на Советот за образование на возрасни на Република Македонија формиран од страна на Владата на Р Македонија;
- претседател на Управен одбор на меѓународно стручно тело „Регионална андрагошка академија" (АРА).

Кандидатката е уредник на едно меѓународно научно-стручно списание *International Journal for Education, Research and Training (IJERT)* во издание на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", како и рецензент на едно меѓународно научно-стручно списание *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE).*

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Елена Ризова добила позитивна оценка од последната анонимно спроведена анкета на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и познавањето на стручните квалитети на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Ризова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Ризова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област педагогија и андрагогија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Елена Ризова да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област педагогија и андрагогија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Зоран Велковски с.р.**

**Проф. д-р Анета Баракоска с.р.**

**Проф. д-р Вера Стојановска с.р.**

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Елена Бранко Ризова***

**Институција:** ***Филозофски факултет - Скопје, Институт за педагогија***

**Научна област:** ***Педагогија и Андрагогија***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Одржување на настава од прв циклус студии (предавања)** | | |
| 1. | 2012/2013 летен семестар, Доживотно учење (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 2. | 2013/2014 зимски семестар, Педагогија, дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 3. | 2013/2014 зимски семестар, Педагогија (2+0), Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 4. | 2013/2014 летен семестар, Доживотно учење (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 5. | 2014/2015 зимски семестар, Дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 6. | 2014/2015 летен семестар, Педагогија (2+0), Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 7. | 2014/2015 летен семестар, Описменување на возрасни (3+2), = 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 8. | 2014/2015 летен семестар, Способност за стекнување и пренесување на знаење, Медицински факултет – Скопје (2+0) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 9. | 2014/2015 летен семестар, Училишна организација (2+1+1), Студиска програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции = 5 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 3,0 |
| 10. | 2015/2016 зимски семестар, Доживотно учење (4+2) = 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 11. | 2015/2016 зимски семестар, Андрагогија, Институт за семејни студии (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 12. | 2015/2016 зимски семестар, Дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 13. | 2015/2016 зимски семестар, Способност за стекнување и пренесување на знаење, Медицински факултет – Скопје (2+0) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 14. | 2015/2016 летен семестар, Педагогија на слободно време, Институт за семејни студии (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 15. | 2015/2016 летен семестар, Педагогија, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 16. | 2015/2016 летен семестар, Способност за стекнување и пренесување на знаење, Медицински факултет – Скопје (2+0) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| 17. | 2015/2016 летен семестар, Училишна организација (2+1+1), Студиска програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции = 5 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 3,0 |
| 18. | 2016/2017 зимски семестар, Доживотно учење (4+2) = 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 2,4 |
| 19. | 2016/2017 зимски семестар, Дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,8 |
| 20. | 2016/2017 зимски семестар, Способност за стекнување и пренесување на знаење, Медицински факултет – Скопје (2+0) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 | 1,2 |
| **Одржување на настава од прв циклус студии (вежби)** | | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 21. | 2012/2013 летен семестар, Доживотно учење (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 22. | 2012/2013 летен семестар, Андрагошка дидактика (4+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 23. | 2012/2013 летен семестар, Советување за кариера (3+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 24. | 2013/2014 зимски семестар, Основи на андрагогија (4+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 25. | 2013/2014 зимски семестар, Педагогија, дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 1 час неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 26. | 2013/2014 зимски семестар, Андрагогија, Институт за дефектологија = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 27. | 2013/2014 летен семестар, Андрагошка дидактика = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 28. | 2013/2014 летен семестар, Доживотно учење (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 29. | 2014/2015 зимски семестар, Андрагогија = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 30. | 2014/2015 зимски семестар, Андрагогија, Институт за дефектологија = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 31. | 2014/2015 зимски семестар, Дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 1 час неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |
| 32. | 2014/2015 летен семестар, Описменување на возрасни (3+2), = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 33. | 2015/2016 зимски семестар, Доживотно учење (4+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 34. | 2015/2016 зимски семестар, Андрагогија, Институт за семејни студии (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 35. | 2015/2016 зимски семестар, Дидактика, андрагогија (3+1) Медицински факултет – Скопје = 1 час неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,45 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 36. | 2015/2016 летен семестар, Педагогија на слободно време, Институт за семејни студии (2+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| 37. | 2016/2017 зимски семестар, Доживотно учење (4+2) = 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 | 0,9 |
| **Одржување на настава на втор циклус студии** | | |
| 38. | 2013/2014 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (3/10 часа), Студиска програма по менаџмент во образованието = 3 часа неделно * 0,05 | 0,15 |
| 39. | 2014/2015 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (3/10 часа), Студиска програма по менаџмент во образованието = 3 часа неделно * 0,05 | 0,15 |
| 40. | 2015/2016 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (3/10 часа), Студиска програма по менаџмент во образованието = 3 часа неделно * 0,05 | 0,15 |
| 41. | 2016/2017 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (3/10 часа), Студиска програма по менаџмент во образованието = 3 часа неделно * 0,05 | 0,15 |
| 42. | 2014/2015 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (8/24 часа), Студиска програма по педагошки науки = 8 часа неделно * 0,05 | 0,4 |
| 43. | 2015/2016 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (8/24 часа), Студиска програма по педагошки науки = 8 часа неделно * 0,05 | 0,4 |
| 44. | 2016/2017 зимски/летен семестар, Образовни реформи во Европската унија (8/24 часа), Студиска програма по педагошки науки = 8 часа неделно * 0,05 | 0,4 |
| **Одржување на настава на трет циклус студии** | | |
| 45. | 2016/2017 зимски/летен семестар, Доживотно учење (30 часа), Студиска програма по педагошки науки = 30 часа неделно * 0,06 | 1,8 |
| 46. | 2016/2017 зимски/летен семестар, Нови сфаќања за писменоста (30 часа), Студиска програма по педагошки науки = 10 часа неделно * 0,06 | 0,6 |
| **Настава во школи и работилници** | | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 47. | Раководител на работилница за **ЕКВЕТ- системот во Република Македонија – воспоставување на методологија**, под координација на НАЕОПМ на Република Македонија, Филозофски факултет Скопје, 13.2.2015 | 1,5 |
| 48. | Раководител на работилница за **ЕКВЕТ -системот во Република Македонија – состојби и предивици**, под координација на НАЕОПМ на Република Македонија, Филозофски факултет Скопје, 15.12.2015 | 1,5 |
| 49. | Раководител на работилница за **ЕКВЕТ- системот во Република Македонија – инструменти и алатки**, под координација на НАЕОПМ на Република Македонија, Скопје, 9.2.2016 | 1,5 |
| 50. | Раководител на работилница на тема: **Признавање на неформалното и информалното учење во Република Македонија,** под координација на УНДП, Охрид, 16.5.2016 | 1,5 |
| 51. | Раководител на работилница на тема: **Признавањето на неформалното и информалното учење кај ворасните** во рамките на ИПА-проект, Компонента за зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни, Скопје, 17.5.2017 | 1,5 |
| 52. | Раководител на работилница на тема: **Изработка на посебни програми за образование на возрасни,** во рамките на ИПА- проект, Компонента за изрботка на Методологија за програми за образование на возрасни, Скопје, 18.5.2017 | 1,5 |
| 53. | Раководител на обука со наслов **Образованието на возрасните во глобален и локален контекст,** во рамките на проектот Curriculum GlobALE, во координација на Центарот за доживотно учење-Скопје и DVV International, Bonn, Охрид, 04.11.2013 | 1,5 |
| 54. | Раководител на обука со наслов **Групна динамика,** во рамките на проектот Curriculum GlobALE во координација на Центарот за доживотно учење Скопје и DVV International, Bonn, Дојран, 21.2.2014 | 1,5 |
| 55. | Раководител на обука со наслов **Вербална, невербална и паравербална комуникација во процесот на образование на возрасните** во рамките на проектот Curriculum GlobALE во координација на Центарот за | 1,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | доживотно учење Скопје и DVV International, Bonn, Дојран, 14.11.2014 | |
| 56. | Раководител на обука со наслов **Процесот на описменување на возрасните,** во рамките на проектот Curriculum GlobALE, во координација на Центарот за доживотно учење Скопје и DVV International, Bonn, Охрид, 20.2.2015 | 1,5 |
| 57. | Раководител на обука со наслов **Стручни компетенции на професионалците од областа на образование на возрасните,** во рамките на проектот Curriculum GlobALE, во координација на Центарот за доживотно учење Скопје и DVV International, Bonn, 24.4.2015 | 1,5 |
| 58. | Раководител на обука со наслов **Планирање, организација и реализација на образованието на возрасните,** во рамките на проектот Curriculum GlobALE, во координација на Центарот за доживотно учење-Скопје и DVV International, Bonn, 23.10.2015 | 1,5 |
| 59. | Раководител на обука за **Учење и подучување кај возрасните,** во рамките на проектот „Подобрување на улогата на патронажната сестра во превенција“, рано откривање и рана интервенција на деца со пречки во развојот, Скопје, 31.3.2017 година | 1,5 |
| 60. | Раководител на работилница со наслов **Курикулум Глобале – позитивни практики од Република Македонија,** во координација на Центарот за доживотно учење Скопје, Скопје, 3.12.2016 | 1,5 |
| 61. | Раководител на работилница на тема: **Концептот и принципите на доживотното учење,** во рамките на ИПА-проект, Компонента за зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни, Скопје, 13.2.2017 | 1,5 |
| 62. | Учесник во работилница на тема **Меѓуинституционална комуникација и координација, улоги и одговорности во доживотното учење,** во рамките на ИПА- проект, Компонента за зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни, Скопје, 14.2.2017 | 1,0 |
| 63. | Учесник во работилница на тема **Втор консултативен состанок за изготвување Стратегија за доживотно учење 2017-2020** во рамките на ИПА-проект, Компонента за изготвување Стратегија за доживотно учење, Скопје, 28.11.2016 | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 64. | Учесник во работи на тема **Трет консултативен состанок за изготвување Стратегија за доживотно учење 2017-2020** во рамките на ИПА-проект, Компонента за изготвување Стратегија за доживотно учење, Скопје, 6.4.2017 | 1,0 |
| 65. | Учесник во работилница на тема **Четврт консултативен состанок за изготвување Стратегија за доживотно учење 2017-2020,** во рамките на ИПА- проект, Компонента за изготвување Стратегија за доживотно учење, Скопје, 30.5.2017 | 1,0 |
| 66. | Учесник во работилница на тема **Curriculum GlobAle in Eastern and Southeastern Europe,** во координација на DVV International, Bonn, 24.11.2016 | 1,0 |
| 67. | Учесник во обука: **Признавање на неформално и информално стекнатото учење,** во организација на Центарот за доживотно учење Скопје, Порто, Португалија, 2015 година. | 1,0 |
| 68. | Учесник во обука: **Сертифицирање на професионалците во областа на образованието на возрасните** во организација на Центарот за доживотно учење-Скопје, Цирих, Швајцарија, 2013 година. | 1,0 |
| 69. | Учесник во обука за **Изготвување проекти во областа на образованието на возрасните,** во организација на Друштво за образование на возрасни од Србија, Будва, Црна Гора, 2014 година. | 1,0 |
| 70. | Учесник во обука: **Афирмирање на образованието на возрасните** во организација на Друштво за образование на возрасни од Србија, Андрагошки центар на Словенија, Љубљана, Словенија, 2015 година. | 1,0 |
| 71. | Учесник во обука со назив „CONFINTEA VI во акција,“ во организација на Друштво за образование на возрасни од Србија, Андрагошки центар на Словенија, во Блед, Словенија, 2013 година | 1,0 |
| 72. | Учесник во обука со назив „GRALE III launch,“ во организација на Друштво за образование на возрасни од Србија, Белград, Србија, 2017 година. | 1,0 |
| **Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)** | | |
| 73. | Доживотно учење (3+2) – Студиска програма по педагогија, Институт за педагогија, Филозофски факултет-Скопје, додипломски студии (2012/2013), предавања и вежби | 1,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 74. | Описменување на возрасни (3+2) - Студиска програма по педагогија, Институт за педагогија, Филозофски факултет-Скопје, додипломски студии (2012/2013), предавања и вежби | 1,5 |
| 75. | Училишна организација (2+1) – Студиска програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ Доквалификација (2012/2013), предавања и вежби | 1,5 |
| 76. | Педагогија (2+0) – Филолошки факултет, Катедра за македонска книжевност и јужнословенки книжевности, додипломски студии (2013/2014), предавања и вежби | 1,5 |
| 77. | Андрагогија (3+2) - Студиска програма по семејни студии, Институт за семејни студии, Филозофски факултет-Скопје, додипломски студии (2014/2015), предавања и вежби | 1,5 |
| 78. | Доживотно учење – Студиска програма по педагошки науки на трет циклус студии на Институтот за педагогија, Филозофски факултет – Скопје (2015/2016), предавања и вежби | 1,5 |
| 79. | Нови сфаќања за писменоста - Студиска програма по педагошки науки на трет циклус студии на Институтот за педагогија, Филозофски факултет – Скопје (2015/2016), предавања и вежби | 1,5 |
| **Консултации со студенти** | | |
| 80. | Во просек 200 студенти по семестар (200*0,002=0,40)<br>10 семестри (10*0,40=4,0) | 4,0 |
| **Ментор на дипломска работа** | | |
| 81. | Ментор на 5 дипломски работи (5*0,2=1,0) | 1,0 |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | | |
| 82. | Член во комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 36 пати (36*0,1=3,6) | 3,6 |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | | |
| 83. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 7 пати (7*0,3=2,1) | 2,1 |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 84. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 8 пати (8*0,5=4,0) | 4,0 |
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| 85. | „Промоција на здравје и здравствено воспитување“ (коавтор), Скопје: 2014. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Медицински факултет-Скопје. ISBN 978-608-4596-54-7 | 6,0 |
| 86. | „Возрасните и писменоста“ (автор), Скопје: 2015. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет во Скопје. ISBN 978-608-238-070-3 | 8,0 |
| | **Интерна скрипта од предавања и вежби** | |
| 87. | Интерна скрипта по предметот Доживотно учење (предавања), Институт за педагогија, Филозофски факултет-Скопје. | 4,0 |
| 88. | Интерна скрипта по предметот Описменување на возрасни (предавања), Институт за педагогија, Филозофски факултет Скопје. | 4,0 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 89. | Пакет материјали за предметите од додипломски студии на Филозофски факултет Скопје: Педагогија, Андрагогија (2*1=2,0) | 2,0 |
| 90. | Пакет материјали за предметите: Доживотно учење и Нови сфаќања за писменоста од докторски студии по педагошки науки на Институтот за педагогија, Филозофски факултет Скопје (2*1=2,0) | 2,0 |
| | **Вкупно** | **135,85** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерска работа** | |
| 1. | Ментор на 5 магистерски работи (5*1=5,0) | 5,0 |
| | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| 2. | Национален координатор на меѓународен научен проект со наслов **”Regional registry of providers for adult educational** | 6,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **services,”** во координација на Центарот за доживотно учење-Скопје и DVV International, Bonn (септември 2014-јануари 2015) | |
| **Учесник во национален научен проект** | | |
| 3. | Учесник во национален научен проект со наслов **„Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции“**, Институт за педагогија/Филозофски факултет , УКИМ, Скопје, 2015/2016. | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект за изработка на базична студија во рамките на проектот **“Roma Empowerment and Awareness for Democracy through Education”** во координација на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – Скопје. | 3 |
| 5. | Учесник во национален научен проект со наслов **„Изработка и операционализација на концепција за основно образование на возрасни,“** во координација на UNDP-канцеларија во Скопје. (Јануари 2016-Мај 2016). | 3 |
| 6. | Учесник во национален научен проект со наслов **„Изработка на концепција за унапредување на наставничката професија во Република Македонија“** во координација на NANSEN Дијалог Центарот во Скопје (април 2015-декември 2015). | 3 |
| 7. | Учесник во национален научен проект со наслов **„Стратегија за развој и концепт за финансирање на Отворените граѓански универзитети/Работничките универзитети (2014-2018)“** во координација на DVV International и Центарот за доживотно учење-Скопје . (јуни 2013-декември 2013). | 3 |
| **Учесник во меѓународен научен проект** | | |
| 8. | Учесник во реализација на меѓународен научен проект: **Дизајнирање и имплементација на Курикулум Глобале концептот за стекнување и унапредување на андрагошките компетенции кај професионалците во областа на образованието на возрасните**, во координција на Центарот за доживотно учење-Скопје и DVV International, Bonn (ноември 2013-март 2016) | 5 |
| 9. | Учесник во реализација на меѓународен научен проект: **„Подобрување на педагошките компетенции на наставниците и менаџерските вештини на директорите од средните стручни училишта во Р. Македонија и Косово,“** во координација на Јаваскула колеџ за образование на наставници (ЈАМК - Јаваскула универзитетот за применети науки од Финска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Филозофски факултет - Институт за педагогија (октомври 2011 – март 2013). | |
| 10. | Учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA-компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems" (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK) со назив ***Изработка на методологија за посебни програми за образование на возрасни во согласност со потребите на Пазарот на трудот***, во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење Скопје. (јуни 2016-денес). | 5 |
| 11. | Учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems" (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK) со назив ***Зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни во областа на доживотното учење***, во координација на British Council – Skopje; DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење-Скопје. (септември 2016-денес) | 5 |
| 12. | Учесник во меѓународен научен проект во рамките на IPA компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems" (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK) со назив ***Изготвување на Стратегија за доживотното учење 2017-2020,*** во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење- Скопје (октомври 2016-денес) | 5 |
| 13. | Учесник во меѓународен научен проект со наслов **„Стратегија за стручно образование и обука во Република Македонија во контекст на доживотно учење 2013-2020"** во координација на Европската фондација за обука (ЕТФ), Министерството за образование и наука на Република Македонија и Центарот за стручно образование и обука (март 2012-март 2013). | 5 |
| 14. | Учесник во меѓународен научен проект со наслов **„Реформирање на техничкото образование во Република Македонија,"** во координација на Светска банка и Министерство за образование и наука на Република Македонија (февруари 2016-октомври 2016). | 5 |
| 15. | Учесник во меѓународен научен проект со наслов „**Strengthening Europeans' capabilities by establishing the** | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | **European literacy network,“** во координација на Европска комисија *COST Action IS1401 (март 2016 – денес)* | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | | |
| 16. | Barakoska, A., Stojanovska, V., **Rizova, E.** (2014), *Contemporary management and the benefits of its implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia*, Vodenje v vzgoji in izobrazevanju, Special Issue /2014 , Volume 12. ISSN 1581-8225. (80% од 4) | 3,2 |
| 17. | **Rizova, E.** (2015), *Reforms and the system for adult education in Republic of Macedonia*, International journal for education, research and training, Volume 1, Issue 1, June 2015. ISSN 1867-9841 (printed), ISSN 1867-985X (online). | 4 |
| 18. | Tomevska-Ilievska, E., Tasevska, A., **Rizova, E.**, Sadiki, S. (2016), *Educational concept for safe secondary schools in Republic of Macedonia (good practices, conclusions, recommendations)*, International journal of cognitive research in science, engineering and education, Volume 4, Issue 1, June 2016. ISSN 2334-847X (printed), ISSN 2334-8496 (online). (60% од 4) | 2,4 |
| 19. | Rizov, T., **Rizova, E.** (2015), *Augmented reality as a teaching tool in higher education,* International journal of cognitive research in science, engineering and education, Volume 3, Issue 1, June 2015. ISSN 2334-847X (printed), ISSN 2334-8496 (online). (90% од 4) | 3,6 |
| 20. | Velkovski, Z., **Rizova, E.** (2015), *Social dialogue and partnership in vocational education and training,* International journal of cognitive research in science, engineering and education, Volume 3, Issue 1, June 2015. ISSN 2334-847X (printed), ISSN 2334-8496 (online). (90% од 4) | 3,6 |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | | |
| 21. | **Rizova, E.,** Velkovski, Z. (2015), Contemporary adult literacy models, International conference of the Faculty of educational sciences, R. Macedonia. ISBN 978-608-244-275-4. (90% од 3) | 2,7 |
| 22. | Velkovski, Z., Tomevska-Ilievska, E., **Rizova, E.** (2014), Vocational education and students with special educational needs, Fourth International conference “Modern aspects of special education and rehabilitation of persons with disabilities”, R. Macedonia. ISBN 978-608-238-050-6. (80% од 3) | 2,4 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 23. | Velkovski, Z., **Rizova, E.** (2014), Teacher competences for intercultural dialogue, First international conference “Practicum of future pedagogues, teachers and kindergarten teachers in multicultural environments – experiences and challenges, R. Macedonia.<br><br>(90% од 3) | 2,7 |
| 24. | **Rizova, E.** (2013), Lifelong learning as a challenge and necessity in Macedonian society, International Symposium “Education between tradition and modernity”, R. Macedonia. ISBN 978-608-238-012-4. | 3 |
| 25. | Velkovski, Z. **Rizova, E.** (2014), Successful practices for enforcing intercultural dialogue, YILDIZ International conference on educational research and social sciences. ISBN 978-605-318-079-1.<br><br>(90% од 3) | 2,7 |
| **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција (2 бода)** | | |
| 26. | Tasevska, A. Tomevska-Ilievska, E., **Rizova, E.** (2016), *The issue of rhythm as a strategy in the planning of the Waldorf pedagogy*, Annuaire of Faculty of Philosophy-Skopje, Volume 69. ISSN 0350-1892.<br>(80% од 2) | 1,6 |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 27. | Пленарно предавање со наслов „Adult literacy as a prerequisite for lifelong learning“ на меѓународен андрагошки научен симпозиум во Биоград на Мору, Хрватска, мај 2013. | 3 |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 28. | Секциско предавање со наслов „Actualization of the concept of Lifelong learning“ на меѓународна научна конференција “Gradimo mostove u obrazovanja odraslih”, Мостар, БиХ, октомври 2016. | 2 |
| 29. | Секциско предавање со наслов “Devise a comprehensive framework of developmental aspects of literacy and education in a digital world” на меѓународен научен собир во рамките на проектот „Strengthening Europeans' capabilities by establishing the European literacy network“ во Финска, февруари 2017. | 2 |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | | |
| 30. | Пленарно предавање на Конференција за запознавање на Европската мрежа ЕВРИДИКА (EURODYCE) во организација на НАЕПМ на Република Македонија, Скопје, 2014. | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| **Учество на научен/стручен собир со реферат (усно презентација)** | | |
| 31. | Velkovski, Z., **Rizova, E.,** *Teacher competences for intercultural dialogue,* First International Conference - Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments-Experiences and Challenges (PFPTKTIME), Skopje, Facullty of Philosophy (2014) | 1 |
| 32. | Velkovski, Z. **Rizova, E.**, *Successful practices for enforcing intercultural dialogue,* YILDIZ International conference on educational research and social sciences, Istanbul, Turkey. (2014). | 1 |
| 33. | **Rizova, E.** *Lifelong learning as a challenge and necessity in Macedonian society,* International Symposium "Education between tradition and modernity", R. Macedonia. (2013) | 1 |
| 34. | **Rizova, E.** *Recognition and validation of non-formal and informal learning*, International Scientific Conference *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE***.** Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–1Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia. (2016) | 1 |
| 35. | **Rizova, E.**, Tomevska-Ilievska, E., Tasevska, A., *Tertiary literacy and university students*, International Scientific Conference *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE***.** Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia. (2016) | 1 |
| 36. | Velkovski, Z., Tomevska-Ilievska, E., **Rizova, E.** *Vocational education and students with special educational needs*, Fourth International conference "Modern aspects of special education and rehabilitation of persons with disabilities", R. Macedonia. (2014) | 1 |
| 37. | **Rizova, E.,** Velkovski, Z. *Contemporary adult literacy models*, International conference of the Faculty of educational sciences, R. Macedonia. (2015) | 1 |
| 38. | Barakoska, A., Stojanovska, V., **Rizova, E.** *Contemporary management and the benefits of it's implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia,* 15th international conference: Educational Reforms in the 21 Century in the Balkan Countries. Organised by the Balkan Society for Pedagogy and Education, The University of South-East Europe Lumina. Bucharest, Romania, 28-30 June 2012. | 1 |
| 39. | **Ризова, Е.,** *Реформиѿе и сисѿемоѿ за образование на возрасниѿе во Реӣублика Македонија*, Научен симпозиум | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | организиран во рамките на манифестацијата „Денови на педагогијата“, Филозофски факултет-Скопје, (2014). | |
| | Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна) | |
| 40. | Barakoska, A., Stojanovska, V., **Rizova, E.** “*Contemporary management and the benefits of it's implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia* “. 15th international conference: Educational Reforms in the 21 Century in the Balkan Countries. Organised by the Balkan Society for Pedagogy and Education, The University of South-East Europe Lumina. Bucharest, Romania, 28-30 June 2012. | 1 |
| 41. | **Rizova, E.,** Velkovski, Z. *Contemporary adult literacy models*, International conference of the Faculty of educational sciences, R. Macedonia. (2015) | 1 |
| 42. | Velkovski, Z., **Rizova, E.,** *Teacher competences for intercultural dialogue,* First International Conference - Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments-Experiences and Challenges (PFPTKTIME), Skopje, Facullty of Philosophy (2014) | 1 |
| 43. | Velkovski, Z. **Rizova, E.**, *Successful practices for enforcing intercultural dialogue,* YILDIZ International conference on educational research and social sciences, Istanbul, Turkey. (2014). | 1 |
| | **Вкупно** | **119,9** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Рецензент на учебник за средно или основно образование** | |
| 1. | Рецензент на учебник од основно образование по предметот Природни науки за второ одделение, Арс ламина-публикации, 2014. | 0,5 |
| 2. | Рецензент на учебник од основно образование по предметот Природни науки за трето одделение, Арс ламина-публикации, 2014. | 0,5 |
| 3. | Рецензент на учебник од основно образование по предметот Природни науки за четврто одделение, Арс ламина-публикации, 2014. | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
| --- | --- | --- |
| **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија)** | | |
| 4. | *Евалуатор на работата на Андрагошката регионална академија за периодот од 2010-2015 година*, нарачано и координирано од Центарот за доживотно учење – Скопје, 2015 година. | 1 |
| 5. | *Евалуатор на проектот Подобро родителство за подобар успех на ромските деца* нарачано и координирано од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, 2015 година. | 1 |
| 6. | Експерт за изработка на *Методологија за посебни образовни програми за образование на возрасни* во рамките на IPA IV компонента, 2016 година. | 1 |
| 7. | Експерт за изработка на *Методологија за признавање на неформално и информално учење* во рамките на проектот координиран од страна на UNDP за изработка на Концепција за основно образование на возрасни, 2015 година. | 1 |
| **Учество во промотивни активности на Факултетот/институтот** | | |
| 8. | Учество во промотивни активности на Филозофскиот факултет во Скопје- „Отворен ден на ФЗФ“ за академската 2012/2013 година. | 0,5 |
| 9. | Учество во промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје и Филозофскиот факултет во Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2013/2014 година. | 0,5 |
| 10. | Учество во промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Филозофскиот факултет во Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2014/2015 година. | 0,5 |
| 11. | Учество во промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Филозофскиот факултет во Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2015/2016 година. | 0,5 |
| 12. | Учество во организациски одбор на манифестацијата „Денови на педагогијата 2013-„Педагогот во современата воспитно-образовна практика“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија (2013) | 0,5 |
| 13. | Учество во организациски одбор на манифестацијата „Денови на педагогијата 2014,“ научна конференција „Реформите во воспитно-образовниот систем во Република Македонија“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. (2014) | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 14. | Учество во организациски одбор на манифестацијата Денови на педагогијата 2016, „Педагогијата на дело“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија (2016) | 0,5 |
| 15. | Учество на промотивни активности на Факултетот/институтот – промотор на Меѓународно списание за образование, истражување и обука/International Journal for Education, Research and Training (IJERT). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. 18.11.2015 | 0,5 |
| | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 16. | Уредник на *International Journal for Education, Research and Training (IJERT)* “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, Faculty of Philosophy – Department of pedagogy. ISSN 1867-9841 (Printed). ISSN 1867-985X (Online). ijert.fzf.ukim.edu.mk | 3 |
| 17. | Рецензент на меѓународно/стручно списание *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE)* ISSN 2334-847X (Printed). ISSN 2334-8496 (Online). www.ijcrsee.com | 1 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| 18. | Член во организациски одбор на манифестацијата Денови на педагогијата 2013 „Педагогот во современата воспитно-образовна практика“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија (2013) | 0,5 |
| 19. | Член во организациски одбор на манифестацијата Денови на педагогијата 2014, научна конференција „Реформите во воспитно-образовниот систем во Република Македонија“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија (2014) | 0,5 |
| 20. | Член во организациски одбор на манифестацијата „Денови на педагогијата - „Педагогијата на дело“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. (2016) | 0,5 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 21. | Член на програмски одбор на Меѓународниот стручен симпозиум со наслов *„Key competences and adult learning,“* во организација на Агенцијата за стручно образование и обука и образование на возрасни на Хрватска, Биоград на Мору, Хрватска, 2013 година. | 1 |
| 22. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународната конференција International Scientific Conference *Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE.* Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia, (2016). | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| **Студиски престој во странство (до три месеци)** | | |
| 23. | Study visit training in the framework of Leonardo da Vinchi mobility project. IPSOVTIM – Improving pedagogical skills of VET teachers in Macedonia. (Number: MKLLP-LDV-A.2.4.-2013-0012) November 2013 in Jyvaskyla, Finland, by the Teacher Education College of JAMK University of Applied Sciences. (2013) | 0,5 |
| 24. | Студиски престој на Sapienza University of Rome (2012), Department of Dynamic and Clinical Psychology, Faculty of Medicine and Psychology, Rome, Italy (2012) | 0,5 |
| **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)** | | |
| 25. | Член на управен одбор (MC) од Република Македонија во Европската мрежа за писменост European literacy network во рамките на COST. | 2 |
| **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)** | | |
| 26. | Изготвување и пријавување на научен проект со наслов„*Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции,* Инстиут за педагогија/Филозофски факултет , УКИМ, Скопје, 2015/2016. | 0,5 |
| **Член на факултетска комисија** | | |
| 27. | Член на факултетска комисија - Проектно тело-Филозофски факултет –Скопје,<br>4 мандати (2013-2017) 0,5*4 | 2 |
| 28. | Член на факултетска Поткомисија за евалуација на студиската програма Педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје<br>3 мандати (2014-2017) 0,5*3 | 1,5 |
| 29. | Член на факултетска комисија за изработка на елаборат за Центар за кариера на Филозофскиот факултет во Скопје, 2015 година. | 0,5 |
| 30. | Член на Комисијата за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје, за академските 2012/2013 и 2016/2017 година (2*0,5=1) | 1 |
| 31. | Член на факултетска Комисија за промотивни активности на Филозофскиот факултет Скопје- „Отворен ден на ФЗФ“ за академската 2012/2013 година. | 0,5 |
| 32. | Член на факултетска Комисија за промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Филозофскиот | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | факултет бо Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2013/2014 година. | |
| 33. | Член на факултетска комисија за промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје и Филозофскиот факултет-Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2014/2015 година. | 0,5 |
| 34. | Член на факултетска комисија за промотивни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје и Филозофскиот факултет-Скопје, „Отворен ден на УКИМ“ за академската 2015/2016 година. | 0,5 |
| **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | | |
| 35. | Учесник во изработка на *Концепција за унапредување на наставничката професија во Република Македонија,* во координација на NANSEN Дијалог центарот во Скопје, (2015). | 2 |
| 36. | Учесник во изработка на *Стратегија за развој и концепт за финансирање на Отворените граѓански универзитети/Работничките универзитети (2014-2018),* во координација на DVV International и Центарот за доживотно учење-Скопје (јуни 2013-декември 2013). | 2 |
| 37. | Учесник во изработка на *Стратегија за стручно образование и обука во Република Македонија во контекст на доживотно учење 2013-2020* во координација на ЕТФ (Европска фондација за обука), Министерство за образование и наука на Р Македонија, Центар за стручно образование и обука, (2013). | 2 |
| 38. | Учесник во изработка на *Концепција за реформирање на техничкото образование во Република Македонија,* во координација на Светска банка и Министерство за образование и наука на Република Македонија (2016). | 2 |
| 39. | Учесник во изработка на „*Стратегија за доживотно учење 2017-2020*“, во рамките на IPA- проектот, компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Sustems”. | 2 |
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | |
| 40. | Член на Советот за образование на возрасни на Република Македонија за 2013 година | 1 |
| 41. | Член на Советот за образование на возрасни на Република Македонија за 2014 година | 1 |
| 42. | Претседател на Советот за образование на возрасни на Република Македонија за 2015 година | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 43. | Претседател на Советот за образование на возрасни на Република Македонија за 2016 година | 1 |
| 44. | Претседател на Советот за образование на возрасни на Република Македонија за 2017 година | 1 |
| 45. | Член на Управен одбор на меѓународно стручно тело „Регионална андрагошка академија“ за 2013 година | 1 |
| 46. | АРА-претседател на Управен одбор на меѓународно стручно тело: „Регионална андрагошка академија“ за 2014 година | 1 |
| 47. | АРА-претседател на Управен одбор на меѓународно стручно тело „Регионална андрагошка академија“ за 2015 година | 1 |
| | **Вкупно** | **45,5** |
| | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **135,85** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **119,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **45,5** |
| **Вкупно** | **301,25** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

**Проф. д-р Зоран Велковски с. р.**

**Проф. д-р Анета Баракоска с. р.**

**Проф. д-р Вера Стојановска с. р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГАДАМЕРОВАТА ХЕРМЕНЕВТИКА ВО ЕСТЕТИКАТА НА XX ВЕК“ ОД М-Р СУЗИ ТЕНЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIII редовна седница одржана на 15. III 2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева со наслов „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век“, во состав: проф. д-р Ана Димишковска (претседател), проф. д-р Иван Џепароски (ментор), проф. д-р Ристо Солунчев (член), проф. д-р Денко Скаловски (член) и доц. д-р Марија Тодоровска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева со наслов „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век“, содржи 210 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 402 фусноти, 117 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги кои се од примарно значење за изработката на докторскиот труд.

Трудот е структуриран во седум глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во *воведот* (стр. 4-15) на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето, теориските претпоставки на трудот, интересот за обработка на темата, како и нејзиното поширокo теориско и општествено значење. Едновремено во *воведот* се посочува и кон значењето на филозофијата на Ханс Георг Гадамер за севкупната филозофија на нашето време, како и кон клучните поими кои се суштествени за филозофската херменевтика – поимите: *разбирање* и *толкување.* Притоа јасно се укажува дека предметот на истражувањето е местото на херменевтиката во севкупното творештво на Гадамер и целокупната сфера на естетиката, а не само во однос на толкувањето на уметноста.

*Првото* поглавје (стр. 16-22) на трудот е насловено како: 1. *Гадамеровата филозофска херменевтика – проширување на поимањето и применливоста на*

*херменевтиката* и во него се укажува на генезата на мислата на Ханс Георг Гадамер, како и на неговото место во рамките на филозофијата воопшто, и на естетиката поодделно.

*Второто* поглавје (стр. 23-75) на трудот е насловено 2. *Категориите во Гадамеровата херменевтика* и во него во осум потпоглавја се презентираат клучните поими и теми врзани за Гадамеровата херменевтика: 2.1. Естетското образование и естетичката свест 2.2. Историчноста и историската свест, дејствено-историската свест и (не)интегративноста на континуитетот; 2.3. Доживувањето и случувањето како активно учество; 2.4. Јазикот, изразувањето и аспектите на (раз)говорот; 2.5. Разбирањето и толкувањето; 2.6. Слевањето на хоризонтите; 2.7. Искуството и херменевтичкото искуство; и 2.8. Играта – иманентно-естетичка категорија.

*Третото* поглавје (стр. 76-96) има наслов 3. *Херменевтиката во естетиката на поодделните уметности* и во него се анализираат најзначајните манифестирања на херменевтиката во рамките на: 3.1. Книжевноста – разбирање и толкување на пишаното; 3.2. Музиката – слушањето и разбирањето; и 3.3. Ликовните уметности – насликаното и ненасликаното како дел од говорот.

*Четвртото* поглавје (стр. 97-139) носи наслов 4. *Дел од естетиката на XX век низ призма на Гадамеровите категории* а во него се претставуваат во три потпоглавја: 4.1. Општите согледби и примената на категориите; 4.2. Прашањата и одговорите – конструктивност и придонес; и 4.3. Антрополошки аспекти – дијалогот, логиката на прашања и одговори.

*Петтото* поглавје (стр. 140-146) има наслов 5. *Естетското искуство* и, како што се гледа од самиот наслов, претставува синтеза на анализите врзани за естетското искуство.

*Шестото* поглавје (стр. 147-161) го носи насловот 6. *Рецепција на Гадамеровата филозофија* а во него се претставуваат во четири потпоглавја толкувањата на: 6.1. Бубнер – неколку поенти и точки; 6.2. Гронден – перспективизмот и суштински појаснувања на Гадамеровото учење; 6.3. Хиршовото толкување на неколку клучни категории кај Гадамер; и 6.4. Јаус – хоризонтите како заеднички точки на дискурс.

*Седмото* поглавје (стр. 162-190) е насловено како 7. *Можности и граници на Гадамеровата херменевтика*, а ги содржи следниве четири потпоглавја посветени на одделни аспекти на темелните филозофски дисциплини во рамките на Гадамеровата филозофија: 7.1. Онтолошки аспекти; 7.2. Гносеолошки аспекти; 7.3. Етички аспекти; и 7.4. Естетички аспекти.

Во *заклучокот* (стр. 191-204) на овој труд и во заклучните согледувања се резимираат остварените резултати и уште попрецизно се потенцира значењето на филозофијата на Ханс Георг Гадамер за севкупната филозофија на нашето време, а се укажува и на неговото место во естетиката на XX век.

Треба да се укаже и дека поодделните поглавја од трудот градат кохерентна целина што претставува една од клучните доблести на оваа докторска дисертација, додека *Библиографијата* (стр. 205-210) е прецизна и сеопфатна иако во трудот главно се користи примарната литература.

## Предмет на истражување

Докторска дисертација под наслов „**Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век**" јасно и прецизно го определува предметот на истражувањето, имено, дека тој е во доменот на естетиката и тоа онаа од XX век, но и дека, едновремено, се нуди и увид во прашањата поврзани со историјата на филозофијата, односно, попрецизно кажано, дисертацијата се насочува кон расветлувањето на местото на херменевтиката во творештвото на германскиот филозоф Ханс Георг Гадамер (1900-2002), но и на Гадамеровата херменевтика во рамките на естетиката на XX век.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева инаку е од особен интерес за нашата филозофска средина затоа што во целината на македонската филозофија никогаш досега кај нас немало докторска дисертација, ниту пак магистерска теза посветена на херменевтиката, или пак на делото на Ханс Георг Гадамер, иако за Гадамер во нашата филозофска и научна средина имаат пишувано поголем број наши автори и од обласа на филозофијата и од обласа на теоријата на литературата, особено академик Георги Старделов, академик Катица Ќулавкова и менторот на оваа дисертација, проф. д-р Иван Џепароски. Токму затоа оваа докторска дисертација многу ќе придонесе за промоцијата и афирмацијата на херменевтиката и како метод, но и како филозофски правец и движење во рамките на современата филозофијата кај нас, а оттаму поодделно и во однос на естетиката и/или филозофијата на уметноста.

## Краток опис на применетите методи

Методологијата што се користи во ова истражување е детерминирана непосредно од предметот и целите на истражувањето. При истражувањето, кандидатката користи дел од општите научни методи: анализа, синтеза, компарација, херменевтички метод и класификација. Кон трудот, приложената библиографија е, главно, на германски и на англиски јазик, а содржи оригинални дела на Гадамер и на неговите толкувачи, како и преводи на значајни естетички и филозофски дела на некои од блиските словенски јазици кои се однесуваат на темата.

## <u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>

Резултатите од спроведената анализа на состојбите во рамките на местото на херменевтиката во творештвото на Ханс Георг Гадамер, како и на местото на филозофијата и на естетиката на Гадамер во контекст на филозофијата и на естетиката на XX век, покажуваат дека клучните поими и термини на Гадамеровата херменевтика: „историчност“, „естетско образование“, „естетска свест“, „историска свест“, „доживување“, „случување“, „јазик“, „изразување“, „слевање на хоризонтите“, поимите „искуство“, „симбол“, „игра“, „празник“, и, секако, поимот „убавина“, сите соодветно презентирани и успешно анализирани во овој труд, ја покажуваат суптилноста и сеопфатноста на мислата на Ханс Георг Гадамер и нејзиното значење за филозофијата и за естетиката на нашето време.

## ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева, со наслов „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век“, претставува значајно истражување во областа на филозофијата, естетиката, односно филозофијата на уметноста. Ова истражување ги расветлува клучните идеи во делото на Ханс Георг Гадамер, а врз основа на спроведените анализи се потенцира темелното значење што го носи херменевтиката не само за делото на Ханс Георг Гадамер туку и за севкупната филозофија и естетика на XX век. Токму низ призмата на овие сеопфатни анализи на кандидатката, кои се однесуваат на темелниот придонес на Гадамер за филозофијата и за естетиката на XX век, се состои и клучниот научен придонес на овој труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева, со наслов „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век“, според мислењето на Комисијата за оцена на овој труд, ги исполнува потребните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Систематското изложување на местото на херменевтиката во творештвото на германскиот филозоф Ханс Георг Гадамер, но и на Гадамеровата херменевтика во рамките на естетиката на XX век, претставува траен придонес кај нас во развојот на естетиката и на филозофијата на уметноста. Згора на тоа, резултатите од овој труд ќе ѝ бидат од полза и на пошироката научна јавност, особено на онаа која непосредно е врзана за истражувањето и толкувањето на книжевноста и на уметностите. Главните научни придонеси на кандидатката во нејзиниот докторски труд се состојат во сеопфатниот аналитичко-критички пристап кон темелните идеи во рамките на современата херменевтика, при што посебно внимание, како што веќе беше кажано, се посветува на значењето и на местото на херменевтиката во творечкиот опус на германскиот филозоф Ханс Георг Гадамер. Клучниот заклучок на овој труд врзан за величината и за

специфичноста на Гадамеровата херменевтика е презентиран уште во *воведот* и тој гласи: „Таа специфичност се состои во нејзината автентичност, систематичност во изложувањето на одредени проблеми, експликативност во начинот на филозофирање, сразмерност во мисловниот тек, продуктивност во мислењето, цврсти решенија за одредени проблеми и секако, отворањето нови мисловни хоризонти – доследно херменевтички." (стр. 7) Со потврдувањето на овој заклучок, односно на појдовната хипотеза на трудот, всушност, се покажа дека Гадамеровата херменевтика „може да се примени во повеќе области (филозофија, уметност, книжевност, право и др.) и да ја одредиме како мултифункционална. Како резултат на таа широка применливост во трудот затоа се говореше, покрај естетичките, и за антрополошките аспекти" (стр. 196).

Подрачјето на примена и можните ограничувања на овој труд се состојат во следново: докторската дисертација на кандидатката м-р Сузи Тенева со наслов „Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век" ќе биде од особена важност за иследувачите на филозофијата, на филозофската херменевтика, како и на естетиката, а, веруваме, дека ќе најде примена и во рамките на теоријата на книжевноста и на теориите на поодделните уметности кај нас.

Можните понатамошни истражувања, веројатно, би се движеле во правец на континуирано следење на најновите достигнувања на авторите што создаваат во доменот на филозофската херменевтика како и на естетиката, и кај нас и во светот, но и во рамките на постојаното менување на начините на рецепција на самото дело на Ханс Георг Гадамер и на естетиката на XX и на XXI век

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати нашата позитивна оценка на овој труд и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Сузи Тенева** со наслов **Гадамеровата херменевтика во естетиката на XX век.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Димишковска,

претседател с.р.

Проф. д-р Иван Цепароски, ментор

с.р.

Проф. д-р Ристо Солунчев, член с.р.

Проф. д-р Денко Скаловски, член с.р.

Доц. д-р Марија Тодоровска, член с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ПО РУСАКИ ЈАЗИК (НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ: СЛАВИСТИКА И ПРЕВЕДУВАЊЕ) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.3.2017 година, за избор на наставник во наставно-стручно звање (наставно-научни области славистика и преведување), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-711/5, донесена на 19.4.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Максим Каранфиловски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Кита Бицевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Биљана Мирчевска-Бошева, доцент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во наставно-стручно звање (наставно-научни области славистика и преведување), во предвидениот рок се пријави м-р Екатерина Терзијоска.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Екатерина Терзијоска е родена на 14.10.1963 г., во Киевската Област, Украина. Средно образование завршила во Скопје во гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин“ во 1981 година. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на групата руски јазик и книжевност, во 1985 година. Дипломирала со просечен успех 8,9.

Кандидатката активно се служи со рускиот и украинскиот јазик.

Во учебната 2011/2012 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – наука за јазик – славистика (русистика). Студиите ги завршила со просечен успех 9,80. На 14.2.2013 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Фраземи со компоненти *црно, бело и црвено* во руското и во македонскиот јазик.

На 14.12.1987 година е избрана во звањето лектор по современ руски јазик во областа славистика (русистика).

Во моментот е виш лектор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот УКИМ бр. 1057 од 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1057, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, кандидатката м-р Екатерина Терзијоска изведува настава и вежби по Современ руски јазик на прв циклус студии на студиската програма по руски јазик и книжевност, настава и вежби по Преведување (консекутивно и симултано) од руски на македонски и од македонски на руски јазик и настава по Руски јазик - Ц.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 29 дипломски трудови.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

М-р Екатерина Терзијоска има објавено вкупно 5 научни трудови од областите славистика и преведување, 3 труда во меѓународни научни публикации и 2 труда во зборници од научни собири.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Екатерина Терзијоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Министерството за правда, во Комисијата за проверка на знаењата на кандидатите за судски преведувачи по руски јазик.

Кандидатккаta м-р Екатерина Терзијоска остварила експертски активности во МАНУ во проектот „Македонска научна и стручна терминологија“.

Стручно усовршување во странство остварувала со студиски престои во Москва на Универзитетот „Ломоносов“(3 пати).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес - има преведено раскази од Шолохов во рамките на проектот „Ѕвезди на светската книжевност“. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Катедрата и Факултетот:

- Комисија за тестирање и оцена на нивото на знаење по руски јазик; Комисија за попис на библиотечниот фонд во 2013 г.; Комисија за попис на постојни средства во 2014 и 2015 г.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидаката м-р Екатерина Терзиојска, во учебната 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Екатерина Терзијоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Екатерина Терзијоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш лектор по руски јазик (наставно-научни области: славистика и преведување).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, м-р Екатерина Терзијоска да биде избрана во звањето виш лектор по руски јазик (наставно-научни области: славистика и преведување).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Максим Каранфиловски, с.р.
2. Проф. д-р Кита Бицевска, с.р.
3. Доц. д-р Биљана Мирчевска-Бошева, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Екатерина Христо Терзијоска

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: славистика, преведување**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Современ руски јазик 7/ зимски семестар/ 2013-2014 (0+8) | 4,8 |
| | Терминологија 1/ 0+2 | 1,2 |
| | Руски јазик 3Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Усно консекутивно преведување 0+3 | 1,8 |
| | | |
| | Современ руски јазик 8/ летен семестар/ 2013/2014 (0+8) | 4,8 |
| | Терминологија 2/ 0+2 | 1,2 |
| | Усно симултано преведување 0+3 | 1,8 |
| | Руски јазик 4Ц/ 2+2 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Современ руски јазик 7/ зимски семестар/2014/2015( 0+8) | 4,8 |
| | Терминологија 1/ 0+2 | 1,2 |
| | Руски јазик 3Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Усно консекутивно преведување 0+3 | 1,8 |
| | Современ руски јазик 8/ летен семестар/ 2014/2015 (0+8) | 4,8 |
| | Терминологија 2/ 0+2 | 1,2 |
| | Руски јазик 4Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Современ руски јазик 5/ зимски семестар/ 2015/2016 (0+8) | 4,8 |
| | Практика на преведување 5/ 0+3 | 1,8 |
| | Терминологија 1/ 0+2 | 1,2 |
| | Руски јазик 3Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Руски јазик на ниво на УКИМ – Економски факултет | 2,4 |
| | Современ руски јазик 6/ летен семестар/ 2015/2016 (0+8) | 4,8 |
| | Практика на преведување 6/ 0+3 | 1,8 |
| | Терминологија 2/ 0+2 | 1,2 |
| | Руски јазик 4Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Руски јазик на ниво на УКИМ – Економски факултет | 2,4 |
| | Современ руски јазик 7/ зимски семестар/ 2016/2017 (0+8) | 4,8 |
| | Усно-консекутивно преведување/ 0+3 | 1,8 |
| | Руски јазик 3Ц/ 2+2 | 2,4 |
| | Руски јазик на ниво на УКИМ – Економски факултет | 2,4 |
| | Терминологија 1/ 0+2 | 1,2 |
| | **Вкупни бодови** | **77,2** |
| **2.** | **Консултации со студенти** | |
| | Консултации со студенти - Руски јазик 3Ц/32 студ. | 0,064 |
| | Консултации со студенти - Руски јазик 4Ц/32 студ. | 0,064 |

| | | |
|---|---|---|
| | Консултации со студенти - Руски јазик 1Ц/48 студ. | 0,096 |
| | Консултации со студенти - Руски јазик 2Ц/48 студ. | 0,096 |
| | Консултации со студенти - Руски јазик 1Ц/10 студ. | 0,02 |
| | Консултации со студенти - Руски јазик 2Ц/20 студ. | 0,04 |
| | **Вкупни бодови од консултации** | **0,38** |
| **3.** | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа (28 дипломски работи)** | |
| | **Вкупно бодови од членство во комисии за одбрана на дипломски работи** | **2,8** |
| | **Вкупно** | **80,38** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 1. | Учество на VI меѓународна руско-македонска научна конференција со реферат: „Фраземи со компонента *црвено* во руски и во македонски јазик“, одржана во Перм, Русија, 9 – 15 септември 2014 г. | 3 |
| 2. | Учество на Меѓународен стручен собир на професори по руски јазик во Виена организиран од РОССОТРУДНИЧЕСТВО, со рефератот: *НКРЯ в процессе обучения русскому языку в македонских вузах*, 27-30 октомври 2013 г. (Австрија, Виена). | 3 |
| 3. | Учество во Меѓународна македонско–руска научна конференција, со рефератот *Нијанси на белото,* Охрид, 17-19 јуни 2012. | 3 |
| 4. | Учество на Меѓународна фразеолошка конференција „Зборот збор отвора“, со рефератот *Црното грозје е пoслатко*, 29-30 октомври 2016, Филолошки факултет, Скопје. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1. | *Црнојо грозје е йослајко*, труд објавен во зборникот на Меѓународната конференција „Зборот збор отвора“, 29-30 октомври 2016, Филолошки факултет, Скопје. | 3 |
| 2. | *Нијанси на белојо*, Зборник на трудови од V меѓународна македонско – руска научна конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012 | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник трудови од научен/стручен собир** | |
| 1. | „НКРЯ в процессе обучения русскому языку в македонских вузах“, труд објавен во зборникот од Меѓународен стручен собир на професори по руски јазик во Виена организиран од РОССОТРУДНИЧЕСТВО, 27-30 октомври 2013 г. (Австрија, Виена), во коавторство со д-р Биљана Мирчевска – Бошева. | 1,8 |
| 2. | *Славистика XV,* Белград, 2011 – приказ 15-16 двоброј на Славистички студии, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2013 | 2 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 1. | Учество во национален научен проект: „Паралелни фразеолошки корпуси“, 2016, Филолошки факултет, Скопје | 3 |
| 2. | Учество во национален проект: Терминолошки речници, МАНУ | 3 |
| 3. | Учество во проектот финансиран од програмата ТЕМПУС:<br><br>Т. Гочкова-Стојановска, И. Пановса-Димкова, *Божилак* – учебник по македонски јазик за странци – почетно рамниште (превод на упатства за вежби од македонски јазик на руски јазик), Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 | 2 |
| | **Вкупно бодови од научноистражувачка дејност** | **29,8** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во работа на комисии за државни натпревари** | |
| | Меѓународен натпревар по руски јазик во Москва,2014 г. | 1 |
| | Државна олимпијада по руски јазик за основни и средни училишта во РМакедонија за 2014 г. | 1 |
| | Државна олимпијада по руски јазик за основни и средни училишта во РМакедонија за 2015 г. | 1 |
| | Државна олимпијада по руски јазик за основни и средни училишта во РМакедонија за 2016 г. | 1 |
| | **Вкупно бодови од учество во работа на комисии за државни натпревари** | **4** |
| | | |
| **2.** | **Преводи** | |
| | *Човековата судбина и други раскази,* Михаил Шолохов, Проект финансиран од Владата на Р. Македонија „Ѕвезди на светската книжевност“, превод од руски на македонски јазик, 244 стр. (Макавеј, Скопје, 2014 г.). | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Проектот *Македонија вечна* (6 брошури со наслови *„Допир“, „Инстинкт“, „Мирис“, „Звук“, „Поглед“, „Вкус“,* превод од македонски на руски јазик (Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Р Македонија, Скопје, 2014. | 6 |
| | **Вкупно бодови од преводи** | **9** |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот - „Ден на отворени врати“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (2014, 2015, 2016) | 3 |
| | **Вкупно бодови од учество во промотивни активности** | **3** |
| **3** | **Предавање во Рускиот културно–информативен центар при УКИМ** | |
| | Покрстување на Русија, 19.2.2016 | 0,5 |
| | Масленица – празникот на сонцето и на палачинките, 11.3.2016 | 0,5 |
| | Велигден во Русија, 22.4.2016 | 0,5 |
| | | |
| | **Вкупно бодови од предавања во Рускиот центар при УКИМ** | **1,5** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **Учество во комисии и тела на државни и други тела** | | |
| 1. | Член на Комисија за проверка и оценка на знаење за судски преведувачи при Министерството за правда (8 сесии) | 4 |
| 2. | Член на факултетска Комисија за тестирање и оцена на нивото знаење по руски јазик | 0,5 |
| 3. | Член на организационен одбор на научен собир на VII македонско-руска, VII македонско-чешка и X македонско-полска конференција | 0,5 |
| 1. Член на комисија за попис на библиотечниот фонд/2013 г. | | 0,5 |
| 2. | Член на Комисија за попис на постојни средства /2014 г. | 0,5 |
| 3. | Член на Комисија за попис на постојни средства /2015 г. | 0,5 |
| 4. | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд/2016 г. | 0,5 |
| | **Вкупно бодови од дејности од поширок интерес** | 7 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно бодови од стручно-апликативна дејност** | **24,5** |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **80,38** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **29,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **24,5** |
| **Вкупно** | **134,68** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Максим Каранфиловски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Кита Бицевска, член, с.р.
3. Доц. д-р Биљана Мирчевска-Бошева, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ИМПЛИЦИТНО ПОУЧУВАЊЕ НА ГРАМАТИКАТА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ЗА ОБРАБОТКА НА ИНПУТ“ ОД М-Р ВЕСНА КОЦЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата десетта редовна седница одржана на 17.5.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Коцева, со наслов „Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут“, во состав: проф. д-р Радица Никодиновска (ментор), проф. д-р Мира Трајкова, проф. д-р Александра Саржоска, проф. д-р Емина Авдиќ и проф. д-р Нина Даскаловска.

По разгледувањето на поднесената докторска дисертација „Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут“ на м-р Весна Коцева, Рецензентската комисија има чест, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Извештај од системот за проверка на плагијати**

Во согласност со член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност (Службен весник бр. 80/2012), менторот на овој докторски труд, на 31.5.2017, го внесе текстот на овој труд во базата на докторски трудови на системот за плагијати на Министерството за образование и наука на Р Македонија и на 31.5. 2017 доби Извештај според кој докторската дисертација не покажува елементи на плагијат, односно во неа се среќаваат одделни зборови (5.52%) кои се совпаѓаат со термини од неколку други текстови. Според тоа, Рецензентската комисија ја подготви својата рецензија и го препрати добиениот извештај до Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Коцева, со наслов „Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут“, содржи 314 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, со големина на букви 12, со 34 фусноти, со 310 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги итн.

Трудот е структуриран на следниов начин: Вовед (стр. 7-12), Прва глава: *Хронолошки преглед на застапеноста на граматиката во методите во наставата по*

*странски јазик* (стр. 13-47), Втора глава: *Преглед на теориите за усвојување и/или учење на граматиката на странскиот јазик* (стр. 48-85), Трета глава: *Експлицитно и имплицитно учење на странскиот јазик* (стр. 86-107), Четврта глава: *Настава по граматика заснована врз обработка на инпут* (стр.119-161), Петта глава: *Емпириско истражување* (164-211), Заклучок (стр. 212-223), Библиографија (стр. 223-245) и Анекс (стр. 246-341), во кој се приложени анкетниот прашалник и табеларниот приказ на резултатите што произлегуваат од него. Во тој дел се приложени и активностите кои се користени на часовите по италијански јазик, како и тестовите врз чија основа се добиени резултатите. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, м-р Весна Коцева ги изложува предметот и целите на истражувањето, општата хипотеза и структурата на трудот. Кандидатката дава образложение за актуелноста на проблематиката, укажувајќи на тоа дека голем дел од наставните материјали кои и денес се применуваат во наставата по странски јазик изобилуваат со активности насочени кон продукција на целната форма, а учениците изработуваат низа вежби без да го разберат значењето. За надминување на таа состојба, кандидатката спроведува истражување чија цел е да се утврди ефикасноста на поучувањето граматика со обработка на инпут на часовите по италијански јазик во рамките на образовниот систем во Република Македонија, односно да се утврдат предностите на имплицитното поучување на граматиката на италијанскиот јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут во однос на експлицитната настава по граматика.

Општата хипотеза врз која се темелат истражувањата за докторската дисертација е дека постои значителна разлика во способноста за разбирање и продукција на целните граматички структури меѓу учениците кои следат имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут и учениците кои следат експлицитна настава по граматика на часовите по италијански јазик. Покрај општата хипотеза, кандидатката си поставува шест помошни хипотези кои одговараат на истражувачките задачи.

Во **првата глава,** насловена „Хронолошки преглед на застапеноста на граматиката во методите во наставата по странски јазик“, се објаснуваат поимите *пристап, метод* и *техника,* се поместени размислувањата на бројни лингвисти во однос на поучувањето на граматиката и на нејзиното значење. Во продолжение, од хронолошки аспект, се разгледуваат поважните методи за учење на странските јазици, како и односот на истражувачите кон оваа проблематика, односно начинот на кој тие предлагаат да се поучува граматиката на странскиот јазик.

**Втората глава** од докторската дисертација, насловена „Преглед на теориите за усвојување и/или учење на граматиката на странскиот јазик“, е посветена токму на теориите за усвојување и/ или учење на граматиката на странскиот јазик. По објаснувањето на разликата меѓу термините *мајчин јазик, странски јазик, втор јазик* и *меѓујазик*, Коцева го согледува различното толкување на термините *учење* и *усвојување* на јазикот преку психолошките и лингвистичките правци кои ги идентификуваат и ги дефинираат овие термини. Таа прави осврт на ставовите на голем број лингвисти кои се занимаваат со таа проблематика, меѓу кои ги издвојуваме: Крешен и Терел, Рикучи, Радрфорд и Смит, Грин и Хеч, Селче Мурџија, Шмит, Ховат и Видоусон, Линберг, Озбел, Чомски, Браун, Риверс и др. Во оваа глава, кандидатката посветува посебно внимание на теоријата на Крешен за усвојувањето и учењето на јазикот, односно прави детален опис на хипотезите врз чија основа Крешен ги воспоставува принципите

на усвојување на странскиот јазик но и на критичките интерпретации на Крешеновата теорија.

Во **третата** глава, насловена „Експлицитно и имплицитно учење на странскиот јазик“, кандидатката се фокусира на објаснувањето на разликата меѓу имплицитното и експлицитното знаење, на нивната поврзаност како и на видовите на експлицитна и имплицитна настава. Во оваа глава, Коцева се осврнува и на бројните истражувањата кои се спроведени во оваа област, како и на ставовите на лингвистите во врска со оваа тема. Една од најчестите дилеми во методиката на наставата по странски јазик е дали граматиката треба да се предава на експлицитен или на имплицитен начин и дали возрасните можат да научат еден јазик преку примена на истите имплицитни механизми кои ги користи детето за да го научи мајчиниот јазик. Оваа дилема се надоврзува на повеќе прашања за кои дебатираат и научниците од областа на когнитивната психологија и на применетата лингвистика, како на пр: „Дали Јазик 2 (Ј2) може да се научи имплицитно?“; „Колку е неопходно експлицитното знаење за усвојување на Ј2?“; „Каква е врската меѓу експлицитното и имплицитното знаење на Ј2?“; „Како може наставата најдобро да помогне во усвојувањето на Ј2?“; „Улогата на свесноста во експлицитното и имплицитното учење“ итн.

Во **четвртата глава**, под наслов „Настава по граматика заснована врз обработка на инпут“, проблемот зададен во насловот на дисертацијава, теориски се проучува преку селектирање на најзначајните дефиниции и хронолошки се разгледува употребата и дефинирањето на термините *инпут, интејк* и *аутпут*. Во оваа глава, кандидатката детално се осврнува на теоријата за обработка на инпут на Ван Патен и на неговиот пристап за поучување граматика на странски јазик, која претставува теориска основа врз која м-р Коцева го прави истражувањето. Оваа глава ја завршува со дискусија за улогата на активностите со структуриран инпут и за експлицитните објаснувања во поучувањето граматика со обработка на инпут.

**Петтата глава**, која носи наслов „Емпириско истражување“, е посветена на методологијата која е применета во истражувањата за потребите на оваа дисертација, на текот на истражувањата и на анализата на добиените резултати. Кандидатката прво ја опишува истражувачката постапка која ја применува, ги претставува методите, техниките и инструментите на истражување, како и целите и задачите на истражувањето, истражувачките прашања и хипотезите на истражувањето. Накусо ја претставува структурата на емпириското истражување и неговото значење, а потоа преминува кон детално опишување на спроведените истражувања и кон толкување на добиените резултати.

**Пред да започне со експерименталното истражување, со цел да добие поголем број примероци за анализа, м-р Коцева спроведува Анкета за воведното истражување во кое се опфатени 224 студенти запишани во прв семестар на студиските групи по странски јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и студенти од нематичните факултети кои изучуваат италијански јазик како изборен предмет во рамките на нивните студиски програми, во текот на академската 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016 година.**

Во првото истражување се опфатени 38 студенти од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во второто истражување 28 ученици од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип, додека третото истражување

е спроведено во рамките на основното образование, односно во ОУ „Димитар Влахов" – Штип и ОУ „Гоце Делчев – Штип, со 32 ученици.

По формулирањето на целите, кандидатката ги изведува следниве истражувачки задачи:

- да се утврди дали имплицитната настава по граматика на часовите по италијански јазик придонесува за подобрување на способноста за разбирање на целната граматичка структура;
- да се испита дали имплицитната настава по граматика на часовите по италијански јазик придонесува за подобрување на способноста за продукција на целната граматичка структура;
- да се испитаат ставовите на учениците во врска со наставата по граматика на одреден странски јазик во рамките на образовниот процес.

М-р Весна Коцева ги спроведува експерименталните истражувања со цел да добие одговор на следниве истражувачки прашања:

- Дали учениците кои следат имплицитно поучување на граматиката на часовите по италијански јазик ќе постигнат подобар успех на тестот за разбирање на целните граматички структури од учениците кои се изложени на експлицитна настава?
- Дали учениците кои следат имплицитно поучување на граматиката на часовите по италијански јазик ќе постигнат подобар успех на тестот за продукцијата на целните граматички структури од учениците кои се изложени на експлицитна настава?
- Дали постигнатиот успех на тестот за разбирање и на тестот за продукција ќе се задржи и по еден месец од спроведувањето на наставата?
- Дали има значителна разлика во постигнатиот успех на тестовите за разбирање и за продукција на целните граматички структури меѓу учениците кои следат имплицитно, односно експлицитно поучување на граматиката на часовите по италијански јазик?
- Како се поучува граматиката на часовите по странски јазик во образовните институции во Република Македонија?

Во **<u>заклучокот</u>** на докторската дисертација, кандидатката дава заклучни согледувања и ги изложува резултатите од спроведените истражувања. По завршувањето на четирите етапи од емпириското истражување, повикувајќи се на добиените резултати, кандидатката ја потврдува општата хипотеза врз која се темелеа истражувањата за оваа докторска дисертација, односно утврди дека постои значителна разлика во способноста за разбирање и продукција на целните граматички структури меѓу учениците кои следеле имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут и учениците кои следеле експлицитна настава по граматика на часовите по италијански јазик.

Покрај општата хипотеза, врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека се потврдени и преостанатите шест хипотези.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на докторската дисертација е имплицитното поучување на граматиката на италијанскиот јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут и експериментално утврдување на разликата во постигнатиот успех помеѓу експлицитната и имплицитната настава по граматика на часовите по италијански јазик како странски.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Една од најчестите дилеми во методиката на наставата по странски јазик е дали граматиката треба да се предава на експлицитен или на имплицитен начин и дали возрасните можат да научат еден јазик преку примена на истите имплицитни механизми кои ги користи детето за да го научи мајчиниот јазик.

Постојат бројни студии посветени на оваа проблематика на која дебатираат, меѓу другите, и научниците од областа на когнитивната психологија и на применетата лингвистика, но сè уште нема општоприфатен заклучок во врска со ефикасноста на експлицитната и имплицитната настава по граматика.

М-р Весна Коцева се залага за поучување на граматиката на странскиот јазик со обработка на инпут во рамките на комуникативните наставни програми. Поучувањето граматика со обработка на инпут е еден вид на интервенција која цели кон промена на стратегиите за обработка на инпутот кои ги користат учениците, а со тоа се овозможува точно поврзување на формата и значењето во инпутот. Тргнувајќи од оваа почетна идеја, м-р Коцева врши истражувања со цел да се утврдат предностите на имплицитното поучување на граматиката на италијанскиот јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут во однос на експлицитната настава по граматика.

**Краток опис на применетите методи**

Во оваа дисертација, кандидатката применува комбинирана истражувачка методологија, односно квалитативен и квантитативен метод на истражување.

Кога станува збор за истражувачките прашања и за планот за работа, применети се аспекти од квантитативниот метод со поставување на хипотезите пред почетокот на истражувањето, а самото истражување може да се смета, исто така, за квантитативно од аспект на времетраењето на истражувањето, видот на податоците и инструментите, односно за релативно краток период со употреба на анкетен прашалник и тестови како инструменти добиени се нумерички, мерливи податоци. Во опишувањето на резултатите од анкетирањето, кандидатката применува холистички пристап, толкување и категоризација на резултатите, а, исто така, користи и статистичка анализа во согласност со квантитативниот метод.

Во дел од трудот се применува метод на теориска анализа со цел да се оформи теориската рамка на истражувањето која одговара на самиот предмет на истражување, но и на хипотезите на емпириското истражување.

Во толкувањето на ставовите на студентите во врска со наставата по граматика, како и во презентирањето на резултатите од експерименталните истражувања, кандидатката го применува и дескриптивниот метод.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Спроведените истражувања за потребите на оваа дисертација имаат теориско, општествено и практично значење.

**Теориското значење** на оваа дисертација се состои во прецизното определување на поимите *имплицитно/ експлицитно учење/ настава,* во утврдувањето на карактеристиките на имплицитното поучување на граматиката на одреден странски јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут, како и во укажувањето и потенцирањето на важноста на имплицитното поучување на граматиката на одреден странски јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут како еден успешен пристап во поучувањето граматика на некој странски јазик.

**Општественото значење** на оваа дисертација се согледува во можноста да се промени и да се подобри наставата по граматика на странски јазик, имајќи ги предвид резултатите од спроведените истражувања.

**Практичното значењ**е на дисертацијата се состои во тоа што се даваат предлози за промени во начинот на изведување на наставата по странски јазик со цел таа да се унапреди и да стане поефикасна. Практичната цел на истражувањата се состои во следното: врз основа на добиените резултати да се укаже на значењето на имплицитното поучување на граматиката на Ј2, како и да се дадат одредени препораки за наставниците за имплементација на активности за имплицитно поучување на граматиката на Ј2 во институционален контекст кои се однесуваат на креирање на посебен наставен план и програма за настава по граматика на Ј2.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Коцева, со наслов „Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут“, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд. Таа претставува значајно истражување во областа на методиката на наставата по странски јазик и дава сериозен осврт на проучуваната проблематика.

Главни научни придонеси на кандидатката се следниве: утврдување на карактеристиките на имплицитното поучување на граматиката на одреден странски јазик преку имплементација на активности за обработка на инпут, како и укажување на важноста од тоа поучување преку имплементација на активности за обработка на инпут како успешен пристап во поучувањето граматика на некој странски јазик.

Подрачје на примена и ограничувањата се: резултатите од докторската дисертација можат да најдат примена во наставата по странски јазици воопшто, како за студентите на наставните насоки, така и за наставниците по сите странски јазици на сите нивоа во образовниот систем на Р Македонија. Од особена важност е за идните автори на наставни програми за странски јазици.

Можни понатамошни истражувања се: примената на компјутерите во имплицитното поучување на граматиката на одреден странски јазик, односно да се истражува дали поучувањето граматика со обработка на инпут може лесно да се применува со помош на интерактивни мултимедијални материјали, имајќи предвид дека надвор од нашата држава некои истражувачи веќе започнаа да ги инкорпорираат активностите со структуриран инпут во мултимедијални публикации.

Со оглед на наведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Коцева, со наслов „Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут“.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Радица Никодиновска, редовен професор, с.р.

Д-р Мира Трајкова, редовен професор, с.р.

Д-р Александра Саржоска, редовен професор, с.р.

Д-р Емина Авдиќ, вонреден професор, с.р.

Д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, с.р.

# ПРЕГЛЕД

## НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА УКИМ -ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ СО ОДЛУКА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ДОНЕСЕНА НА СЕДНИЦАТА ОДРЖАНА НА ДЕН 15.06.2017 ГОДИНА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Дипл.шум.инж. ЈОВАНКА СТАНЧИЌ | „Анализа на состојбата на плантажите од брзорастежниот дрвен вид ( Paulownia elongata S.Y.Hu) на различни локалитети во Република Македонија“ | „Analyses of condition with plantations of fast growing tree species(Paulownia elongata S.Y.Hu)on different locations in the Republic of Macedonia“ | Вонр.проф. д-р ВЛАТКО АНДОНОВСКИ | Бр.02-423/7 од 15.6.2017 година |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 13.6.2017 година, нѐ именува за членови на Рецензентската комисија (Одлука бр. 02-240/2 од 16.6.2017 година) по пријавата на проф. д-р Драгица Поповска, виш научен соработник во ИНИ, за избор во научно звање - научен советник – редовен професор. Комисијата во состав: проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска и проф. д-р Драги Ѓорѓиев, по разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, има чест до Советот на Институтот за национална историја да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Проф. д-р Драгица Поповска е родена на 23.5.1970 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во родниот град, а дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за етнологија и антропологија во 1993 година. Магистерските студии ги завршила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за етнологија и антропологија, во2006 година, на тема: „Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса“. Во 2010 година ја одбранила докторската тема „Култната функција на каменот во религиите во Македонија“, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за национална историја.

Во Институтот за национална историја–Скопје се вработила во 2010 година, како асистент-истражувач, каде што во 2011 година се здобила со звањето научен соработник/доцент, а во 2014 година со звањето виш научен соработник/вонреден професор.

Нејзини области на научен интерес и истражување се етнографијата на Македонија, митологијата и фолклорната традиција, социокултурната антрополо-гија, историјата на културата, интеретничките и интеррелигиозните односи.

Во периодот од последниот избор до денес, проф. д-р Драгица Поповска е автор на две монографии, од кои првата е насловена како *Споменикот, меморијата и идентитетот* (Институт за национална историја, Скопје, 2015) и се занимава со истражување на меѓусебната интеракција на меморијата и идентитетот, со фокус на споменикот „Воин на коњ“, нудејќи увид во процесите на обликувањето на националниот идентитет и историскиот наратив во Македонија. Втората монографија (*Свети места во Република Македонија – споделена вредност на различни етнички заедници и религиозни традиции*, Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи, Скопје, 2017) е посветена на македонските свети места, разгледувани како културно наследство, во кое различните култури депонираат и пребаруваат информации настанати од искуството на живеењето на овој простор. Се јавува како автор и во дел од монографија објавена во странство (*“Macedonian Sacred Stone Sites as Pilgrimage and Tourist Attraction”,* Chapter 4, in: Pilgrimage and Sacred Places in Southeast Europe: History, Religious Tourism and Contemporary Trends, (Mario Katic, Tomislav Klarin, Mike McDonald /eds./), Volume 14 of Studies on South East Europe, Lit Verlag Münster, 2014, 65-77). Во овој труд таа се занимава со македонските свети камења како места на поклонништво и како туристичка атракција.

Проф. д-р Драгица Поповска учествувала и во реализацијата на проекти, како раководител на два проекта на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи/Министерство за култура на РМ: истражувачки проект „Свети места во Република Македонија – споделена вредност на различни културни и религиозни традиции“ (2014) и проектот во рамките на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, со цел изработка на музејско-документарен филм на истата тематика (2016).

Проф. д-р Драгица Поповска со своите реферати има настапено со реферати на голем број меѓународната научни собири во Македонија и во странство. Во 2014 година настапила на *19th Biennial Conference on Balkan and South Slavic Linguistics, Literature, and Folklore,* организирана од The Center for East European and Russian/Eurasian Studies (CEERES) at the University of Chicago, Chicago, IL, U.S.A., со трудот “Macedonian Sacred

Places as a Shared Value of Different Religious Tradition”; на Меѓународната научна конференција „За љубовта“, организирана од Здружението за компаративна книжевност на Македонија и Здружението на класични филолози „Антика“, во Скопје, со трудот „Спортот и патриотизмот:врз примерот на македонската кошаркарска репрезентација на Европското првенство 2011“; како и на Меѓународната научна конференција „Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство“, во организација на Македонското етнолошко друштво, со трудот „Каде е Змијарникот? Интерпретација и репрезентација на културното наследство на с. Орман, Скопско“; на Меѓународната научна конференција „Балканскиот фолклор низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања“, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, со трудот „’Просторот’ и неговата перцепција во ромската култура: редефинирање низ времето“. Во текот на 2015 година кандидатката настапила на Научната конференција на тема: *Фолклорни теории и современи пракси*, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, со рефератот „Фолклорните наративи:продукт на динамичката релација општество-традиција-поединци“; на Меѓународната конференција во Скопје, организирана од Институтот за национална историја и Јегјелоњскиот универзитет во Краков *Македонија – Полска: историја, јазик, култура*, со рефератот „Скопје и Варшава: репрезентација на историја, симболи и идентитет“; на Интернационалната интердисциплинарна конференција во Задар (Р Хрватска), организирана од Department of Geography and Department of Ethnology and Cultural Anthropology, University of Zadar, Scientific Research Center of the Slovenian Academy of Sciences and Arts, Ljubljana, University of Roehampton, London, and Anthropology Department/Climate Change Institute, University of Maine, на тема: *Movements, Narratives and Landscapes*, со рефератот “Sacred fairy Places – Changes and Development over Time”; на Научната конференција *„Македонците муслимани во историски и современ контекст“,* во организација на МАНУ, ИНИ, Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи (со рефератот „Антрополошки перспективи на етничкиот и религиозниот идентитет:врз примерот на Македонците со муслиманска вероисповед“). Во следната

2016 година настапила на Меѓународната научна конференција „Филологија, култура и образовани - Филко“, во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ –во Штип, и „Воронешки државен универзитет–Русија, со рефератот „Русија во симболичко-меморијалните инскрипции во македонскиот урбан простор“; на Меѓународната научна конференција “Tož samość i samoidentyfikacija balkań skich narodȯ w, mniejszosci etnicznych i religijnych rozpadzie Jugoslawii. Historia-polityka-kultura-jezyk-media”, организирана од Јегјелоњскиот универзитет во Краков (Полска), со рефератот: „Евреите во Македонија преку симболичните репрезентации на идентитет и историја во јавниот простор“; на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог во Битола: “Миграцијата и предизвикот на интеграцијата преку дијалог помеѓу религиите и културите“, организирана од Министерството за култура на РМ и Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во Македонија, со темата „Култура и миграција“; како и на Меѓународната научна конференција во Скопје „Критика и молк: читање на македонската литература и култура“, организирана од Институтот за македонска литература, со рефератот „Општествени вредности: аспекти на појавност, трансмисија и конфликт“.

Во периодот 22 април – 4 мај 2014 година, проф. д-р Драгица Поповска остварила и престој на Универзитетот во Чикаго (САД).

Научноистражувачката дејност на проф. д-р Драгица Поповска во периодот од последното научно звање резултирала и со објавување на повеќе научни трудови во разни научни списанија и други публикации во Македонија и во странство. Трудот *„The Stone Tekija as a Cultic Place for the Cure of Infertility and the Prevention of Various Diseases: Exploring Macedonian Folk Medicine“ (*Health, Culture and the Human Body: Epidemiology, Ethics and History of Medicine, Perspectives from Turkey and Central Europe, (eds. Ílhan Ílkiliç, Hakan Ertin, Rainer Brömer, Hajo Zeeb), Hayat Foundation for Health and Social Services, Betim Center Press, Istanbul 2014, 379-393) се занимава со македонската народна медицина, со посебен фокус на лекувањето со помош на т.н. свети камења. Во трудот, пак, *Музејот на холокаустот во Скопје: место на сеќавање* (Историја, Здружение на историчарите на РМ, год. XLIX, бр.1, Скопје, 2014, стр. 281-

290), фокусот на интерес е Музејот и меморијален центар на Холокаустот во Скопје, разгледуван како *место на сеќавање*. Нематеријалните вредности како составен сегмент на материјалното наследство, кое се доживува како свето и начинот на кој тие се дефинирани преку колективни приказни, верувања и практики се тема на трудот *Нематеријалното културно наследство и светите места* (Македонски фолклор, Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, год. XXXVI, бр. 69., Скопје 2014, стр. 131-146). Во својот труд „*Етноними и етничка идентификација на ромското население во Македонија*" (Филолошки студии /2014, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб http://philologicalstudies.org/dokumenti/2014) ги анализира етнонимите и етничката идентификација на ромското население во Македонија. Во трудот *Споменичните обележја поврзани со Втората светска војна во Македонија: идеолошка наративизација (*Материјали од меѓународна научна конференција Балканот: луѓе, војни и мир, Скопје, 4-5 ноември, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Институт за национална историја, Скопје, 2015, 253-265), посебен предмет на интерес на проф. д-р Поповска се споменичните обележја од Втората светска војна подигнати на територијата на Македонија, а разгледувани како *места на сеќавање*. Научниот труд, пак, *Просторот и неговата перцепција во ромската култура: редефинирање низ времето* („Балканскиот фолклор низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања", Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 2015, 249-259) ги истражува прашањата кои произлегуваат од процесот на концептуализација на просторот, негова евалуација и редефинирање во светлината на променливите општествени процеси, преку релацијата: место-луѓе. Трудот *Креација и трансформација на свети простори: врз примерот со самовилските места* (Филолошки студии /2015, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб http://philologicalstudies.org/dokumenti/2015) се фокусира на македонските свети места идентификувани како самовилски и нивната трансформација низ времето, како во поглед на нивната надворешност, така и во поглед на „вградените" културни вредности. Интересот на кандидатката за прашањата околу македонската заедница со муслиманска вероисповед доаѓа до израз и во нејзиниот научен труд

*Антрополошки перспективи на етничкиот и религискиот идентитет: врз примерот со Македонците со муслиманска вероисповед* (Зборник од научен собир: Македонците со исламска религија во историски и современ контекст, МАНУ, 29 јуни 2015, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2016, 137-141). Додека, пак, темата *Симболика крви у обредној пракси и веровањима везаним за свето камење* (Крв, књижевност и култура (ур. Мирјана Детелић, Лидија Делић), Балканолошки Институт САНУ, Београд, 2016, 255-265) го проучува симболичното значење на крвта во рамките на верувањата и практиките поврзани со светите места. Главниот фокус на интерес на трудот *Скопје и Варшава: репрезентација на историја, симболи и идентитет* (Гласник на Институт за национална историја, год. 60, бр, 2, Скопје, 2016, 67-74) се главните градови Скопје и Варшава, претставите од минатото и јавната манифестација на колективната/општествената меморија. Симболичко-меморијалните инскрипции во урбаниот простор се тема на интерес на кандидатката во трудот *Russia in symbolic – memorial inscriptions in Macedonian urban space* (Филолошки студии, 2016/2, 119-128, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб http://philologicalstudies.org/dokumenti/2016), додека односот спорт–патриотизам, разгледуван врз примерот на македонската кошаркарска репрезентација на Европското првенство 2011, е тема на трудот *Спортот и патриотизмот: врз примерот на македонската кошаркарска репрезентација на европското првенство во 2011* (Историја, Здружение на историчарите на РМ, год. L/LI, бр.1, Скопје, 2015/2016, стр. 401-412).

Автор е на приказот *19 Биенална конференција на балканска и јужно-словенска лингвистика, литература и фолклор,Универзитет во Чикаго, Илиноис, САД, Април 25-27, 2014* (Филолошки студии /2014, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб: Internet:http://philologicalstudies.org/dokumenti/2014/recenzii), како и на две сценарија за филм: *Обичаи, верувања и културни карактеристики на Македонците во Егејскиот дел на Македонија*, Македонска радио-телевизија (2015) и *Свети места во Република Македонија - заедничка вредност на различни етнички заедници и религиозни традиции* – Текија (2016).

Таа е и главен уредник на списанието „Историја“ за 2017 година, како и член на редакцискиот одбор на Зборникот *„Македонија – Полска: историја, култура, јазик, литература, медиуми“* (редакција: Д. Ѓорѓиев, Б. Ристовска – Јосифовска, М. Кавка, Д. Поповска, Институт за национална историја, Скопје, 2015), како и во Организацискиот одбор на Македонско-полската меѓународна конференција, одржана во Скопје (26 и 27 мај 2015). Исто така, била вклучена како рецензент во оценката на повеќе научни трудови и статии во разни публикации.

Во 2016 година одржала предавање на Меѓународниот семинар за наставници од Западен Балкан „Историјата на Евреите на Балканот и дигиталното раскажување приказни“ (во организација на „Centropa“, во Музејот на холокаустот во Скопје, на тема *Антисемитизмот и антиеврејските закони*).

Таа била промотор и на неколку книги: „Потеклото на нациите “ на Ентони Смит, „Арс Студио“ (2016), „Христијанството во западна Европа 1100 – 1500 година“, ур. Мири Рубин и Валтер Симонг, Универзитет Кембриџ, „Арс Студио“ (2016), „Југословенска Македонија 1918-1941. Граничен регион меѓу репресија и интеграција“ на Нада Бошковска, „Арс Студио“ (2016) и „Неостварлив компромис: Југославија во меѓувоениот период“ на Дејан Ѓокиќ, „Арс Студио“ (2016).

Покрај научноистражувачка дејност, проф. д-р Драгица Поповска учествува и во реализација на докторските студии на студиската програма Културна историја на Македонија при Институтот за национална историја, при што го подготвила предметот Споменичката култура на Македонија, а во вториот циклус учествувала во подготовката на предметот за втор циклус при ИНИ -Извори на културна историја.

Проф. д-р Драгица Поповска е ментор на кандидатот м-р Јован Јоновски за докторската дисертација „Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата на Македонија“ на студиската програма Културна историја на Македонија при ИНИ. Член е и на повеќе комисии за оцена на подобност на тема (м-р Наташа Диденко, „Развојот и дејноста на музичките културно-уметнички организации и манифестации во Македонија“, м-р Александар Атанасовски, „Улогата на архепископот охридски и македонски Доситеј во возобновувањето на Охридската

архиепископија во лицето на МПЦ“, и м-р Јован Јоновски, „Сонцето и лавот како симболи во македонската хералдика и вексилологија“).

Таа е активно вклучена и во две комисии за одбрани на магистерски и докторски теми на Институтот за национална историја: м-р Љубен Пауновски, „Уметничкиот одговор на егзистенцијалните парадокси: примери од историјата на современото македонско сликарство“ и Сунчица Веселиновска, „Документарниот филм како медиум во градење на идентитетот“.

Земајќи го предвид наведеното, како и податоците дадени во прилогот на овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека проф. д-р Драгица Поповска во целост ги исполнува условите за предвремен избор во научното звање виш научен соработник – вонреден професор, пропишани со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен извор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја. Преку споредба на доставените документации меѓу двата избора, како Комисија утврдивме дека не постои преклопување на приложените референци.

Затоа, имаме чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме кандидатката проф. д-р Драгица Поповска предвремено да биде избрана во научното звање научен советник – редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска с.р.
2. Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска с.р.
3. Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Драгица Поповска

Институција: Институт за национална историја

Научна област: Историја

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ)

НАСТАВНОНАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)

СТРУЧНОАПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија | 16 |
| 2. | Дел на монографија | 6 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународна редакција | 36 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен со меѓународна редакција | 6 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир | 6 |
| 7. | Труд во научно списание кое критички презентира историски материјал / документ | 2 |
| 8. | Сценарио за документарна / стручна ТВ- емисија | 4 |
| 9. | Предавање одржано на официјална покана на научна и образовна институција | 2 |
| 10. | Рецензент на научен труд / статија | 9 |
| 11. | Учество на меѓународен научен собир со реферат | 19,5 |
| 12. | Раководител на научен проект | 8 |
| 13. | Член на организациски одбор на меѓународен научен собир | 1 |
| 14. | Уредник на научно списание СЦИ / ЦА / друго | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно списание СЦИ / ЦА / друго | 2 |
| 16. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа | 0,5 |
| 17. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 1 |
| 18. | Член на комисија за подобност на тема и кандидат за докторат | 3 |
| 19. | Научноистражувачки престој, архивско / теренско истражување | 4 |
| 20. | Подготовка на нов предмет на II и III степен студии | 2 |
| 21. | Промотор на монографија | 2 |
| 22. | Менторска настава за трет циклус | 2 |
| Вкупно: | | 143 |

Рецензентска комисија

1.Проф. д-р Билјана Ристовска- Јосифовска с.р.

2.Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска с.р.

3.Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

# ПРЕГЛЕД

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Магистерски трудови

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ваљон Садики | Понуда и побарувачка на работна сила во Полошкиот регион | Offer and demand of workforce in the Polog region | Проф.д-р Јорде Јаќимовски | 02-760/9 од 6.6.2017 |
| 2. | Ивана Најдоска | Улогата на истражувањето на јавно мислење пред и за време на избори | The Role of Public Opinion Research Before and After Elections | доц.д-р Бојана Наумовска | 02-760/20 од 6.6.2017 |